Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 319 3 април 2023 година

април 2023 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област 604 наука за јазик, 64004 англистика, 64012 компаративна лингвистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно–научната област информатика и информациони системи и мрежи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна и уметничка област пијано и сонологија на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација под наслов „Дефинирање на мрежа на геомагнетни станици на територијата на република косово“, изработена од м-р Беким Селими, пријавена на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 69

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Менаџирање на односите со клиентите како основа за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании” од м-р Душко Коцев, пријавена на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 73

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Менторство и туторство“ од проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 83

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Туристичка валоризација и развој: избрани теми“ (е-учебник) од проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Билјана Петревска, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата ........ 90

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (СПОРТ, ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ, РЕКРЕАЦИЈА, КИНЕЗИТЕРАПИЈА, ДРУГО) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602 – 38/7 од 26.1.2023 година, донесена на 180. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 26.1.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научната област *применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго)* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 21.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Билјана Попеска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Билјана Попеска е родена на 24.10.1981 година во Велес, Република Северна Македонија. Основното образование го завршува во Свети Николе во ОУ „Кирил и Методиј“. Првите две години од средното гимназиско образование ги завршува во СОУ „Кочо Рацин“ во Свети Николе. Искажувајќи ги своите афинитети кон спортот и физичката активност, следните две години од своето школување ги продолжува во средното фискултурно училиште „Методи Митевски-Брицо” во Скопје. Основното и средното образование ги завршува со континуиран одличен успех.

Во 2000 година се запишува на Факултетот за физичка култура во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на насоката Физичко воспитание. Студиите ги завршува во 2004 година со просечен успех 9.58, стекнувајќи се звање дипломиран професор по физичка култура и наградата „Најдобар студент во генерацијата 2000/2004 година“. Паралелно со студиите на Факултетот за физичка култура, во 2003 година ги започнува студиите на Филозофскиот факултет, Институт за Педагогија. Истите ги завршува во 2007 година со просечен успех 9.10, стекнувајќи се со академско звање – дипломиран педагог.

Магистерските студии ги завршува во 2009 година на Факултетот за физичка култура во Скопје со просечна оценка 9.66. Магистерскиот труд со наслов „Утврдување и компарирање на латентната структура на моторичкиот простор кај деца од 6 и 7-годишна возраст“ успешно го брани на 27.4.2009 година со што се здобива со научен степен магистер на науки од областа на кинезиологијата.

На истиот факултет, Факултет за физичка култура, кандидатката ја продолжува својата едукација и на третиот циклус на студии. Истите ги завршува со одбрана на докторската дисертација со наслов „Развој на морфолошките и моторичките димензии кај деца од машки пол во возрасниот период од 6 и 7 години“. На 3.11.2011 година по успешната одбрана на докторската дисертација се стекнува со научен степен – доктор на науки по кинезиологија.

Својата академска кариера, кандидатката д-р Билјана Попеска ја започнува на 31.12.2007 година кога се вработува на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како помлад асистент на Педагошкиот факултет. Во 2010 година е избрана за асистент на истиот факултет. Во 2013 година е избрана за доцент на Факултетот за образовни науки од наставно-научната област применета кинезиологија – спорт, физичко воспитување и друго. По истекот на законскиот рок за избор во звање доцент, во 2018 година, д-р Билјана Попеска е избрана во звање вонреден професор од наставно-научната област применета

кинезиологија – спорт, физичко воспитување и друго на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во тек на својата професионална работа, д-р Билјана Попеска има учествувано на бројни конференции, работилници, семинари во земјава и во странство. Автор е бројни публикации од областа на кинезиологијата со посебен акцент на теми од методиката на физичкото воспитание, квалитетно физичко образование, професионален развој на наставниците, моторичкиот развој на деца, физичка активност во слободно време, физичка активност, квалитетен живот и јавно здравје итн. Автор е на учебни помагала, практикуми, книги за потребите на студентите на Факултет за образовни науки, како и коавтор во поглавја во книги поврзани со системот на физичко образование и квалитетно физичко образование, од кои најголем дел се објавени на англиски јазик. Учесник е во повеќе домашни и меѓународни научни и стручни проекти како истражувач и едукатор, од кои најголем дел се финансирани од програмата Еразмус + спорт.

Кандидатката д-р Билјана Попеска е член на бројни меѓународни уредувачки одбори на списанија, организациски одбори на конференции, рецензент во бројни домашни и меѓународни списанија, од кои и неколку списанија со импакт фактор. Попеска е одговорен уредник на списанијата Research in Kinesiology (RIK), UDC: 796, ISSN 1857-7679 и Activities in Physical Education and Sport (APES), UDC: 796 ISSN: 1857-7687, како и поканет уредник на специјално издание на списанието Sustainability, Special issue “The Role of Physical Activity in achiving the Sustainable Development Goals”. Член е на бројни домашни и меѓународни асоцијации и федерации за физичко образование, спорт и истражување во спортот, член на бордот на Европската асоцијација за физичко образование (EUPEA), национален делегат во Интернационалната асоцијација за физичко образование (FIEPS), член на Управниот одбор на Федерација на спортски педагози на Македонија, член на Федерација на универзитетски спорт на Македонија и претставник на Универзитет „Гоце Делчев“ и сл.

Д-р Билјана Попеска има остварено бројни научни и стручни престои, како и бројни предавања како поканет предавач на конференции, научни и стручни собири во странство. Како позначајно се издвојува предавањето реализирано на Универзитетот во Виена, Центар за спортски науки и универзитетски спорт, одржано во мај 2019 г., како и студиските престои реализирани на Mary Immaculate College, Limerick, Ireland во октомври 2022 г. и престојот на Nykolo Romeryo University, Институт за образовни науки и социјална работа во Литванија, во јуни 2019 г., реализирани во рамките на програмата Еразмус+ мобилност за наставнички кадар.

Паралелно со академската работа на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, почнувајќи од 2010 година, со одлука на ректорот Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Билјана Попеска е назначена за раководител на Универзитетскиот спортски и културен центар која функција ја реализира до денес.

Д-р Билјана Попеска активно се служи со англискиот јазик и има основни познавања од француски јазик. Поседува напредни познавања во компјутерските програми и алатки за учење на далечина, потребни за изведување на настава, работа со студенти и научноистражувачка работа.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот при избор во звање редовен професор***

**Општи услови за избор**

1. Кандидатката д-р Билјана Попеска има завршен прв циклус на студии Факултет за физичка култура, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 9.58 и стекнато звање дипломиран професор по физичка култура, како и завршен прв циклус на студии на Институтот на Филозофски факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 9.10, и стекнато звање дипломиран педагог. Постдипломски студии има завршено на Факултет за физичка култура (Факултет за физичко образование, спорт и здравје), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 9.66 и стекнато звање магистер на науки од областа на кинезиологијата.

2. Билјана Попеска е доктор на науки по кинезиологија, степен стекнат на Факултет за физичка култура, Универзитет „Св. Кирил и Методија“ во Скопје, со одбрана на докторски труд со наслов „Развој на морфолошките и моторичките димензии кај деца од машки пол во возрасниот период од 6 и 7 години“.
3. Кандидатката д-р Билјана Попеска има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтни научни публикации во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор, согласно Законот за високо образование по кој е распишан овој Конкурс.

***Трудови кои претставуваат научни публикации согласно со важечкиот Закон за високо образовани и се законски услов за избор во звање редовен професор:***

| Р. бр. | Автор на трудот | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| | Korcz, A., Krzysztoszek, J., Lopatka, M., **Popeska, B**, Podnar, H., Filiz, B., Mileva, E., Kryeziu, A., & Bronikowski, M. | Physical Education Teachers' Opinion about Online Teaching during the COVID-19 Pandemic—Comparative Study of European Countries. | *Sustainability, 13*(21). p. 11730. ISSN 2071-1050 https://doi.org/10.3390/su132111730 https://eprints.ugd.edu.mk/28626/ | Impact factor: 3.251 **2021** |
| | Zhou, Y., He, S., Zhou, K., Kuan, G., Chin, MK., Kueh, YC., Sabo, A., **Popeska, B**., Durstine, J.L | Psychometric Properties of the Chinese-Language Attitude toward Physical Activity Scale: A Confirmatory Study on Chinese Children. | *International Journal of Environmental Research and Public Health, 18*(17), 9253. https://eprints.ugd.edu.mk/28627/ | Impact factor: 3.789 **2021** |
| | Ding, K., Yang, J., Chin, MK., Sullivan, L., Durstin.J..L., Violant-Holz, V., Demirhan, G., Oliveira.R.C,N., **Popeska, B**., Kuan, G., Khan, W., Dai, J., Xu, X., Mladenova, Z., Balasekaran, G., & Smith. A | Physical Activity among Adults Residing in 11 Countries during the COVID-19 Pandemic Lockdown. | International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (7056). pp. 1-16. https://eprints.ugd.edu.mk/28412/ | Impact factor: 3.390 **2021** |
| | Balasekaran, G., Ahmad, A., Bin, I., Cheo, NY., Wang, P.K., Kuan, G., **Popeska, B.,** Chin, MK., Mok, MMC., Edginton,C., Cuplan, I., & Durstin.J.L., | Using Brain-Breaks® as a Technology Tool to Increase Attitude towards Physical Activity among Students in Singapore. | *Brain Sciences, 11* (6). p. 784. ISSN 2076-3425 https://eprints.ugd.edu.mk/28894/ | Impact factor: 3.394 **2021** |
| | Ding, K., Yang, J., Chin, MK., Sullivan, L., Demirhan, G., Violant-Holz, V., Uvinaha, R., Dai, J., Xu, X., **Popeska, B.,** Mladenova, Z., Khan, W., Kuan, G., Balasekaran, G., & Smith, G.A. | Mental Health among Adults during the COVID-19 Pandemic Lockdown: A Cross-Sectional Multi-Country Comparison. | International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (5). p. 2686. ISSN 1660-4601 https://eprints.ugd.edu.mk/28034/ | Impact factor: 3.390 **2021** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Zhou, K., He, S., Zhou, Y., **Popeska, B**. Kuan, G., Chen, L., Chin, MK., Mok, MMC., Edginton, C., Cuplan, I., & Durstin.J..L. | Implementation of Brain Breaks® in the Classroom and Its Effects on Attitudes towards Physical Activity in a Chinese School Setting. | International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (1). p. 272. ISSN 1660-4601 https://eprints.ugd.edu.mk/27620/ | Impact factor: 3.390<br><br>2021 |
| | Mok, M.C.M., Chin, MK., Korcz, A., **Popeska, B**., Edington. R.C., Sacli Uzunoz, F., Podnar, H., Coetzee, D., Georgescu, L., Emeljanovas, A.,Pasic, M., Balasekaran, G., Anderson, E., & Durstin.J.L. (2020). | Brain Breaks®Physical Activity Solutions in the Classroom and on Attitudes toward Physical Activity: A Randomized Controlled Trial among Primary Students from Eight Countries. | International Journal of Environmental Research and Public Health, 17 (5), 2-11. ISSN 1660-4601 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23959 | Impact factor<br><br>2.84<br><br>2020 |
| | **Popeska, B**., Jovanova Mitkovska, S., Chin,MK., Edginton, K., Mok, MC., & Gontarev, S. | Implementation of Brain Breaks® in the Classroom and Effects on Attitudes toward Physical Activity in a Macedonian School Setting. | International Journal of Enviornmental Research and Public Health, 15(6). 1227 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20347 | Impact factor<br><br>2,48<br><br>2018 |

***Трудови кои претставуваат научни публикации согласно со важечкиот Закон за високо образование и кои се бодуваат согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" кои се објавени во период по изборот во вонреден професор 2018 до 2022 година.***

| **Р.бр.** | **Автор на трудот** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на објавување** |
|---|---|---|---|---|
| | **Popeska,B.,** Culpan, I., Coetzee, D., Kuan, G., Tudor, M., Stevens, S., Korcz, A., Chin, MK., Edginton, C.R., de Ridder, H., & Durstine, J.L. | Planning for a well-being future: Emerging insights for and from an empowered future leadership volunteer program | International Journal of Health, Physical Education and Computer Science in Sports, 45 (1), 7 - 16 | 2022<br><br>ISRA Journal Impact Factor 7.217 |
| | Vladova, I., Hristova, P., Jovanova – Mitkovska, S., **Popeska, B**., & Dzidrov, M | Development of a training program for youths to improve the relationships of the Generation Z children with theor parents and coaches through practicing taekwon - do | *Activities in Physical Education, 12*(1), 3 - 7 | 2022 |
| | Милева, Е., & **Попеска, Б** | Онлайн обучение по физическо възпитание в България и Северна Македония в условията на първия етап на пандемията от КОВИД-19 | *Личност, Мотивација, Спорт, 25, 151 - 157* | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Mitevski, O., **Popeska, B.,** & Mitevska Petruseva, K. (2020). | The motivation for academic work of student – future physical education teachers. New | Trends and Issues Proceedings on Humanities and Social Sciences, 7(3), 200-209. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24363 | 2020 |
| | Temjanovski, R., & **Popeska, B**. | The potential of cycling tourism to promote healthy lifestyle habits. Macedonian International | Journal of Marketing, 6(11), 79-88. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24146 | 2020 |
| | Mileva, E., Ivanova, V., **Popeska, B.,** & Jovanova-Mitkovska, S. | Comparative Analyses of Primary School Teachers` Satisfaction with the Profession in Bulgaria and Macedonia. | Research in Kinesiology, 48(1-2), 31-34. http://eprints.ugd.edu.mk/27618/ | 2020 |
| | **Popeska, B**., Mitevski, O., Mitevska Petruseva, K., & Jovanova-Mitkovska, S. | Different Teaching Strategies and Methods Applied at PHE Classes - Experiences of Classroom Teachers. | Research in Physical Education, Sport and Health, 9(1), 225-232. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27708 | 2020 |
| | Mitevska Petruseva, K., **& Popeska, B.** | Monitoring and Evaluating the Educational Role of the Teachers in Developing Students Personality. | International Journal of Education & Phylology, 1(1). 54-63. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27617 | 2020 |
| | Sivevska, D., & **Popeska, B.** | Oppinions of students for their sport activity during Covid-19 pandemic – case of students from teaching faculty in Stip. | Pedagogy, 92 (7s), 220-231. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26837 | 2020 |
| | Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B.** | Motivation to learn during pandemic. Vospitanie - | Journal of educational sciences, theory and practice, 11(15), 217-223. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27696 | 2020 |
| | Mitevska Petruseva, K **Popeska, B.,** & Jovanova-Mitkovska, S. | Contribution of Physical Education in Primary Education Students Personal Development. | Research in Kinesiology, 47(1-2). pp. 34-40. ISSN 1857-7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23730 2. | 2019 |
| | Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B**. | Brain Breaks Active Break in Macedonian Schools - Qualitative Study. | Activities in Physical Education and Sport, 9 (1-2). pp. 34-37. ISSN 1857-7687 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23750 | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Hristova, P., & **Popeska, B.** | Bulgarian and Macedonian Students` Experience in Volunteering and Opportunities for its Promotion. | Trakia Journal of Sciences, 17 (1). pp. 703-708. ISSN 1313-3551 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23731 | 2019 |
| | Petrovska, S., Sivevska, D., **Popeska, B.,** & Runceva, J. | Mentoring in teaching profession. International | Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE) 6(2), 47-56. ISSN 2334-8496 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20420 | 2018 |
| | Jovanova-Mitkovska, S., & **Popeska, B.** | School Pedagogist – The Creator and the Core of the Professional Educational Development in the School. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 26(2), 451-459. ISSN 2545-4439. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21380 | 2018 |
| | Kvesic, M., **Popeska, B.,** Sivevska, D., Ignatov, G., & Gregorc, J. | Differences in leisure –time activities among students from four different countries | Revija Šport, 24(3-4), 142-148. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21395 | 2018 |

4. Со Одлука број 1602-121/8 од 22.5.2018 година, д-р Билјана Попеска е избрана за вонреден професор на наставно-научната област применета кинезиологија – спорт, физичко воспитување и друго на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Билјана Попеска е автор на учебник со наслов „Моторички развој во рано детство“, објавен во 2022 година на е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (http://e-lib.ugd.edu.mk/1109).

5. Кандидатката д-р Билјана Попеска, од изборот во доцент, до моментот на распишување на овој Конкурс е ангажирана на повеќе предмети од областа на кинезиологијата на прв и втор циклус на студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Конкретно, како вонреден професор, ја реализира наставата по предметите: Физичко и здравствено образование со методика 1 и 2 (студиска програма Одделенска настава), Физичко воспитание со методика 1 и 2 (студиска програма Предучилишно воспитување), Методика на физичко и здравствено подрачје (студиска програма Педагогија), изборните предмети Моторички развој во рано детство и Подвижни игри (студиска програма Предучилишно воспитување), Спортска педагогија (студиска програма Педагогија), Спорт и рекреација (универзитетски изборен предмет). Во рамките на вториот циклус на студии, вклучена е во реализација на наставата по предметите Методички практикум за наставата по физичко образование (студиска програма Методика), Современи тенденции во физичкото образование (студиските програми Образование на наставници и професионален развој и Методика) и Интервентни програми во училиштата за активен и здрав начин на живот (изборен предмет на студиските програми Образование на наставници и професионален развој, Методика и Образовни политики и образовен менаџмент).

Во рамките на високообразовната дејност, Попеска е вклучена во бројни стручни предавања, обуки и наставни активности со студентите. Ментор е на бројни дипломски трудови на студенти на Факултетот за образовни науки, член во комисии за одбрана на дипломски работи како и надворешен член во комисии за оцена и одбрана на докторски труд во земјава и во странство. Како наставник е ангажирана за предавања и обуки на

бројни академски и стручни собири, работилници и семинари, каде што дава активен придонес во едукацијата на студентите и доедукацијата и професионалниот развој на наставниците.

**Посебни услови**

Д-р Билјана Попеска има учествувано во бројни научно истражувачки проекти каде има значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, како и учества во апликативни проекти кои имаат значаен придонес пред сѐ за подобрување на квалитетот на наставата по физичко образование, промоција на спортот и развој на вештини и квалитети во спортот и преку спортот.

Од научноистражувачките проекти се истакнува учеството во PACS компаративната студијата, односно истражување за „Психолошките одговори, стратегии за справување и физичка активност за време на пандемијата со КОВИД 19“ (Psychological Responses, Coping Strategies and Physical Activity during the COVID-19 Pandemic: A Multiple Country Comparison Study” to PACS), раководена од Универзитетот во Охајо, САД. Апликативните проекти се реализирани како проекти во рамките на програмата Еразмус+ спорт. Истите се однесуваат на различни аспекти на квалитетно физичко образование, едукација и развој на вештини во и преку спортот, подобрување на вклученоста во спорт и физички активности, двојни кариери во спортот итн. Попеска е вклучена во проектите како истражувач, едукатор или тренер. Во најголем дел од проектите е вклучена и како координатор на националниот тим. Листата на проекти е презентирана во делот на Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Во тек на својата академска кариера, од стекнувањето наставничко звање доцент до денес, кандидатката има дадено своевиден придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку вклучување во различни стручни и научни активности, членства во комисии за оценување едукации, обуки, рецензирање на бројни научни и стручни трудови, членство во уредувачки одбори на списанија и сл.

Кандидатката д-р Билјана Попеска е автор на универзитетски учебник со наслов „Моторички развој во рано детство“, објавен во 2022 година од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Истиот е објавен на е-библиотеката на УГД (http://e-lib.ugd.edu.mk/1109). Учебникот е наменет за студентите на Факултетот за образовни науки како задолжителна литература за подготовка на материјалот предвиден во наставната програма на предметот Моторички развој во рано детство, како и дел од предметите Физичко воспитание и образование со методика 1 и Физичко и здравствено образование со методика 2.

Во периодот пред 2018 година, д-р Билјана Попеска е автор на две скрипти и еден практикум, како и коавтор на два практикуми за студентите на студиските програми Предучилишно воспитување и Одделенска настава на Факултетот за образовни науки при УГД. Сите се објавени на е-библиотеката на УГД. Во продолжение се насловите на истите:

- Клинчаров, И., & Попеска, Б. (2011). Практикум по основи на физичко образование со методика за одделенска настава. Е– библиотека на УГД.
- Клинчаров, И., & Попеска, Б. (2011). Практикум по основи на физичко воспитание со методика за предучилишно воспитување. Е – библиотека на УГД
- Попеска, Б. (2013). Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишна и раната училишна возраст. Скрипта за студентите на Факултет за образовни науки. Е-библиотека на УГД.
- Попеска, Б. (2017). Подвижни игри, Скрипта за студентите на Факултет за образовни науки при УГД. Е- библиотека на УГД.
- Попеска, Б. (2017). Учебно помагало „Основи на физичко и здравствено образование - Практикум“, Факултет за образовни науки при УГД – Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Билјана Попеска, наставно-образовната работа ја започнува во 2007 година кога се вработува како помлад асистент на Факултетот за образовни науки (Педагошки факултет) при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Како помлад асистент, а

подоцна во период од 2010 до 2013 година и како асистент, е ангажирана на предметите: Основи на физичко образование со методика (Одделенска настава), Основи на физичко воспитание со методика (Предучилишно воспитување), Физичко воспитание и образование со методика 1, 2 и 3 (Одделенска настава), Физичко воспитание и образование со методика 1 и 2 (Предучилишно воспитување), Теорија и практика на играта (изборен предмет) и Спорт и рекреација (задолжителен предмет на сите факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев“).

Во 2013 година со Одлука бр. 2102-215/4 од 4.7.2013 година е избрана за доцент од наставно-научната област применета кинезиологија – спорт, физичко воспитување и друго. Како доцент ја реализира наставата на предметите: Физичко и здравствено образование со методика 1 и 2 (Одделенска настава), Физичко воспитание со методика 1 и 2 (Предучилишно воспитување), Теорија и практика на играта (изборен, во програми до 2016 г.), Спорт и рекреација (универзитетски изборен предмет). Во рамките на студиите на втор циклус на студии, д-р Билјана Попеска е вклучена во реализацијата на универзитетски специјалистички студии, модул Физичко и здравствено образование.

Во 2018 година, со Одлука број 1602-121/8 од 22.5.2018 година е избрана во вонреден професор од наставно-научната област применета кинезиологија – спорт, физичко воспитување и друго. Како вонреден професор, на прв циклус студии ја реализира наставата по предметите: Физичко и здравствено образование со методика 1 и 2 (студиска програма Одделенска настава), Физичко воспитание со методика 1 и 2 (студиска програма Предучилишно воспитување), Методика на физичко и здравствено подрачје (студиска програма Педагогија), изборните предмети Моторички развој во рано детство и Подвижни игри (студиска програма Предучилишно воспитување), Спортска педагогија (студиска програма Педагогија), Спорт и рекреација (универзитетски изборен предмет).

Во рамките на вториот циклус на студии, д-р Билјана Попеска е вклучена во реализација на наставата по предметите Методички практикум за наставата по физичко образование (студиска програма Методика), Современи тенденции во физичкото образование (студиските програми Образование на наставници и професионален развој и Методика) и Интервентни програми во училиштата за активен и здрав начин на живот (изборен предмет на студиските програми Образование на наставници и професионален развој, Методика и Образовни политики и образовен менаџмент).

Во изборниот период од 2018 до 2022 г., д-р Билјана Попеска активно соработува со студентите и го помага нивниот академски развој и професионалното усовршување. Во таа смисла, во наведениот период, Попеска е ментор на осум дипломски трудови на студенти на Факултет за образовни науки и член на комисија за одбрана на дипломски труд на повеќе дипломски трудови. Член е и на комисии за одбрана на магистерски и докторски трудови во земјава и странство, меѓу кои и надворешен член на комисија за одбрана на докторски труд на Факултетот за Физичка култура, спорт и здравје и член на комисија за одбрана на докторски труд на Faculty of Medicine and Health sciences, Stellenbosh University, South Africa на кандидат Olivia Van Stryp.

***Евалуација на научните трудови со импакт фактор, објавени по изборот во вонреден професор, кои не се бодувани во претходен избор***

Korcz, A., Krzysztoszek, J., Lopatka, M., **Popeska, B.,** Podnar, H., Filiz, B., Mileva, E., Kryeziu, A., & Bronikowski, M. (2021). Physical Education Teachers’ Opinion about Online Teaching during the COVID-19 Pandemic—Comparative Study of European Countries. Sustainability, 13 (21). p. 11730. ISSN 2071-1050 https://doi.org/10.3390/su132111730, https://eprints.ugd.edu.mk/28626/

**Impact factor: 3.251**

Презентираниот труд има за цел да го утврди квалитетот на имплементацијата, перципираните предности, недостатоци и тешкотии со кои се соочуваат наставниците по физичко образование во услови на онлајн наставата по физичко образование за време на првиот бран на пандемијата КОВИД-19. Во истражувањето се опфатени 1148 наставници по физичко образование од Полска, Северна Македонија, Хрватска, Турција, Бугарија и Косово. Резултатите од студијата укажуваат на разлики во евалуацијата на онлајн

наставата помеѓу наставниците по ФЗО од различни земји: позитивно ја оценуваат оваа настава наставниците од Хрватска, Полска и Бугарија, неутрално во Турција и негативна оцена е утврдена кај наставниците од Македонија и Косово. Резултатите укажуваат на различно вреднување на предностите, недостатоци и тешкотии во различните земји во однос на онлајн наставата во основните и средните училишта. Недостатокот на соодветна опрема дома, недостатокот на соодветна обука за употреба на информатичката технологија (ИТ), како и користењето на различни платформи за онлајн настава беа меѓу највисоко рангираните тешкотии за време на онлајн наставата. Добиените резултати ги посочуваат резултатите од студијата, ги идентификуваат аспектите во работата на наставниците каде што е потребна најголема поддршка и помош.

Zhou, Y., He, S., Zhou, K., Kuan, G., Chin, MK., Kueh, Y.C., Sabo, A., **Popeska, B.,** & Durstine, L.J. (2021). Psychometric Properties of the Chinese-Language Attitude toward Physical Activity Scale: A Confirmatory Study on Chinese Children. International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (17). p. 9253. https://doi.org/10.3390/ijerph18179253, https://eprints.ugd.edu.mk/28627/

**Impact factor: 3.789**

Презентираната студија има за цел да ги утврди психометриските карактеристики на Скалата за став кон физичка активност (APAS) на кинески јазик, применета со деца од основно образование во Кина. Примерокот се состоеше од 692 учесници во основно образование во Кина на просечна возраст 9,4 години (SD = 0,92). Психометриските својства на APAS прашалникот составен од 57 ајтеми беа утврдени со примена конфирматорна факторска анализа. По примена на факторската анализа, хипотетскиот седум факторски модел беше ревидиран со отстранување на 22 ајтеми. Добиените резултати покажуваат дека применетата верзија на APAS, преведена и применета на кинески јазик, има соодветни психометриски својства за проценка на ставовите на децата од основните училишта во однос на физичката активност.

Ding, K., Yang, J., Chin, MK., Sullivan, L., Durstin.J.L., Violant-Holz, V., Demirhan, G., Oliveira.R.C.N., **Popeska, B.,** Kuan, G., Khan, W., Dai, J., Xu, X., Mladenova, Z., Balasekaran, G., Smith, G.A. (2021). Physical Activity among Adults Residing in 11 Countries during the COVID-19 Pandemic Lockdown. *International Journal of Environmental Research and Public Health, 18*(7056), 1-16. https://doi.org/10.3390/ijerph18137056, https://eprints.ugd.edu.mk/28412/

**Impact factor: 3.390**

Во презентираниот труд се анализираат промените во физичката активност и факторите кои влијаат на истата кај возрасните лица во 11 различни земји за време на првиот бран на пандемијата со КОВИД 19. Истражувањето е реализирано на примерок од 11.775 испитаници на возраст над 18 години во 11 земји (Бразил, Бугарија, Кина, Индија, Ирска, Малезија, Северна Македонија, Сингапур, Шпанија, Турција, САД). Резултатите покажуваат дека повеќе од 40% од учесниците биле недоволно активни (43,9%) и пријавиле намалување на нивната физичка активност за време на карантинот (44,8%). Статистички значајни разлики се утврдени во (1) примерокот на испитаници кои се недоволно активни, (2) ниво на физичка активност (3) намалување на степенот на физичка активност во вклучените земји. Во земјите каде беа воведени построги карантински мерки беше забележан поголем степен на недоволно физички активни лица; повисоките резултати на појава на депресија или анксиозност беа поврзани со поголема веројатност за намалено ниво на физичка активност за време на карантинскиот период. Значително намалување на степенот на физичка активност е утврдено во сите земји за време на карантинскиот период.

Balasekaran, A.A.B., Cheo, NY., Wang, PK., Kuan, G., **Popeska, B.,** Chin, MK., Mok, MMC., Edginton, C., Cuplan,I., & Durstin.J.,L. (2021). Using Brain-Breaks® as a Technology Tool to Increase Attitude towards Physical Activity among Students in Singapore. Brain Sciences, 11 (6). p. 784. https://doi.org/10.3390/brainsci11060784, https://eprints.ugd.edu.mk/28894/
**Impact factor: 3.394**

Целта на презентираното истражување е да се утврдат ефектите од Brain Breaks® формите на физичка активност применети со учениците од основно училиште во Сингапур,

Југоисточна Азија, како и да се утврдат нивните ставови кон физичката активност и промената на истите во тек на интервентниот период од десет недели. Во истражувањето беа вклучени вкупно 113 учесници (8-11 години) беа распределени во експериментална и контролна група. Испитаниците од експерименталната група применуваа интервентна програма – активна пауза со примена на Brain Breaks® интерактивна платформа за време на редовните часови. Ставовите на учениците во двете групи беа утврдени со примена на APAS скала за проценка на ставови кон физичка активност. Добиените резултати покажуваат на позитивни ефекти Brain Breaks® активната пауза. Генералниот заклучок е дека Brain Breaks® интервентната програма има позитивно значајно влијание врз учениците во Сингапур од аспект на позитивна промена на ставовите, придобивките, важноста, учењето, самоефикасноста, забавата, фитнесот, како и постигнувањето на личен максимум во примената на физичката активност. Согласно со добиените резултати авторите истакнуваат дека интерактивните алатки имплементирани во училишната програма, доколку се правилно применети, може да имаат позитивни ефекти за здравјето и образованието на децата.

Ding, K., Yang,J., Chin, MK., Sullivan, L., Demirhan, G., Violant-Holz, V., Uvinaha, R., Dai, J., Xu, X., **Popeska, B.,** Mladenova, Z., Khan, W., Kuan, G., Balasekaran, G., Smith, G.A. (2021). Mental Health among Adults during the COVID-19 Pandemic Lockdown: A Cross-Sectional Multi-Country Comparison. *International Journal of Environmental Research and Public Health, 18*(5), 2686. https://doi.org/10.3390/ijerph18052686, https://eprints.ugd.edu.mk/28034/ **Impact factor: 3.390**

Презентираниот труд го истражува проблемот за ефектите на пандемијата со КОВИД 19 врз менталното здравје кај лица на возраст над 18 години од 11 земји, како и да ја утврди поврзаноста меѓу менталното здравје и факторите на КОВИД-19 на ниво на земја и личната изложеност испитаниците. Истражувањето е спроведено на примерок од 13.263 учесници, од 11 земји (Бразил, Бугарија, Кина, Индија, Ирска, Северна Македонија, Малезија, Сингапур, Шпанија, Турција, САД). Беа истражувани следните параметри на менталното здравје (анксиозност, депресија, отпорно справување, надеж). Добиените резултати покажуваат дека учесниците од Бразил имаат највисок степен на манифестација на симптоми на анксиозност и депресија, додека учесниците кои живееле во Сингапур имале најниски. Поголемата лична изложеност на КОВИД-19 е утврдена како директно поврзана со зголемени симптоми на анксиозност и депресија. Повисоките нивоа на надеж беа поврзани со намалена анксиозност и депресија; утврдени се значајни разлики во симптомите на анксиозност и депресија низ земјите за време на карантинот поради КОВИД 19, при што личната изложеност на КОВИД 19 е утврдена како значаен фактор на ризик.

Zhou, K., He, S., Zhou, Y**., Popeska, B.,** Kuan, G., Chen, L., Chin, MK., Mok, MMC., Edginton, C., Cuplan, I., & Durstin.J.L. (2021). Implementation of Brain Breaks® in the Classroom and Its Effects on Attitudes towards Physical Activity in a Chinese School Setting. *International Journal of Environmental Research and Public Health, 18*(1), 272. https://doi.org/10.3390/ijerph18010272, https://eprints.ugd.edu.mk/27620/

**Impact factor: 3.390**

Оваа студија има за цел да ги утврди ефектите од примената на интерактивната платформа Brain Breaks® како форма на физичка активност во училница врз ставовите кон степенот на физичка активност на децата од основно училиште во провинцијата Хенан, Кина. Вкупно 704 деца, ученици во трето, четврто и петто одделение беа вклучени во истражувањето, распределени по случаен избор во експериментална и контролна група. Експерименталната група учествуваше во видеоинтервенција Brain Breaks® која подразбира примена на 3-5 минути дневно, физичка активност со низок до умерен интензитет. Ставовите на децата кон физичката активност во двете групи беа утврдени со примена на APAS скалата на ставови кон физичката активност. Ефектите од интервенцијата врз оценките на APAS беа утврдени со примена на факторска анализа и анализа на варијанса. Добиените резултати укажуваат на позитивни ефекти од видеоинтервенциите врз ставовите на децата кон важноста, забавата и обидот да го дадат својот личен максимум во физичката активност. Исто така, беше откриена важната улога што наставникот ја игра во овој процес.

Mok, M.C.M., Chin, MK., Korcz, A., **Popeska, B.,** Edington. R.C., Sacli Uzunoz, F., Podnar, H., Coetzee, D., Georgescu, L., Emeljanovas, A.,Pasic, M., Balasekaran, G., Anderson, E., & Durstin.J.L. (2020). Brain Breaks®Physical Activity Solutions in the Classroom and on Attitudes toward Physical Activity: A Randomized Controlled Trial among Primary Students from Eight Countries. *International Journal of Environmental Research and Public Health, 17* (5), 2-11. https://doi.org/10.3390/ijerph17051666 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23959 **Impact factor 2.84**

Позитивните ефекти на интервентните програми применети во училница со цел подобрување на степенот на физичката активност се иницијалниот мотив за реализирање на презентираната компаративна студија. Целта на оваа студија е да се да утврди ефективноста на решенијата за физичка активност Brain Breaks® во промени на ставовите на децата кон физичката активност. Вкупно 3036 ученици на возраст од 8 до 11 години од училиштата во Хрватска, Литванија, Македонија, Полска, Романија, Србија, Јужна Африка и Турција беа вклучени во истражувањето, распределени во контролна и експериментална група. Експерименталната група применуваше активна пауза со примена на видеа од Brain Breaks® платформата во период од четирите месеци. Ставовите на учениците кон физичката активност беа утврдени со примена на скалата на ставови кон физичка активност (APAS) Добиените резултати укажуваат на најголем позитивен ефект во експерименталната група на аспектите ефикасно самостојно учење при примена на видеата, подобрување на свесноста за придобивките од редовната физичка активност како и уживањето од ангажирањето. Резултатите укажуваат на важноста на позитивното искуство при учењето и мотивацијата како фактори кои ги условуваат позитивните ефекти. Применетата форма на активна пауза се препорачува за примена во училиштата како интерактивно, технолошки базирано решение за физичка активност кое лесно може да се интегрира во училиштата и во работата во училницата.

**Popeska, B.,** Jovanova Mitkovska, S., Chin,MK., Edginton, K., Mok, MC., & Gontarev, S. (2018**).** Implementation of Brain Breaks® in the Classroom and Effects on Attitudes toward Physical Activity in a Macedonian School Setting. *International Journal of Enviornmental Research and Public Health, 15*(6). 1227, https://doi.org/10.3390/ijerph15061127, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20347 **Impact factor 2.47**

Презентираното истражување е реализирано со цел да се утврдат ефектите од активностите Brain Break® врз интересот и мотивацијата за физичка активност кај учениците во основните училишта во Македонија и на активните форми на учење врз здравјето и севкупниот развој. Истражувањето беше реализирано на примерок од 283 учесници, ученици во трето, четврто и петто одделение во две основни училишта во Република Македонија. Испитаниците беа поделени во шест експериментални и шест контролни групи. Во период од три месеци, експерименталната група применуваше форми на Brain Break® активна пауза. Ставовите на учениците кон физичката активност беа утврдени со примена „Скала на ставови кон физичката активност (APAS)“. Применетата факторска анализа ја потврди валидноста на APAS на примерокот на македонски ученици. Добиените резултати укажуваат на позитивни придобивки од активната пауза во однос на искуството во учењето, самосвесноста, самоефикасноста и самодовербата Учењето беше подобрено со користење на видео вежби. Добиените резултати го потврдува ефектот од примената на Brain Break® формите на активна пауза врз ставовите на децата за физичка активност, мотивацијата за физичка активност и усвојување на навиките за редовна физичка активност.

***Евалуација на научните трудови објавени во меѓународно научно списание, објавени по изборот во вонреден професор, кои не се бодувани во претходен избор***

1. **Popeska,B.,** Culpan, I., Coetzee, D., Kuan, G., Tudor, M., Stevens, S., Korcz, A., Chin, MK., Edginton, C.R., de Ridder, H., & Durstine, J.L.(2022). Planning for a well-being future: Emerging insights for and from an empowered future leadership volunteer program. *International Journal of Health, Physical Education and Computer Science in Sports, 45*(1), 7 - 16, 2022, ISRA Journal Impact Factor 7.217

Трудот претставува преглед на заклучоците на работните групи составени од повеќе од 200 делегати од над 50 земји од целиот свет кои работеа во рамките на вториот BRICS Council of Exercise and Sport Science (BRICSCESS) Conference и првиот Светски конгрес на млади лидери (World Congress of the Future Leader/Volunteer (WCFLV 2019) кои дискутираа за неколку суштински прашања поврзани со целите на одржлив развој во насока на креирање политики за квалитетно образование, здравје и благосостојба. Беа презентирани бројни практики од сите земји во насока на промоција на здравјето и благосостојбата и се утврдија заеднички чекори во рамките на лидерски програми со цел промовирање на активни и одржливи политики за здравје и севкупна благосостојба.

2. Vladova, I., Hristova, P., Jovanova – Mitkovska, S., **Popeska, B**., & Dzidrov, M. (2022). Development of a training program for youths to improve the relationships of the Generation Z children with theor parents and coaches through practicing taekwon – do. *Activities in Physical Education, 12*(1), 3 – 7

Имајќи ја предвид важноста на физичката активност за менталното и физичкото здравје за младите, а особено за т.н. Генерација Z, авторите на трудот презентираат програма за млади која има за цел подобрување на комуникацијата меѓу младите на возраст од 12 до 17 години или Генерација Z и нивните родители и тренери преку примена на принципите на Taekwon-Do. Програма е креирана во рамките на проект BeValue Reload во пет европски земји: Бугарија, Грција, Северна Македонија, Романија и Словенија. Активностите на програмата се насочени кон подобрување на односот помеѓу децата кои вежбаат таеквондо и нивните родители, како и тренинг активности - во насока на зголемување на мотивацијата на тренинг и активно учество во спортски активности преку примена на етичките принципи на таеквондо.

3. Милева, Е., & **Попеска, Б.** (2021). Онлайн обучение по физическо възпитание в България и Северна Македония в условията на първия етап на пандемията от КОВИД-19. *Личност, Мотивацијa, Спорт, 25,* 151 – 157

*6.2 at 57th Annual Science Conference of Ruse University "New Industries, Digital Economy, Society - Projections of the Future"*, (pp: 69 - 74), 25-26 October, 2018, Ruse, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21381

Во презентираниот труд, авторите го анализираат прашањето на спортскиот менаџмент, но од аспект на управувањето со спортот на универзитетите. Целта на овој труд е да се утврди раководната структура на универзитетските тела одговорни за спорт на универзитетите. Примерокот е составен од претставници – лица вклучени во управувањето со универзитетски спортски центри или катедри од 13 универзитети од Македонија, Бугарија, Хрватска, Србија и Словенија. Како метод на истражување беа користени описни и компаративни методи. Врз основа на анализите, утврдени се три форми на управување со универзитетите: постоење на посебен центар/оддел за спорт на универзитетите; Универзитетски спортски сојуз и Лице назначено за координатор на спортски активности на универзитетско ниво. Предностите и недостатоците на секој тип на управување беа анализирани и презентирани во трудот.

Mitevska Petruseva, K., **Popeska, B.,** & Jovanova-Mitkovska, S. (2018) Requirements for teacher education in vocational education and training. *In: Proceedings of University of Ruse, Vol 57, book 6.2 at 57th Annual Science Conference of Ruse University "New Industries, Digital Economy, Society - Projections of the Future", (pp: 48- 54) at 57th Annual Science Conference of Ruse University "New Industries, Digital Economy, Society - Projections of the Future"*, 25-26 October, 2018, Ruse, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21382

Авторите во трудот го анализираат прашањето поврзано со барањата што треба да ги исполни наставникот, во смисла на иницијално образование и други услови за да работи како наставници во стручното образование. Акцентот е ставен на анализа на специфичните барања поврзани со видот и нивото на педагошката обука и образование потребни за одредена област; работно искуство во одредени области, како и специфични барања потребни за да се стане наставник во стручното образование. Направена е компаративна анализа на примерок од универзитети во балканскиот регион и други европски земји. Анализата покажува дека постојат различни пристапи во системот на стручно образование, како и критериуми за да се биде наставник по стручно образование.

**Popeska, B.,** Ristova, C., Dimitrov, N., & Barbareev, K. (2018) Activity of students on weekly level - conditions and perspectives in the Republic of Macedonia with possibilities to promote sport tourism at university level. In: The 10th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", (pp. 190- 199), 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20984

Авторите фокусот на интерес во презентираното истражување го поставуваат на можностите користење на природните ресурси преку промовирање активности на отворено и спортски туризам. Во таа насока, целта на трудот е да се утврди неделното ниво на физичка активност на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, нивниот интерес за активности на отворено и во оваа насока да ја истражат и предложат можноста за спортски туризам универзитетско ниво. Истражувањето е реализирано на примерок од 200 студенти. Добиените резултати укажуваат на активност од 1-2 неделно и интерес кај 44% од студентите за активности на отворено. Во насока на можностите, во трудот авторите прават анализа на можностите на природните ресурси во Република Македонија за развој на рекреативни активности како планинарење, прошетки во природа, качување по карпи, алпинизам, параглајдерство, планински велосипедизам, сноуборд, скијање. Предлагаат имплементација на предвидените содржини во наставните програми за спорт на универзитетите или како вонаставни активности.

Dimitrov, N., **Popeska, B**., & Ristova, C. (2018) Functional characteristics of the mountains of the Republic of Macedonia for recreation, mountaineering, sports and active leisure. In: The 10th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport" (pp.392-402), 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20985

Во трудот авторите прават осврт на класификации на планините во Македонија врз основа на различни критериуми, како и на идентификување на формите на спортско-рекреативни активности кои можат да се применат на истите, а сè во насока на развој на спортот, рекреацијата и туризмот. Идентификувани се бројни планини и ридови за

реализација на различни програми за активна рекреација, како планинарење, трчање, возење велосипед, пливање, скијање и други активности.

**Popeska, B.,** & Sivevska, D. (2018). Opinions and possibilities for intervention in physical and health education classes from classroom teachers in primary education. In: The 10th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport" (pp. 39 - 47), 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21394

Во презентираниот труд авторите имаат за цел да ги утврдат мислењата на наставниците за тековната програма по ФЗО и можностите за интервенции во истите во насока на подобрување на квалитетот на наставата и доближување до интересите на учениците. Истражувањето е реализирано на примерок од 134 наставници од основните училишта. Согласно со добиените резултати, наставниците се согласуваат дека сегашната програма на ФЗО е во согласност со општата образовна цел и има позитивно влијание врз севкупниот развој на децата. Статистички значајни разлики се добиени само во две ставки: наставната програма за ФЗО е јасно дефинирана, конкретна и лесна за имплементација и предложените содржини во наставната програма на ФЗО се соодветни на возраста на ученикот и според нивните интереси, преференции и можности.

**Popeska, B.** (2018) School, community and university partnership in promotion of healthy and active lifestyle – Macedonian perspective and experiences. In: *5t International Conference of physical Education and Sport Science*, 04-06 December, 2018, Nevsehir, Cappadocia - Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21379

Трудот е усно презентиран.

Klincarov, I., Nikovski, G., **Popeska, B**., Mitevski, O., Mitevska Petruseva, K., & Majeric, M. (2018). Possibilities for professional development and co-operational teaching in physical education from perspective of PE specialist with different working experience. *In: 9th Conference for Youth Sport (pp. 73)*, 7 - 8 December, 2018, Faculty of Sport, University in Ljubljana, Slovenia. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21408

Трудот е усно презентиран и објавен во книга на апстракти.

Petrovska, S., Sivevska, D., **Popeska, B.,** & Runceva, J. (2018) Teachers' views about their professional development: Situation in Republic of Macedonia. *In: 10th International Conference for Theory and Practice in Education* (pp. 49-62) 15 - 17 December, 2018, Budapest, Hungary. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21398

Презентираниот труд ги претставува резултатите од истражување реализирано со цел да се утврдат разликите во мислењата на наставниците со различно работно искуство во однос на неколку категории на професионален развој: задоволство од сопственото ниво на професионален развој, форми и пристапи што ги користеле за личен и професионален развојот и нивото на лична активност за личен и професионален развој. Истражувањето е спроведено на примерок од 398 наставници од 28 основни и средни училишта во Република Македонија. Потпримерокот беше составен од четири потпримероци врз основа на долгогодишното работно искуство на наставникот. Добиените резултати укажуваат на статистички значајни разлики во сите испитувани категории главно помеѓу групите наставници почетници и наставници со работно искуство повеќе од 25 години работа. Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека ставовите и мислењата за личен развој се тесно поврзани со годините поминати во образованието и работното искуство на наставникот, како и со елементите поврзани со новите генерации, на пример употребата на технологијата.

***Учества на меѓународни конференции и симпозиуми***

Резултатите од истражувачките активности и својата стручно-научна работа, кандидатката д-р Билјана Попеска ги споделува и презентира преку активно учество на бројни меѓународни симпозиуми, конференции, конгреси и трибини во земјава и во странство. За учеството на истите има приложено соодветни потврди и сертификати. Учествата хронолошки се прикажани во продолжение. Истите го опфаќаат периодот од последниот избор, 1.7.2018 година до крај на 2022 година.

1. 13th FIEP European Congress & 29th FIEP World Congress (pp. 42), 26- 29 September, 2018, Istanbul, Turkey.

2. 57th Annual Science Conference of Ruse University "New Industries, Digital Economy, Society - Projections of the Future", 25-26 October, 2018, Ruse, Bulgaria.

The 10th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", (pp. 190- 199), 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20984.

5t International Conference of physical Education and Sport Science, 04-06 December, 2018, Nevsehir, Cappadocia - Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21379.

9th Conference for Youth Sport (pp. 73), 7 - 8 December, 2018, Faculty of Sport, University in Ljubljana, Slovenia.

10th International Conference for Theory and Practice in Education, 15 - 17 December, 2018, Budapest, Hungary.

11th World Conference on Educational Sciences, 07-10 February, Milano & Venice, Italy.

6th International Scientific Conference "Anthropologcal and teo – anthropological views on physical activity from the time of Constantine the Great to modern times", 21-22 March 2019, Kopaonik, Serbia.

5th International Scientific Conference on Exercise and Quality of Life, 11 - 13 April, 2019, Novi Sad, Serbia.

30th FIEP World Congress, 14th FIEP European Congress, 2nd FIEP Congress Catalunia -Sport, Physical Education and Scenic art as tools for social transformation, 27-29 June 2019, Barcelona, Spain.

World Congress on Teaching, Learning and Curriculum in Physical Education, 9-12 June 2019, Shanghai, China

«Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи», 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria.

22th Science Symposium on Sport and Physical Education of Youth, 04 - 05 October, 2019, Struga, Macedonia.

2nd BRICS Council of Exercise and Sports Science Conference and 1st World Congress of Future Leader Volunteer (WCFLV 2019), 9 - 14 October, Cape Town, South Africa.

*The 11th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport"*, 8 Nov 2019, Sofia, Bulgaria.

12th World Conference on Educational Sciences (WCES-2020) Ayvansaray University, 06-08 February 2020, Istanbul, Turkey

4th International Scientific Virtual Conference in Physical Education, Sports and Health, 4- 5 June 2020, Skopje, Online.

International online conferences "Sport education on the Balkans during a pandemic", 30 June, 2020 Online.

Contemporary education/challenges of the modern pedagogy, 25 years of establishment of the Faculty of Pedagogy/Faculty of educational sciences 30 June, 2020, Stip, Macedonia, Online.

16th Convention and Conference of the International Network of Sport and Health Science (INSHS), 10-12th June 2020 Budapest, Hungary. Online.

23th Symposium on Sports and Physical Education of Youth, 2-3 Oct 2020, Ohrid, Macedonia.

Трета меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век", 13 ноември, Штип, Северна Македонија.

The XII International Scientific Conference in Alma Mater, Sofia Modern Trends of Physical Education and Sport, 6 Nov 2020, Sofia, Bulgaria.

*1st International Scientific Conference on Multicultural Education, 2 - 4 December, 2020, Tetovo, North Macedonia*.

Международна научна конференция в рамките на Климентовите дни в Алма Матер „ИЗМЕРЕНИЯ НА КОМПЕТЕНТНОСТТА", 3 - 5 декември 2020.

The 4rd International Symposium of Silkroad Academic Studies, 17-18 December 2020, Cappadocia, Turkey.

The 6th International Conference Physical Education and Sport Science (ICPESS) 2021, 10th-13th June, 2021, Jakarta, Indonesia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29335.

Меѓународна конференција „Личност, мотивација, спорт", Национална спортска

академија „Васил Левски“, Скопје, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/2933.

„Съвременни Тенденции на Физическото Възпитание и Спорт“ 5 Ноември 2021, Софија, Софийският Университет „Св. Климент Охридски“. https://eprints.ugd.edu.mk/29134/.

The INSHS 13th International Christmas Sport Scientific Conference, 1st - 3th December, 2021, Budapest, Hungary.

14th World Conference on educational Sciences (WCES), online conference, 03 – 05 February, 2022, Paris, France.

25th Symposium for Sport and Physical Education of Youth and 17th International Scientific Conference, 15 – 16 April, 2022, Ohrid.

5та Меѓународна научна конференција „Истражување во физичкото образование, спортот и здравјето“, 20 април 2022, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Скопје.

Международна конференция „Образование и съврменни Предизвикателства“, 24 – 25 Јуни, 2022 година, Тракийски Университет – Педагогически Факултет, Стара Загора.

30 Ljetna Skola KIneziologa Republike Hrvatske, Medjunarodni znanstveni skup “KIneziologija u Evropi”, 29.06 – 2.07.2022 Zadar, Hrvatska, Invited speaker.

14th International Scientific Conference “Modern tendencies In Physical education and sport”, 7 – 8 Octomber, 2022, University “St. Kliment Ohridski”, Department of Sport, Sofia, Bulgaria.

Konferenciu: “Buducnost telesnej a športovej vychovy na SLovensku (The Future of Physical and Sport Education in Slovakia)”, 9 – 10 December, Bratislava, Slovakia.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Согласно со презентираните активности во делот на наставно-педагошката дејност, имајќи го предвид реализираниот фонд на часови на задолжителните предмети од областа на методиката на физичкото образование и сродните изборни предмети на прв и втор циклус на студии, работата со студенти како ментор на дипломски трудови и членството во комисии за докторски студии, како и остарената долгогодишна соработка со кандидатката во делот на наставата, науката и стручно-апликативните и проектни активности, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Билјана Попеска во тек на својата академска кариера, до денес, стекнала вештини, компетенции и квалитети потребни да одговори на потребите за звањето за кое конкурира – редовен професор на наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго) на Факултетот за образовни науки.

Презентираниот опус на објавени публикации во референтни списанија со импакт фактор, како и бројот на научни трудови објавени во релевантни списанија со меѓународен уредувачки одбор во земјава и во странство, трудови објавени во зборници на трудови од конференции, како и многубројните учества на конференции, симпозиуми, трибини, самити и конгреси се показател за плодната научно-стручна и истражувачка работа на кандидатката, д-р Билјана Попеска во изборниот период од 2018 до 2022 година. Во нејзините публикации застапени се теми од различни аспекти на кинезиологијата, сите тесно поврзани со областа на интерес – физичко образование (квалитетно физичко образование, наставни програми, интервентни програми и нивните ефекти), моторички развој на деца, физичка активност во слободно време, технологија во наставата по физичко образование и сл. Наведените публикации и учества укажуваат на интензивна и забележителна меѓународна активност, како и учество во бројни истражувачки тимови со автори од земјата и странство.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период од 2018 до 2022 година, стручно-апликативната работа на кандидатката д-р Билјана Попеска е ориентирана кон публикување на прирачници и поглавја од книги за различни аспекти на физичкото образование. Имено, Попеска е автор и коавтор на поглавја од книги, антологии и публикации на англиски јазик кои го анализираат проблемот на физичкото образование во основното образование и на

универзитетите во Европа и кои претставуваат компаративни прикази на состојбите во сегментот на физичкото образование и спортот помеѓу европските држави. Д-р Билјана Попеска се јавува и како коавтор на прирачник за активности на отворено „10 чекори за организација на наставата на отворено“, кој ги анализира предностите на наставата на отворено и нуди клучни насоки како да се адаптира наставниот процес од внатре кон надвор. Во продолжение се насловите на наведените публикации:

**Попеска, Б.,** Митевска Петрушева, К., & Максимова, С. (2021). *Прирачник „10 Чекори за подготовка на наставата на отворено*“. ISBN 978-608-244-822-0, објавен во рамки на проектот: Градење на универзитетите на иднината - Придвижување на високообразованите програми од внатре кон надвор, поддржан и финансиран од Western Balkan Alumni Association и European Union. https://eprints.ugd.edu.mk/28687/

**Popeska, B.,** Tufekcievski, A., & Aceski, A. (2020). Physical Education and School Sport in the Republic of North Macedonia. In Naul, R., & Scheuer, C. (Eds.), Research on Physical Education and School Sport in Europe. Meyer & Meyer Verlag, Aachen, Aachen, Germany, pp. 333-360. ISBN 978-3-8403-7539-2 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27704

Yaneva, A., Baca, A., Barbareev, K., **Popeska, B.,** Guðmundsdóttir, M.L., Tumanova, B., Dobiasch, M., Kornfield, F., Elenurm, E., Finnbjörnsson, T., Dancs, H., Liira, R., Stoyanova, E., Lukanova, V., Hristova, P., Kazandzieva, K., Hristova, D., Prokopov, Ivailo., Ivanov, D. (2020). *Guide for Physical Activity Through Innovative Technologies.* University Publishing House “St. Kliment Ohridski” Sofia University, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27706

**Popeska, B.,** Klincarov, I., Malcev, M., & Malcev, M. (2020). Physical education and sport and Universities in the Republic of North Macedonia. In Bobiak, M., Antala, B., & Pelucha, R. (Eds.), *Physical Education in Universities Researches - Best Practices - Situation. Slovak Scientific Society for Physical Education and Sport and FIEP, Bratislava*, pp. 347-356. ISBN 978-80-89075-91-1

Malcev, M., & **Popeska, B.** (2019) Physical education teacher education in the Republic of Macedonia. In: *European Physical Education Teacher Education Practices- Initial, induction and professional development*. Meyer & Meyer Sport (UK), Ltd, pp. 214-228. ISBN 978-1-78255-177-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23729

Malcev, M., & **Popeska, B.** (2018) Primary school physical education in Republic of Macedonia - condition and challenges. In: “Physical Education in Primary School: Researches - Best Practices - Situation”; Pensa Multimedia in cooperation with University of Foggia, Italy, Italy. Book chapter http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19475

**Popeska, B.,** Klincarov,I., Mitevski, O., & Nikovski, G. (2018). Common obstacles to the realization of the physical education teaching process in the Republic of Macedonia, In Scheuer, Bund & Holzweg (Eds.), Changes in childhood and adolescence: current challenges in physical education. Die Deutsche Bibliothek, Logos Verlag Berlin GmbH, 2018 (pp. 131-147) ISBN 978-3-8325-4697-7

Дел од стручно-апликативна дејност на кандидатката д-р Билјана Попеска се однесува на учество во бројни меѓународни научноистражувачки и стручно-апликативни **проекти** во областа на квалитетно физичко образование, компетенции и професионален развој на наставниците по физичко образование, едукација во и преку спортот, двојни кариери во спортот и сл. Во различни улоги и со различни задачи и одговорности учествува во повеќе од десет меѓународни проекти и еден национален проект. Проектот „Psychological Responses, Coping Strategies and Physical Activity during the COVID-19 Pandemic: A Multiple Country Comparison Study” to PACS е меѓународен проект со учество на повеќе од 15 земји од целиот свет, раководен од Државниот универзитет Охајо во САД, реализиран со цел да се утврдат ефектите од КОВИД 19 врз менталното здравје и физичката активност на луѓето. Покрај улогата на истражувач, Попеска беше вклучена и како координатор на проектниот тим од С. Македонија. Во позиција на главен истражувач, менаџер на одредени работни пакети и координатор на тимот на УГД, работи на проектите од програмата Еразмус+ Спорт: Tennis clubs for dual careers (TC4DC), Be Valued Reload, Meaningfulness in Youth Sport (MiYS), насочени кон стекнување на вештини во и преку спортот, промовирање на здравствено-насочена физичка активност, развој на вештини и стратегии за работа во младински спортски клубови итн. Во рамките на проектите Human libraries“ Agreement Number

2020-1-MK01-KA105-077609 и Erasmus+ project, Pease building од програмата Еразмус К2, работи на позиција на едукатор и тренер, како и едукатор, тренер и истражувач во проектите Outdoor activities and story telling и PULSE Project од истата Еразмус-програма. Како истражувач и експерт од Европската асоцијација за физичко образование (ЕУПЕА) е вклучена во проектите QualiTePE и PhysEd Academy од програмата Еразмус +, насочени кон подобрување на компетенциите на наставниците по физичко образование и креирање на критериуми и индикатори за квалитетно физичко образование кои ќе се применат меѓу земјите ширум Европа. Попеска е дел од проектниот тим и координатор од С. Македонија во рамките на проектот Erasmus mobility in sport (GEM project) од програмата мобилност во спорт, како и национален координатор за Европскиот ден на спорт во училиштата (ESSD, 2020, 2021, 2022) кој се организира три години по ред. Попеска е дел и од тим на проектот „Релации на елементарните игри и моторичките способности кај ученици од рана возраст" чиј координатор е Педагошкиот факултет од Скопје, а кој проект ги обединува едукаторите по методика на физичко воспитание од сите педагошки факултети во Македонија.

Во рамките на стручно-апликативната дејност, а во релација со компетенциите и стручно-научниот интерес на кандидатката е и учество на бројни конференции, семинари летни школи како поканет предавач со пленарно излагање, како и учество како едукатор и модератор на бројни работилници, едукативни семинари и вебинари тесно поврзани со нејзината област на стручен и научен интерес. Како **пленарен предавач**, во период од 2021 и 2022 година, Попеска има учествувано на конференции и симпозиуми во Словачка, Хрватска, Русија и Бугарија. Во продолжение се насловите на предавањата:

Popeska, B.(2021). Physical education teachers` opinion about online physical education teaching: What we learned and how to move forward? In: *The INSHS 13th International Christmas Sports Scientific Conference*, 1st to 3th December, 2021, Budapest, Hungary. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29333 Keynote speake

Popeska, B. (2021). How covid 19 changed the educational process of future pe teachers- What we have done and what can we implement in future – experience from North Macedonia. In: 17th International Conference of the International Network of Sport and Health Science, 27th - 29th May, 2021, St. Petersburg - Russia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29334, Keynote speaker

Popeska, B. (2022). Tandem teaching in physical education - current experiences and possibilities for improvement. Konferenciu: "Buducnost telesnej a športovej vychovy na SLovensku (The Future of Physical and Sport Education in Slovakia)", 9 – 10 December, Bratislava, Slovakia, Keynote speaker

Popeska, B (2022). „Tandem teaching in physical education-step toward quality PE in primary education", 30 Ljetna Skola KIneziologa Republike Hrvatske, Medjunarodni znanstveni skup "KIneziologija u Evropi", 29.06 – 2.07.2022 Zadar, Hrvatska, Invited speaker

Popeska, B. (2022). Methodical preparation of generalist teachers for physical education and tandem teaching in PE. 14th International Scientific Conference "Modern tendencies In Physical education and sport", 7 – 8 Octomber, 2022, University "St. Kliment Ohridski", Department of Sport, Sofia, Bulgaria. Invited speaker.

Паралелно со овие активности, во функција на едукатор, Попеска **учествува на бројни работилници, едукативни семинари и вебинари** тесно поврзани со нејзината област на стручен и научен интерес, обработувајќи актуелни теми како: одржливи универзитетски кампуси, примена на активни паузи, работилници поврзани со промоција на здрав и активен начин на живот (Серијал работилници „Петок во пет"), перспективите на универзитетскиот спорт, жени лидери во спортот итн. Како позначајни во периодот од 2018 до 2022 година се издвојуваат:

- Коорганизатор на меѓународна онлајн работилница Sustainable University Sport Campus (SUSC), одржана на 27 и 28 септември 2022 година, во организација на Faculty of Education and Psychology, Eötvös Loránd University: Institute of Sport Science - Szombathely, Institute of Health Promotion and Sport Science and Innovation Centre of Eötvös Loránd University во соработка со International Network of Sport and Health Sciences (INSHS, France), Факултет за спорт и физичко образование од Ниш и

Универзитетски спортски и културен центар при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

- Реализатор на работилница „Примена на активните паузи“ во организација на Youth on Board, Онлајн работилница, 18 февруари 2021 година.
- Предавач на онлајн работилница „Искуства и предизвици со онлајн наставата по Физичко воспитание“, 28.1.2021 г. во организација на Федерација на спортски педагози на Македонија.
- Едукатор на серија од три работилници со наслов: 1) Social exclusion through sport activities; 2) Discrimination and hate speech in sport и 3) Stereotypes and prejudice во рамки на проектот „Human libraries“ Agreement Number 2020-1-MK01-KA105-077609.
- Учество во работилница „Жени лидери во спортот“, одржана во период 31 мај до 2 јуни 2021 година.
- Обука „Детски права во образованието“, во рамки на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“, декември 2020 година.
- Обука „Почитување на различностите и интеркултурализмот во училиште“ во рамки на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“, декември 2020 година.

За истакнување се и бројните активности како модератор во склоп на различни сесии на научно-стручните симпозиуми и собири. Во продолжение е дел од учествата:

- Серијал од пет вебинари „Петок во пет“ на теми поврзани со активниот и здрав начин на живот во организација на Универзитетски спортски и културен центар во период од април до јуни 2021 година.
- Модератор на работилница “The future of university sport – How do we see it and what have we learned from COVID 19?” 29 Јануари, 2021 година (онлајн) во организација на International Network of Sport and Health Sciences (INSHS, France), Универзитетски спортски и културен центар при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Eötvös Loránd University: Institute of Sport Science – Szombathely, Hungary.
- Модератор на сесија на 6$^{th}$ International Conference of Physical education and Sport Science (ICPESS) 2021, 10 – 13 June, Jacarta, Indonesia.
- Модератор на работилница „Свест за себе. Како да се биде свесен тренер“, организирана во рамки на 24. Симпозиум за спорт и млади во Охрид, 10 – 11 септември 2021 година.
- Модератор на сесија во рамки на 5$^{th}$ International Conference of Physical Education and Sport Science (ICPESS), одржан во период од 4 до 6 декември 2018 во Кападокија, Турција.

Како дел од стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, за одбележување е вклучувањето на кандидатката д-р Билјана Попеска во организациските активности и активно вклучување во научноистражувачката заедница, кои вклучуваат **учества во работата на списанија, рецензент на трудови за меѓународни списанија, учество во организациски и програмски одбори во организација на конференции и симпозиуми,** модератор на сесии во рамките на конференциите и сл. Во таа смисла, Попеска извршува задачи како одговорен уредник (Editor in Chief) на списанието Research in Kinesiology (RIK), UDC: 796, ISSN 1857-7679; Одговорен уредник на списанието Activities in Physical Education and Sport (APES), UDC: 796 ISSN: 1857-7687, како и поканет уредник на специјално издание на списанието Sustainability, Special issue “The Role of Physical Activity in achiving the Sustainable Development Goals”, MDPI Journal, (Special Issue Guest Editor).

Активно работи и како **рецензент на научни и стручни трудови** во бројни списанија, од кои некои и списанија со висок импакт фактор, како списанијата Frontiers, International Journal of Environmental Research, Sustainability, како бројни останати списанија со меѓународен уредувачки одбор цитирани во референтни бази. Тоа се списанијата Journal Collegium Antropologicum, South African Journal for Research in Sport, Physical Education and Recreation, Školski vjesnik – časopis za pedagogijsku teoriju i praksu, Split, Croatia, Research in Kinesiology, Activities in Physical Education and Sport etc.

Во рамките на организациско-развојната дејност, д-р Попеска е **член во уредувачки одбори на списанија и организациски одбори на конференции и симпозиуми.**

- Член на Научен одбор на Меѓународна научна конференција „Модерни тенденции во физичко образование и спорт“ – Департамент по спорт, Софиски универзитет – Софија, Бугарија, 2019, 2020, 2021, 2022.
- Член на организациски комитет на 245th Symposium on sports and physical education of youth & 17th International Scientific Conference April 2022, Ohrid.
- Член на Организациски комитет на 24th Symposium on sports and physical education of youth, September 10th & 11th, 2021, Ohrid.
- Член на Уредувачки одбор (Editorial Board – International Advisory Board) на списанието Physical Education, Sport, Kinesitheraphy Research Journal- ISSN 2534-8620 (Online).
- Член на Уредувачки одбор на списание International Journal of Education and Philology, уредуван од страна на Меѓународен балкански универзитет – Скопје.
- Член на Уредувачки одбор на списание „Воспитание“, уредувано од страна на Факултет за образовни науки – Штип, УГД.

Попеска е член, **национален претставник и член на Управниот одбор на бројни и федерации и професионални асоцијации за физичко образование**. Како позначајни се издвојуваат следниве:

- EUPEA – член на Борд и претставник на Југоисточна Европа;
- Член и помошник национален делегат (assistant national delegate) на Интернационалната асоцијација за физичко образование (FIEP);
- Член и национален претставник во CEREPS;
- Член и национален претставник во EUPEEN;
- Член на International Network of Sport and Health Sciences (INSHS, France), координатор на група за Универзитетски спорт;
- Член на програмата Future Leader Volonteers, на позиција Senior Future Leaders, Co – head leader, одговорна за промоција на здрав и активен начин на живот меѓу младите преку физичка активност;:
- Национален претставник во Федерацијата за промоција на здрав и активен живот и холистички пристап во развојот (T*he Federation for Global Community Health*). Како национален претставник е одговорна за промоција на физичката активност со вклучување на целата општествена заедница и промоција на G – 17 целите на Обединетите нации (UN);
- Член на IOHSK – Internatiinal Organization Health Sports Kinesiology.

Почнувајќи од 2010 година со Одлука на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Попеска е назначена за **раководител на Универзитетскиот спортски и културен центар** која функција ја реализира до денес. Во рамките на активностите во Универзитетскиот спортски и културен центар активно се вклучува во организацијата, планирањето и реализацијата на сите спортски настани на Универзитетот; ја координира и организира реализацијата на наставата по спорт и рекреација во сите наставни центри и на сите факултети; учествува во организацијата и координацијата на бројни спортски настани и активности во домашни и меѓународни рамки. Во рамките на активностите во УСКЦ, назначена е за претставник на Универзитет „Гоце Делчев“ во Универзитетската спортска федерација на Република Македонија. Како позначајни активностите во Универзитетскиот спортски и културен центар ќе ги издвоиме следните: координатор и организатор на Универзитетски спортски лиги и Финална спортска манифестација за патрониот празник на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Спортска сала „Јордан Мијалков“), 2018, 2019, 2021, 2022; учество на Втор меѓународен спортски форум на Паничиште – Република Бугарија со презентација на тема, јуни 2019 година; организатор и модератор на вебинари „Петок во пет“; организатор и координатор на студенти и вработени за учество на улични трки и планинарски тури; организатор и реализатор на онлајн работилница „Одржливи универзитетски кампуси“ во соработка со Универзитетот во Будимпешта и Факултетот за спорт во Ниш – Република Србија; претставник на УГД во Универзитетска спортска федерација на Македонија; координатор и одговорно лице на екипа на студенти од Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на Меѓународен студентски турнир во одбојка и тенис на плажа во Лозанец, Р. Бугарија, септември 2022 година.

Кандидатката д-р Билјана Попеска активно е вклучена во работата на Факултетот и Универзитетот како **член и на неколку комисии во рамките на Факултетот за образовни науки и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**. Тие се Универзитетската комисија за спорт и култура (Одлука 0202-612/4 од 30.9.2022), Комисија за проверка на психофизички способности за 2021 и 2022 година (Одлука 1602-86/17 од 1.9.2021 и Одлука 1602-88/14 од 13.6.2022), Комисија за изготвување на елаборати итн.

Покрај наведените активности, Попеска е долгогодишен активен аеробик инструктор. На овој начин, работејќи во сферата на рекреативната физичка активност за пошироката популација, делува како промотор на здравиот и активен начин на живот промовирајќи ја физичката активност не само во рамките на образовниот систем, туку и во рамките на секојдневниот живот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериуми и постапки за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 50 од јуни 2021 година) и распишаниот Конкурс од 21.12.2022 година, врз основа на наведените податоци во извештајот и оценките на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката вонреден професор д-р Билјана Попеска ги исполнува критериумите за избор во звање редовен професор.

Анализата на приложените документи кои се однесуваат на наставната, научноистражувачката, стручната, апликативната и организациско-развојната дејност, покажуваат дека кандидатот д-р Билјана Попеска е одговорен, коректен и креативен наставник вклучен во бројни наставни, стручни и организациски активности на Факултетот за образовни науки и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев". Прикажаните резултати од научноистражувачката работа покажуваат дека станува збор за компетентен и методолошки коректен научен работник кој активно истражува и твори во неколку меѓусебно тесно поврзани сегменти на кинезиологијата. Опусот на научни истражувања и учеството во меѓународни истражувачки тимови и проекти ја потврдуваат компетентноста на кандидатката препознаена на меѓународно ниво. На овој начин, како и преку нејзината интензивната меѓународна активност и членства во бројни асоцијации од областа на кинезиологија, д-р Билјана Попеска дава значаен придонес во промоција на физичкото воспитание и спортот. Наведените активности ја одразуваат нејзината заложба за континуиран личен и професионален развој, но и афирмацијата и јакнење на капацитетите на институцијата во која работи и твори. Во оваа насока е и нејзината вклученост во бројните организациско-развојни активности на Универзитетот, како и бројните учества во меѓународни научни и стручно-апликативни проекти, како и наведените стручно-апликативни дејности и резултатите од истите.

Врз основа на претходно наведеното, т.е. врз основа на остварените резултати во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), стручно-апликативната и организациско-развојната дејност (САОР), Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог за кандидатот вонреден професор д-р Билјана Попеска да се избере во звање редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго) на Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Илија Клинчаров, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Марјан Малцев, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**
**вонреден проф. д-р Билјана ПОПЕСКА, Факултет за образовни науки**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 4. | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | ВКУПНО (НО) | **40** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | Вкупно |
| 3. | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) 15/10/5<br>*Прв автор (8)* 1x15=15<br>*Останати автори (1, 2, 3, 4, 5, 6,7)* 7x5=35 | 50 | | 50 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) 9/6/3<br>*Прв автор (9, 15)* 2x9= 18<br>Втор автор (11,12,13,16,17,18,19,20,21,23,24) 11x6=66<br>*Останати автори (10, 14, 22)* 3x3=9 | 93 | | 93 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир 2/3<br>***Во земјава** (53,70, 71) 3x2=6*<br>***Во странство** (46,54, 65, 66, 69,71, 72,73, 74, 75,76,77, 80*<br>13x3=39 | 6 | 39 | 45 |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт 3/6<br>*Во земјава*<br>*Во странство (27, 40, 45)* 3x6=18 | | 18 | 18 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт 2/4<br>*Во земјава*<br>*Во странство (32)* 1x4=4 | | 4 | 4 |
| 8. | Одржано предавање по покана на научна институција 2/3<br>***Во земјава***<br>***Во странство** - Предавање реализирано на Универзитетот во Виена, Центар за спортски науки и универзитетски спорт, одржано во мај 2019 г.* | | 3 | 3 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство 1/1,5 во земјава, 1,5/2 во странство<br>***Учество на научен собир во земјава – усно** (35,36,37,38,48,49, 51,55,57,63) 10x1,5=15*<br>*Учество на научен собир во странство - усно (30,31,33, 34,39,41,42,43,44,50,52,56,58,61,64,67,68,78,79) 19x2= 38*<br>*Учество со постер на научен собир во странство (59,60,62)* 3x1,5=4,5 | 15 | 38+4,5 | 57,5 |
| 14. | Учесник во научен проект 2/3 (максимум во три проекти)<br>- *PACS project - Psychological Responses, Coping Strategies and Physical Activity during the COVID-19 Pandemic: A Multiple Country Comparison Study*<br>- *Проект: „Релации на елементарните игри и моторичките способности кај ученици од рана возраст“* | 2 | 3 | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) 10/6/3<br>- *Одговорен уредник (Editor in Chief) на списанието Research in Kinesiology (RIK), UDC: 796, ISSN 1857-7679;*<br>- *Одговорен уредник на списанието Activities in Physical Education and Sport (APES), UDC: 796 ISSN: 1857-7687* | 2x6 | | 12 |
| 16. | Член на уредувачки одбор на научно списание (4/2/1/)<br>- *Поканет уредник на специјално издание (Special Issue Guest Editor) на списанието Sustainability, Special issue "The Role of Physical Activity in achiving the Sustainable Development Goals", MDPI Journal*<br>- ***Член на уредувачки одбор (****Editorial Board – International Advisory Board) на списанието Physical Education, Sport, Kinesitheraphy Research Journal- ISSN 2534-8620 (Online)*<br>- ***Член на уредувачки одбор на списание*** *International Journal of Education and Philology, уредуван од страна на Меѓународен Балкански Универзитет – Скопје* | 4 +1+1 | | 6 |
| 20. | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал 1/2<br>**Во земјава**<br>- **Член на организациски комитет на 24th** *Symposium on sports and physical education of youth & 17th International Scientific Conference April 2022, Ohrid*<br>- **Член на организациски комитет на 24th** *Symposium on sports and physical education of youth, September 10th & 11th, 2021, Ohrid 2x1=2*<br>**Во странство**<br>- **Член на научен одбор на Меѓународна научна конференција: „Модерни тенденции во физичко образование и спорт" – Департмент по спорт, Софиски универзитет – Софија, Бугарија, 2019, 2020, 2021, 2022** *2x4=8* | 2 | 8 | 10 |
| 23. | Студиски престој во странство (8 еднократно)<br>- *Студиските престои реализирани на Mary Immacilate College, Limerick, Ireland во октомври 2022 г.*<br>- *Престој на Nykolo Romeryo University, Институт за образовни науки и социјална работа, во Литванија во јуни 2019* г. | 2x8 | | 16 |
| 24. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) 2/1,5/1<br>*СЦИ списанија - Рецензент на трудови во списанијата:*<br>- Frontiers,<br>- International Journal of Environmental Research and Public health<br>- Sustainability 3x2=6<br>*ЦА списанија -Рецензент на трудови во списанијата:*<br>- Journal Collegium Antropologicum,<br>- South African Journal for Research in Sport,<br>- Physical Education and Recreation,<br>- Research in Kinesiology,<br>- Activities in Physical Education and Sport 5x1,5=7.5<br>*Останати - Рецензент во списанието*<br>- Školski vjesnik – časopis za pedagogijsku teoriju i praksu, Split, Croatia 1x1=1 | 6+7.5+1 | | 14.5 |
| | ВКУПНО НА**УЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | | | 343 |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| 1. | Книга/учебник (10/15)<br>*Универзитетски учебник со наслов „Моторички развој во рано детство“,http://e-lib.ugd.edu.mk/1109* | 10 | | 10 |
| 2. | Поглавје од книга (4/7)<br>1. ***Popeska, B**., Tufekcievski, A., & Aceski, A. (2020). Physical Education and School Sport in the Republic of North Macedonia. In Naul, R., & Scheuer, C. (Eds.), Research on Physical Education and School Sport in Europe. Meyer & Meyer Verlag, Aachen, Aachen, Germany, pp. 333-360. ISBN 978-3-8403-7539-2 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27704*<br>2. *Yaneva, A., Baca, A., Barbareev, K., **Popeska, B**., Guðmundsdóttir, M.L., Tumanova, B., Dobiasch, M., Kornfield, F., Elenurm, E., Finnbjörnsson, T., Dancs, H., Liira, R., Stoyanova, E., Lukanova, V., Hristova, P., Kazandzieva, K., Hristova, D., Prokopov, Ivailo., Ivanov, D. (2020). Guide for Physical Activity Through Innovative Technologies. University Publishing House “St. Kliment Ohridski” Sofia University, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27706*<br>3. ***Popeska, B**., Klincarov, I., Malcev, M., & Malcev, M. (2020). Physical education and sport and Universities in the Republic of North Macedonia. In Bobiak, M., Antala, B., & Pelucha, R. (Eds.), Physical Education in Universities Researches - Best Practices - Situation. Slovak Scientific Society for Physical Education and Sport and FIEP, Bratislava, pp. 347-356. ISBN 978-80-89075-91-1*<br>4. *Malcev, M., & **Popeska, B**. (2019) Physical education teacher education in the Republic of Macedonia. In: European Physical Education Teacher Education Practices- Initial, induction and professional development. Meyer & Meyer Sport (UK), Ltd, pp. 214-228. ISBN 978-1-78255-177-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23729*<br>5. *Malcev, M., & **Popeska, B**. (2018) Primary school physical education in Republic of Macedonia - condition and challenges. In: “Physical Education in Primary School: Researches - Best Practices - Situation”; Pensa Multimedia in cooperation with University of Foggia, Italy, Italy. Book chapter http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19475*<br>6. ***Popeska, B**., Klincarov,I., Mitevski, O., & Nikovski, G. (2018). Common obstacles to the realization of the physical education teaching process in the Republic of Macedonia, In Scheuer, Bund & Holzweg (Eds.), Changes in childhood and adolescence: current challenges in physical education. Die Deutsche Bibliothek, Logos Verlag Berlin GmbH, 2018 (pp. 131-147) ISBN 978-3-8325-4697-7* | | 6x7 | 42 |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно списание) 2/6<br>*Во земјава (25, 26)* 2x2=4 | 4 | | 4 |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (2/3)<br>*во земјава*<br>*во странство (29)* 1x3=3 | | 3 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир (2/4)<br>*Во земјава*<br>*Во странство (28)* 1x4=4 | | 4 | 4 |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание 2<br>- *Член на Уредувачки одбор на списание „Воспитание“, уредувано од страна на Факултет за образовни науки – Штип, УГД* 1x2=2 | 2 | | 2 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) 5/8<br>- *Tennis clubs for dual careers (TC4DC) Project*<br>- *Be Valued Reload Project*<br>- *QualiTePE Erazmus + project* | | 3x8 | 24 |
| 26. | Раководител на катедра/оддел/центар<br>Управител на универзитетски спортски центар | 3 | | 3 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела<br>*Член на универзитетската комисија за спорт и култура* | 5 | | 5 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (2)<br>- Член на комисија за проверка на психофизички способности (2021, 2022 година)<br>- Член на работна група за изработка на елаборат за програми за прв циклус на студии | 3x2 | | 6 |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | 103 |
| | **ВКУПНО (НО+НИСУ+СА) 40+334+103** | | | **477** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 604 НАУКА ЗА ЈАЗИК, 64004 АНГЛИСТИКА, 64012 КОМПАРАТИВНА ЛИНГВИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-57/12 од 3.3.2023 година, донесена на 262. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 3.3.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден *наставник* во сите наставно научни звања за наставно-научните области*: 604 наука за јазик, 64004 англистика, 64012 компаративна лингвистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во следниов состав:

– **д-р Нина Даскаловска** (претседател), редовен професор за наставно-научните области 64004 англистика; 64028 методика на јазик; 61225 методика на литературата на Филолошки факултет во Штип при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– **д-р Сашка Јовановска** (член), доцент за наставно-научните области 6.04 подрачје наука за јазикот (лингвистика), поле 64004 англистика и поле 64018 граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошки факултет во Штип при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– **д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска** (член), за наставно-научна област наука за книжевноста и наука за јазикот 64004 англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат" и „Коха" на 21.2.2023 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

- **д-р Ана Коцева**.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатката **д-р Ана Коцева** (моминско Ѓорѓева) е родена на 11.2.1992 год. во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 2010-2011 година се запишува на Катедрата по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Додипломските студии ги завршува со среден успех од 9,95 за што добива и пофалница за студент со највисок среден успех на Филолошки факултет при УГД – Штип. Во 2014 година дипломира и се стекнува со стручен назив **дипломиран филолог – преведувач и толкувач по англиски јазик.** По дипломирањето го продолжува своето образование на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип и во 2015 година добива *сертификат за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка*. Истата година успешно полага и стручен испит за наставници во јавните средни училишта. Во учебната 2014/2015 г. се запишува на постдипломски студии по англиски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во 2017 година ги завршува студиите од втор циклус со среден успех од 9,42 и успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Контрастивна анализа на говорниот чин на приговарање во македонскиот и во англискиот јазик", при што се стекнува со научен назив **магистер по филолошки науки од областа на англиски јазик**. Во 2019 г. се запишува на трет циклус на студии на Филолошки факултет при Југозападен Универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, Бугарија. Во 2022 г. ги завршува студиите од трет циклус со среден успех 10,00 и успешно ја брани докторската дисертација на тема „Прагматички аспекти при изразување на приговори, барања и извинувања во англискиот и македонскиот културен код", при што се стекнува со звање **доктор на науки по англиски јазик**. Дипломата ѝ е признаена со решение за признавање и еквиваленција на странска високообразовна

квалификација од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Д-р Ана Коцева го почнува своето работно искуство во 2012 година кога е ангажирана како наставник по англиски јазик во рамките на проектот „Бесплатни курсеви за странски јазици“ организиран од Општина Штип. Во периодот од 2013 до 2014 година работи во приватно училиште „Полипроект” во Штип како наставник по англиски јазик и преведувач и толкувач по англиски јазик. Во 2015 година е ангажирана како преведувач и толкувач за потребите на проектот „Промоција на надлежностите на Народниот правобранител и јакнење на институционалните капацитети” организиран од Општина Струмица. Истата година започнува со работа во средното образование. Од 2015 до 2019 година работи како професор по англиски јазик во СОУ „Коле Нехтенин” – Штип, а од 2016 до 2021 година во ДСУ „Спортска академија“ - Скопје. Наставно-образовната дејност во високото образование ја започнува во 2018 година како **лектор во наставно-научната област англистика** на ПВПУ „Еуро колеџ”, Куманово, каде што е хонорарно ангажирана до јануари 2023 година. Од 2021 година па сè до денес работи како **стручен соработник/ лаборант** на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, РСМ.

Кандидатката континуирано работи на својот професионален развој преку учество на државни и меѓународни конференции, семинари, работилници, обуки и се стекнува со соодветни сертификати за учество. Истовремено се занимава и со научно-истражувачка работа која што резултира со публикација на 13 научни труда.

***Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

– *Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв, втор и трет циклус на студии, за секој циклус посебно.*

Кандидатката ги завршува студиите од прв, втор и трет циклус со просек од најмалку 8 (нејзиниот просек од прв циклус на студии е 9,95, од втор циклус на студии е 9,42, а од трет циклус е 10,00).

– *Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.*

Д-р Ана Коцева има завршено трет циклус на студии во областа во која се бира – наставник во наставно-научните области - 604 Наука за јазик, 64004 Англистика, 64012 Компаративна лингвистика.

– *Има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Kitanova, Irena., Koceva, Ana. | (2022) *Dyslexia and language teaching. [Дислексија и предавање на* јазик.] | Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research. Vol: 7. No.14. | Од 2016 |
| 2 | Koceva, Ana., Kostadinova, Dafina. | (2021) *A comparative analysis on apology speech acts in American English and Macedonian.* [Компаративна анализа на говорниот чин на извинување во американски англиски и македонски јаз.] | Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research. Vol: 6. No.12 | Од 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Koceva, Ana. | (2021) *Teaching forms, methods and techniques used by EFL teachers and their influence on introverted students.* [Наставни форми, методи и техники кои се користат од наставниците по странски јазик и нивното влијание врз интровертните ученици] | Vospitanie, Journal of educational sciences theory and practice, Faculty of educational sciences. Vol:16. No.1. | Од 2001 |
| 4 | Koceva, Ana. | (2020) *Cross-cultural study of modifiers used in the speech act of complaining by American and Macedonian high-school* students [Меѓукултурна студија на модификаторите присутни во говорниот чин на извинување од американски и македонски средношколци] | XIV Национални филологически четения за студенти и докторанти в чест на светите братя Кирил и Методий - сборник доклади | Од 2002 |
| 5 | Koceva, Ana. | (2020) *Smartphones as essential tools in the EFL classroom*. [Паметните телефони како основни алатки во училницата за англиски како странски јазик]. | Vospitanie, Journal of educational sciences theory and practice, Faculty of educational sciences. Vol:11 No.5 | Од 2001 |
| 6 | Koceva, Ana. | (2018) *A cross-cultural study of complaint strategies by Macedonian and American high-school students.* [Меѓукултурна студија на стратегиите за приговарање од македонски и американски средношколци] | Conference Proceedings: Third International Scientific Conference „FILKO" – Philology, Culture, Education. | Од 2016 |
| 7 | Gjorgjeva, Petrova, Emilija., Koceva, Ana. | (2018) *Религиското образование – Верска поука или морално образование.* [Religious education – religious instruction or moral education]. | Зборник на трудови - Шеста меѓународна научна конференција „Современото образование – услови, предизвици и перспективи" | Од 2002 |

– *Има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот*

Фактот дека кандидатката е дипломиран филолог – преведувач и толкувач по англиски јазик, магистер по филолошки науки од областа на англиски јазик и доктор на науки по англиски јазик покажува дека кандидатката одлично го владее англискиот јазик.

– *Има способност за изведување на високообразовна дејност*

Кандидатката има четиригодишно искуство како хонорарно ангажиран лектор по англиски јазик во високото образование и двегодишно искуство како стручен соработник/лаборант од областа англистика во високото образование.

***Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

– *Препораки од двајца професори од соодветната научна област за која се врши изборот*

Кандидатката д-р Ана Коцева има доставено две препораки од редовни професори од соодветната област во кои се нагласува ангажираноста, одговорноста и посветеноста на кандидатката во нејзиниот професионален развој.

Според доставените документи, кандидатката д-р Ана Коцева ги исполнува општите и посебните законски услови за избор во звање доцент.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Наставно-образовната дејност на кандидатката започнува во 2012 година како наставник по англиски јазик во рамките на проектот „Бесплатни курсеви за странски

јазици“ организиран од Општина Штип. Следната година продолжува со работата како наставник по англиски јазик во приватното училиште „Полипроект” во Штип, каде што работи со ученици од основно образование.

Во периодот од 2015 до 2021 година континуирано работи во средното образование како професор по англиски јазик со ученици од разни профили во СОУ „Коле Нехтенин” – Штип и ДСУ „Спортска академија” – Скопје. Исто така, во периодот од 2018 до 2023 година е ангажирана хонорарно како лектор по англиски јазик на ПВПУ „Еуро колеџ” - Куманово за предметите Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2.

Од 2021 година па сѐ до денес, кандидатката е ангажирана како стручен соработник од областа англистика на Филолошкиот факултет при УГД – Штип и учествува во изведувањето на наставата за предметите: Современ англиски јазик 1, Современ англиски јазик 2, Терминологија, Контрастивна анализа на македонскиот и англискиот јазик, Современ англиски јазик 5, Современ англиски јазик 6.

**Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Ана Коцева**

1. Петрова Ѓорѓева, Емилија, **Ѓорѓева, Ана** (2012) *Изучување на странски јазик преку игра* [Learning a foreign language through game], Годишен зборник 2012, година 3, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Том: 3. стр. 43-53. ISSN 1857-7059, УДК: 37.091.3: 81.243)-027.22

Евалуација на трудот: За успешно усвојување на странски јазик неопходно е да се употребат соодветни техники кои ќе го забрзаат учењето, но и ќе создадат релаксирана и мотивирачка средина. Во овој труд го разработуваме поимот игра како есенцијална техника при изучувањето на странски јазик. Претставена е детална анализа на условите во кои е соодветно да се употреби оваа техника на учење, процесот за одредување на соодветна игра и процесот за спроведување на самата игра. Само преку правилно и прецизно одбрани методи може да се премости разликата меѓу реалниот свет и училницата, како и помеѓу мајчиниот и странскиот јазик.

2. **Ѓорѓева, Ана** (2014) *Учење на англиски со помош на интернет.[Learning English using the internet]*, Тематски зборник: Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитељским (Педагошким) факултетима. Учитељски факултет у Врању, Унуверзитет у Нишу, Србија, стр. 499-504.

Евалуација на трудот: Употребата на интернет во наставата претставува нова димензија во целокупниот воспитно-образовен процес. Наставниците мора да знаат соодветно да го користат интернетот и да ја интегрираат оваа употреба спрема наставните теми и содржини. Целта на овој труд е да се запознаат наставниците со компјутерот како помошно средство за подучување и компјутерот како помошно средство во процесот на учење на јазикот.

3. **Ѓорѓева, Ана** (2014) *Компјутерот и интернетот во процесот на поучување и учење на англиски јазик*, Факултет по педагогика, Катедра „Педагогика, Съюз на учените в България – клон Благоевград Педагошки факултет, Југозападен университет „Неофит Рилски, Софија. стр.75-79, ISBN 978-619-160-336-7.

Евалуација на трудот: Современиот начин на живот бара усогласување на технологијата и образованието. Учењето на англиски како странски јазик со помош на компјутер и интернет овозможува употреба на технологијата во наставата по англиски јазик како предавач на јазикот, како стимул за конверзација и како помошно средство за когнитивен развој. Сепак наставниците треба секогаш да го употребуваат интернетот само како алатка која е дел од наставниот процес и служи за остварување на поставените цели и усвојување на дадените содржини, а не треба да се дозволи да има водечка улога во самиот час. Наставниците треба јасно да ги дефинираат своите цели, но и да го анализираат влијанието на технологијата врз учениците.

4.Атанасоска, Тања, Цветкова, Биљана, **Ѓорѓева, Ана** (2015) *The importance of the career counselling process [Значењето на кариерното советување].* Зборник на трудови, Меѓународна научна конференција, Образованието во XXI век, - состојби и перспективи, Факултет за образовни науки, УГД, Штип. Стр. 376-379, ISBN 978-608-244-275-4, UDK: 37.048-057.874

Евалуација на трудот: Кариерното советување е редовна практика во многу развиени земји. Новите тенденции во македонскиот образовен процес се насочени кон воведување на ваков вид на процес и во нашиот едукативен систем. Во овој труд се дефинира начинот на анализа на способностите и вештините на личноста кои се соодветни за одредена кариера. Исто така се утврдуваат и бенефитите кои произлегуваат од кариерното советување за учениците, но и за секој граѓанин со што тој станува корисна индивидуа во општеството.

**5.Ѓорѓева, Ана**, Кусевска, Марија (2016). *Intra-linguistic analysis of requests in Macedonian*. [*Интра-лингвистичка анализа на барањата во македонскиот јазик.]* Conference Proceedings: First International Scientific Conference „FILKO" – Philology, Culture, Education. Vol.1, pp. 1126-1133. Goce Delcev University, Shtip, Macedonia & Voronezh State University, Russia. UDC:316.773/2-021463(=163/3).

Евалуација на трудот: Во овој труд се анализира говорниот чин на барање во македонскиот јазик. Преку анализа на дискурс на шест ситуации во која учествуваа вработени лица со македонски како мајчин јазик, се утврдија стратегиите и модификациите на говорниот чин на барање во македонскиот јазик.

***6.Коцева, Ана** (2018). A Cross-cultural Study of Complaint Strategies by Macedonian and American high-school students. [Меѓукултурно истражување за стратегиите на говорниот чин на приговарање од македонски и американски средношколци.]* Conference Proceedings: Third International Scientific Conference „FILKO" – Philology, Culture, Education. pp. 287-291. UDC: 378.018.556:811.163.3-057.875(497.7), 378.018.556:811.111-057.875 (73).

Евалуација на трудот: Целта на ова меѓукултурно истражување е дефинирање на сличностите и разликите на говорниот чин на приговарање во македонскиот јазик и во американскиот англиски јазик. Беше спроведен тест за дискурсна анализа со осум хипотетички ситуации со различно општествено растојание, општествена моќ и различно ниво на навреда. Во истражувањето учествуваа ученици од средни училишта во Македонија и Калифорнија. Преку истражувањето беа утврдени одредени разлики меѓу говорните чинови во двата јазика коишто можат да предизвикаат проблеми во комуникацијата.

7. Петрова Ѓорѓева, Емилија, **Коцева, Ана** (2018). *Religious education – religious thought or moral education*. [Религиското образование – Верска поука или морално образование.] Зборник на трудови, Шеста меѓународна научна конференција, Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи, Факултет за образовни науки, УГД, Штип - стр. 318-322. ISBN 978-608-244-525-0, УДК: 37.014.523(497.7).

Евалуација на трудот: Во ова излагање го дефиниравме поимот религиско образование и неговата поврзаност со моралното образование. Постојат повеќе алтернативи за воведување на религиското образование во образовниот систем на РМ. Една од можностите е воведување на религиското образование како факултативен предмет што значи дека учениците ќе можат сами да изберат дали ќе го изучуваат, но по изборот станува задолжителен до крајот на учебната година. Религиското образование претставува учење за верата, моралот и за различните религиски погледи. Причините за потребата од овој предмет и нивната оправданост се наведени во вој труд.

8. **Коцева, Ана**. (2020). *Smartphones as essential educational tools in the EFL classroom*. [Паметните телефони како неопходни едукативни алатки во наставата по англиски јазик како странски јазик]. Vospitanie, Journal of educational sciences theory and practice, Faculty of educational sciences, UGD, Stip. Vol. 11, No. 15, pp. 79-85.

Евалуација на трудот: Училиштата и наставниците треба да го имплементираат технолошкиот напредок во наставата со цел да се има настава соодветна на 21 век. Во овој труд се утврдени придобивките од употребата на паметните телефони како алатки во наставата по англиски јазик, особено во време на пандемија. Освен позитивните страни, дефинирани се и проблемите и пречките кои што можат да настанат за наставниците, но и за учениците и како истите можат да се надминат. Успешната употреба на паметните телефони во редовната настава по англиски јазик ќе има бенефит и за наставниците и за учениците.

9. **Коцева, Ана** (2020). *Cross – cultural study of modifiers used in the speech act of complaining by American and Macedonian native speakers* [Меѓукултурна студија на

модификаторите во говорниот чин на приговарање од американски и македонски родени говорители]. XIV Национални филологически четения за студенти и докторанти в чест на светите братя Кирил и Методий, Сборник доклади, Организиран од Филологилеския факултет, Благоевград, Югозападен университет „Неофит Рилски“ България, стр.83-87. ISSN 2535-0625.

Евалуација на трудот: Целта на овој труд е да се утврди лингвистичката структура на говорниот чин на приговарање во однос на модификаторите коишто се употребуваат. Преку анализа на податоците и класификација на внатрешни и надворешни модификатори, се утврдија најчестите форми на модификатори во американскиот англиски и во македонскиот јазик во исти општествени ситуации. Разграничувањето на модификаторите во двата јазика е од особена важност за изучувачите на англиски јазик како странски јазик и може да помогне во намалување на грешки во комуникацијата во иднина.

10. **Коцева, Ана** (2021). *Teaching forms, methods and techniques used by EFL teachers and their influence on introverted students.* [Наставни форми, методи и техники кои се користат од наставниците по странски јазик и нивното влијание врз интровертните ученици]. Vospitanie, Journal of educational sciences theory and practice, Faculty of educational sciences, UGD, Stip. Vol. 16, No. 1, pp. 79-85.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторката истакнува дека стилот на предавање и неговата успешност зависи и од личните особини на учениците. Во трудот се дава детален опис на наставата по странски јазик во Северна Македонија, а воедно содржи и опис на тоа што претставува интровертноста и како се манифестира кај учениците. Трудот претставува сеопфатна анализа на формите, методите и техниките што се користат во наставата по англиски јазик во средните училиште и нивното влијание врз интровертните ученици. Целта на трудот е да се понудат соодветни методи и техники кои се корисни и ефикасни не само за интровертните, туку за сите типови на ученици.

11. **Коцева, Ана** (2021). Контрастивна анализа на стратегиите за извинување во англискиот и македонскиот јазик. Во Кусевска, М., Ивановска, Б. Прагматички истражувања. стр. 1-17.

Евалуација на трудот: Во овој труд предмет на анализа е говорниот чин на извинување во англискиот и во македонскиот јазик. Направена е контрастивна анализа во однос на стратегиите што се користат при образување на овој говорен чин. Учесници во истражувањето се македонски и американски студенти кои моментално студираат. На податоците беше извршена квантитативна и квалитативна анализа за дефинирање на употребените стратегии за извинување. Целта на истражувањето е да се подигне свеста за културната различност и како таа може да влијае врз меѓукултурната комуникација.

12. **Коцева, Ана**., Костадинова, Дафина (2021). *A comparative analysis on apology speech acts in American English and Macedonian.* [Компаративна анализа на говорниот чин на извинување во американски англиски и македонски јаз.] Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research. Vol:6. No:12. pp. 37 - 45.

Евалуација на трудот: Ова истражување опфаќа анализа на говорниот чин на извинување и негова споредба помеѓу (американски) англиски јазик и македонски јазик. Авторките истакнуваат дека за успешна реализација на извинувањето, потребно е говорителот да ја користи соодветната форма земајќи ги предвид културните и социолингвистички карактеристики на говорните чинови во двата јазика. Истражувањето потврдува дека сличностите меѓу говорните чинови на извинување во македонски и американски англиски јазик се побројни од разликите и нивната форма најчесто претставува комбинација од директно извинување и објаснување.

13. Китанова, Ирена, **Коцева, Ана** (2022). *Dyslexia and language teaching.* [*Дислексија и предавање на* јазик.] Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research. Vol:7. No. 14. pp. 223 – 230.

Евалуација на трудот: Авторите на овој труд ги опишуваат проблемите со кои се соочуваат учениците со дислексија при изучувањето на мајчиниот јазик (македонски) и странскиот јазик (англиски). Трудот претставува информативно четиво за дислексијата која сѐ уште е непрепознаена како тешкотија при учењето во целокупниот образовен процес. Во трудот се сумираат методите кои би биле најефикасни за наставниците кои

предаваат јазик и кои ќе го олеснат образовниот процес за сите видови на ученици со дислексија.

Кандидатката д-р Ана Коцева има шестгодишно искуство во наставно-образовната дејност во средното образование како професор по англиски јазик и шестгодишно искуство во високото образование како стручен соработник и лектор од областа англистика, како и 13 објавени научни труда, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

**Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност**

Кандидатката д-р Ана Коцева континуирано работи на својот професионален развој преку учество на конференции, научни сесии, трибини и форуми, работилници, онлајн обуки, семинари и вебинари, при што се стекнува со соодветни сертификати.

***Учество на конференции, научни сесии/трибини/форуми***

14. Ноември 2013 - Сертификат за учество на научна сесија „Професионална подготовка за идниот наставник во образовната работа", организирана од Факултет за педагогија, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Бугарија.

15. Декември 2013 - Сертификат за учество на научна конференција „Модерни тенденции во наставните и воннаставните активности на педагошките факултети", организирана од Универзитет Ниш и Учителски факултет во Врање, Србија.

16. Септември 2015 - Сертификат за презентација на труд на Интернационала научна конференција „Образованието во 21 век – состојби и перспективи", организирана од Факултет за образовни науки, УГД, Штип, РСМ.

17. Октомври 2015 - Потврда за учество на научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој", организирана од Факултет за образовни науки при УГД, Штип, Македонија.

18. Март 2016 - Сертификат за учество во Прва интернационална научна конференција „ФИЛКО"- Филологија, култура и образование организирана од Филолошки факултет, УГД – РМ и Факултет за филологија при Универзитет Воронеж, Русија, со излагање на тема „Интралингвистичка анализа на барањата во македонскиот јазик".

19. Мај 2016 - Сертификат за учество во научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи", организирано од Општина Штип, РМ, со излагање на тема „Контрастивна анализа на говорниот чин на приговарање во македонскиот и англискиот јазик".

20. Мај 2017 - Сертификат за учество во научно стручна конференција „Современото воспитание и образование – состојби предизвици и перспективи", организирана од Општина Штип, РСМ.

21. Април 2018 - Сертификат за учество на Трета интернационална конференција „ФИЛКО – Филологија, култура и образование", организирана од Филолошки факултет, УГД, Штип, РСМ и Филолошки факултет при Државен универзитет Воронеж, Русија.

22. Мај 2018 - Сертификат за учество во 6. Меѓународна научна конференција „Современото образование – услови, предизвици и перспективи", организирана од Факултетот за образовни науки при УГД, Штип, РС Македонија.

23. Јуни 2019 - Сертификат за учество во седма меѓународна научна конференција „Современото образование – услови, предизвици и перспективи", организиран од Факултет по педагогија при Југозападниот Универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Бугарија со презентација „Разлики помеѓу образовните системи во Р. Македонија и Данска".

24. Мај 2020 - Сертификат за учество во научен форум: Национални филолошки читања за студенти и докторанди организиран од Филолошкиот факултет при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Бугарија, со труд на тема „Меѓукултурна студија на модификаторите присутни во говорниот чин на извинување од американски и македонски средношколци".

25. Јуни 2020 - Сертификат за учество на онлајн научно-стручна конференција на тема „Образованието денес / Предизвици на современата педагошка наука" – 25 год. од основањето на Факултетот за педагогија/Факултетот за образовни науки; организирана од Факултетот за образовни науки при УГД, Штип, РС Македонија.

26. Октомври 2021 - Учество во Јубилејна меѓународна научна конференција „Филологијата – традиција и предизвици во новата реалност” со презентација на тема „Компаративна анализа на говорниот чин на извинување во американски англиски и македонски јазик” - Југозападен универзитет „Неофит Рилски”.

27. Ноември 2021 - Сертификат за учество на деветта годишна меѓународна конференција на ЗПРМ: Стандарди за превод и толкување – Опција или обврска организирана од Здружение на преведувачи на Република Македонија.

28. Октомври 2022 - Сертификат за учество во Седма годишна интернационална конференција за предавање англиски јазик на тема „Хибридно учење во предавањето на англиски јазик: мотивација, предизвици и можности”, организирана од Универзитет Катар во Доха, Катар.

***Рецензии на научни трудови во домашни и меѓународни зборници***

29. Октомври 2022 - Потврда за учество како рецензент на трудови во подготовката на четиринаесеттиот број од „Палимпсест“ (меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања) – УГД.

***Учество во проекти***

30. Јуни 2012 - Сертификат за успешна реализација на проектот „Бесплатни курсеви за странски јазици“, издадена од градоначалникот на Општина Штип, РСМ.

31. Април – септември 2022 - Учество во проект „Конференцискиот превод од невролингвистичка перспектива: неврофизиолошкиот статус на преведувачот и квалитетот на јазичната продукција во процесот на работа” при Филолошки факултет, Југозападен универзитет „Неофит Рилски”, Благоевград, Р. Бугарија.

***Учество во обуки/работилници***

32. Јуни 2010 - Сертификат за редовно посетување настава по шпански јазик на почетно ниво во рамки на „Бесплатни курсеви по странски јазици“, издаден од Општина Штип.

33. Јули 2011 - Сертификат за успешно завршен курс по напреден академски англиски јаз. во училиштето Лондонска школа за бизнис и финансии („LSBF” - London School of Business and finance) во Лондон, Англија.

34. Декември 2014 - Добива сертификат за завршување на онлајн курс „Разбирање на јазикот: Учење и предавање”, организиран од Универзитет во Јужен Хамптон и Британски совет.

35. Мај 2016 - Сертификат за учество на 16-часа обука на тема „Користење на интерактивни-современи методи и техники во наставата за средно образование”. Биро за развој на образованието, РСМ.

36. Август 2016 - Сертификат за учество во 4-дневна Програма за професионален развој на наставниците за настава, учење и оценување на квалификациите од СОО, организиран од Британски совет и Министерство за образование и наука.

37. Април 2018 - Сертификат за учество во обука „Дидактичко-методските аспекти и литературно-уметничките специфики на списанието за најмали 'Росица' и прирачната литература за предучилишна програма, одобрени за употреба од МТСП при реализација на програмата за рано учење и развој”, организирана од УГД, Штип во соработка со Просветно дело, Скопје.

38. Мај 2018 - Сертификат за учество во работилница „Open Cambridge Day” – Скопје, организирана од Британски совет.

39. Јуни 2019 - Сертификат за реализирана интерна обука на тема Професионални компетенции кај директорите, стручните соработници и наставниците во училиштата и изготвување на личен план за професионален развој, од страна на Коучинг-н.

40. Март 2020 - Сертификат за учество во работилница на тема „Проблемите и предизвиците во процесот на учење на докторантите во Бугарија, Кипар и Британија”, спроведена од д-р Мариана Кириаку од КАСА колеџ, Кипар, како дел од Еразмус плус.

41. Ноември 2021 - Сертификат за присуство на онјалн обука „Англиски јазик - вештини”

за развој на вештините за читање, слушање, зборување и пишување во наставата по англиски јазик, организирана од Експрес издавачка куќа и Експрес Дигитални книги.

42. Март 2022 - Присуствува на 32-часовна онлајн обука 'EP SUMMIT 2022 - ELT Training Rooms' [ЕП Самит 2022 - Тренинг соби за предавање на англиски јаз.] организирано од Експрес Паблишинг и Дигибукс.

43. Јуни 2022 - Присуствува на работилница за докторанди одржана на Југозападниот Универзитет „Неофит Рилски" од д-р Дик Смакман (Универзитет Леиден, Холандија) на тема *Академско пишување, Принципи, Пишување и Објавување на истражување.*

**Член на институтски орган**

44. Мај 2021 – член на Институт за јазици при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

***Посета на семинари/вебинари***

45. Ноември 2021 - Присуствува на есенски семинар организиран од Интернационалната асоцијација за предавање на прагматика „Перспективите на наставниците за прагматичката компетенција: нивните потреби, уверувања и секојдневни практики".

46. Декември 2022 - Сертификат за присуство на 60-часовен вебинар на тема „Дивергенција во наставата по англиски како странски јазик – поддршка за невродивергентни ученици)".

47. Декември 2022 – Сертификат за присуство на 60-часовен вебинар на тема „Поддршка за учениците со АДХД (синдром на дефицит на вниманието)".

48. Декември 2022 – Сертификат за присуство на 60-часовен вебинар на тема „Креирање на инклузивна училница – први практични чекори".

49. Декември 2022 - Сертификат за присуство на 60-часовен вебинар на тема „Принципи и стратегии за инклузивна настава".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација и во согласност со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката д-р Ана Коцева ги исполнува суштинските и законските критериумите за избор во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област 604 наука за јазик, 64004 англистика, 64012 компаративна лингвистика. Таа поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Затоа, Рецензентската комисија со особено задоволство **му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката д-р Ана Коцева во наставно-научното звање доцент за наставно-научната област 604 наука за јазик, 64004 англистика, 64012 компаративна лингвистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нина Даскаловска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Сашка Јовановска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, доцент, член, с.р.**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0** |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **1.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 5, 6, 8, 10, 12; втор автор – бр. 7, 13; трет автор – бр.4) | 5 x 9 = 45<br>2 x 6 = 12<br>1 x 3 = 3 | | | | **60** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир (бр. 1, 2, 3, 9). | 1 x 2 = 2<br>3 x 3 = 9 | | | | **11** |
| **3.** | Секциско предавање на научен собир (бр. 16, 18, 19, 23, 24, 26). | 3 x 2 = 6 | | 3 x 4 = 12 | | **18** |
| **4.** | Учество на научен собир со реферат (бр. 14, 15, 17, 19, 25) | 3 | 1 | 2 | 1,5 | **6** |
| **5.** | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | **8** |
| **6.** | Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | | | **4** |
| **7.** | Рецензент на научен труд (бр. 28). | 2 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **111** |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **1.** | Поглавје од книга (бр.11) | 1 | 4 | | | **4** |
| **2.** | Учесник во научен проект (бр. 30, 31) | 1 | 5 | 1 | 8 | **13** |
| **3.** | Член на институтски орган (бр.44) | 2 | | | | **2** |
| **4.** | **ВКУПНО** | | | | | **19** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **130** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2007-341/2 од 6.12.2022 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 6.12.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област *педијатрија* на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– **д-р Анета Демерџиева**, насловен доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – претседател;
– **д-р Снежана Палчевска-Коцевска**, насловен доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје - член;
– **д-р Марија Димитровска-Иванова**, насловен доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена во Клиничка болница – Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.11.2022 година и во предвидениот рок се пријави:

д-р Билјана Чонеска-Јованова, доктор на медицински науки од научна област педијатрија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката Билјана Чонеска-Јованова е родена на 2.4.1965 година во Скопје. Средно образование завршила во 1983 година во Скопје како првенец на генерацијата, со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 30.5.1989 година со просечен успех 9,19 и се стекнала со стручниот назив доктор на медицина.

Од 1991 до 1995 г. работела како волонтер на Клиниката за детски болести - Скопје, а од 1995 до 2018 г. била во редовен работен однос на Клиниката за детски болести. Од 2018 до денес е вработена во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ – Скопје.

Специјализацијата по педијатрија ја започнала во 1996 година и истата ја завршила во 2000 година.

На докторските студии од областа на клиничка медицина на Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ се запишала во учебната 2011/2012 година и истите ги завршила на 7.7.2016 година со просечен успех 9,6. Дисертацијата на тема „Влијанието на полиморфизмите на гените вклучени во фолатниот метаболизам врз токсичните ефекти од високите дози на метотрексат кај деца со акутна лимфобластна леукемија“ ја одбранила на 7.7.2016 година, пред Комисијата во состав: проф. д-р Софијанка Гламочанин, проф. д-р Соња Алабаковска, проф. д-р Ката Мартинова, проф. д-р Сашо Панов и проф. д-р Лилјана Колева-Гудева. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки од научната област педијатрија.

За помлад асистент на Катедрата по педијатрија при Медицински факултет Скопје, УКИМ, е избрана во 2008 година, за редовен асистент е избрана 2011 година, за асистент-докторанд е избрана во 2015 година, а за доцент е избрана во 2017 година.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех - додипломски студии 9,19;
- Научен степен - доктор на медицински науки. Докторска дисертација со наслов „Влијанието на полиморфизмите на гените вклучени во фолатниот метаболизам врз токсичните ефекти од високите дози на метотрексат кај деца со акутна лимфобластна леукемија“;
- Сертификат за владеење со англискиот јазик;
- Две препораки од професори – од проф. д-р Елизабета Зисовска, педијатар неонатолог, редовен професор на Катедрата по педијатрија на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип и проф. д-р Софијанка Гламочанин, педијатар-хематоонколог, редовен професор во пензија на Катедрата по педијатрија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје;
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години.

**Посебни услови:**

Д-р Билјана Чонеска-Јованова активно била вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за хематологија и онкологија на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје и до 2018 година била раководител на Отсекот за солидни тумори. На Клиниката за детски болести за првпат ја вовела ензимската супституциона терапија кај пациентите со болеста на Гоше.

Од 2018 година до денес е вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“, каде што активно е вклучена во работата на педијатрискиот оддел, ургентната и педијатриската амбуланта.

Стручно усовршување во странство остварила во 2002 година, во Салзбург; Семинар за педијатриска хематологија и онкологија, во 2003 година во Варшава; Европски курс за палијативна грижа кај деца, во 2004 година, во Анталија; Курс за трансфузионен третман на таласемии и други хронични анемии, во 2006 во Варшава; Обука за дијагноза, третман и мониторирање на болеста на Гоше, во 2014 г. во Салзбург; Семинар за педијатриска хематологија и онкологија и во 2015 година во Лондон, Imperial College NHS, Profesional education and opservational visit to Imperial College Heathcare NHS Trust Pediatric Department - St Mary’s Hospital.

Кандидатката учествувала како субинвестигатор во две клинички студии: Клиничка студија NN7008-3545 за примена на рекомбинантен фактор 8 кај деца со хемофилија на возраст од 6 до 12 години и клиничка студија NN7008-3568 за истражување на сигурноста и ефикасноста на N8 за превенција и третман на крваречки епизоди по потреба кај пациенти со хемофилија А, под проект „Ефикасноста и сигурноста на N8 во превенција и третман на крварења за време на хируршки процедури кај пациенти со хемофилија“.

Активно била вклучена во работата на стручни комисии:

- Комисија за малигни болести при ЈЗУ Клиника за детски болести - Скопје;
- Комисија за телемедицина - консултант на Детското одделение при Клиничката болница - Тетово;
- Национална комисија за ретки болести, при што учествувала во формирање на Регистарот за ретки болести и дефинирање на потребните лекови за терапија на лицата од Регистарот во Република Македонија.

Учествувала во преводот на три публикации:

- Упатства за клинички третман на таласемија, второ обновено издание. Меѓународна федерација за таласемија, ноември 2008, публикацијата е печатена во 2016 година.
- Водичи за третман на хемофилија, Светска федерација за хемофилија, публикацијата

е печатена во 2009 година.

- Хемофилија во слики, Светска федерација за хемофилија, публикацијата е печатена во 2009 година.

Кандидатката била акредитиран испитувач во три мандати за спроведување на стручен испит на здравствени работници со високо образование, за добивање на лиценца за работа.

Добитник е на благодарница, диплома и плакета за активно учество и извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво.

Учествувала во формирање на Регистарот за ретки болести и дефинирање на потребни лекови за терапија на лицата од Регистарот во Република Македонија.

Д-р Билјана Чонеска-Јованова била секретар на Здружението за хематологија на Македонија и во два мандати член на Управниот одбор на Здружението.

Член е на SIOP (Интернационално здружение за детска онкологија), SIOPE (Европско здружение за детска онкологија), EHA (Европска хематолошка асоцијација), TIF – Интернационално здружение за таласемија, Здружението на педијатри на Македонија и Здружението на хематолози на Македонија.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

1. Nevenka Ridova, Sanja Trajkova, **Biljana Chonevska**, Zlate Stojanoski, Martin Ivanovski, Marija Popova-Labachevska, Simona Stojanovska-Jakimovska, Venko Filipche, Aspazija Sofijanova, Irina Panovska-Stavridis **Gaucher disease in North Macedonia: Unexpected prevalence of the N370S GBA1 allele with attenuated disease expression** Molecular Genetics and Metabolism Reports Volume 32, September 2022, 100895

Во трудот е прикажана корелацијата на генотипот со фенотипот кај пациенти со болеста на Гоше во Северна Македонија. Опфатени се 14 пациенти со болеста на Гоше тип I, кај кои е направена генотипизација при што се верифицирани 6 различни генотипови. Најчесто е детектирана N370S мутацијата. Детектирани се две ретки мутации W92+ и D399N. Кај сите пациенти била присутна спленомегалија, додека хепатомегалија била присутна само кај 50% од пациентите. Најголем дел од пациентите имале тромбоцитопенија, а само половина од пациентите имале анемија. Заклучено е дека пациентите со N370S мутацијата имале релативно благи симптоми, без зафаќање на централниот нервен систем и полесна клиничка слика.

2. Gordana Ilieva, Mirjana Kocova, **Biljana Conevska** and Elena Sukarova Angelovska **Implementation of Novel Mode for Evaluation of MYCN Amplification that can Predict Outcome in Patients with Neuroblastoma** Clinical Oncology & Research doi:10.31487/j.COR.2020.11.04 Volume 3(11): 6-6, impact factor (2020):1,86

Целта на трудот е да се прикаже значењето на флуоресцентната ин ситу хибридизација (FISH) во детекција на MYCN амплификацијата кај пациенти со неуробластом. Присуството на MYCN амплификацијата во туморското ткиво или коскената срцевина кај овие пациенти води кон поагресивен тек на болеста. Во трудот опфатени се пет пациенти со дијагностициран неуробластом кај кои со помош на FISH е одредено присуството на MYCN на ткиво од туморот или коскена срцевина. Кај двајца од пациентите е детектирана голема количина на амплификација на MYCN и тие имале лош исход. Кај останатите три пациенти е детектирана мала количина на амплификација или не е воопшто детектирана. Заклучено е дека FISH методата за детекција на MYCN амплификација е корисна, брза и сензитивна метода за детекција на MYCN амплификација кај пациенти со неуробластом и може да помогне во планирање на терапијата кај овие пациенти.

3. Jovanovska A, Martinova K, Kocheva S, TrajkovaAntevska Z, **Coneska-Jovanova B**, Panovska-Stavridis I, Stankovikj S, Trajkova S, Dimovskia A. **Clinical significance of minimal residual disease at the end of remission induction therapy in childhood acute lymphoblastic leukemia**. Open Access Maced J Med Sci. 2019 Sep 14;7(17):2818-2823

Целта на трудот е да се детерминира сигнификантноста на одредување на минимална резидуална болест (МРД) на крајот на индукцијата (33-ти ден од терапијата) кај пациенти со акутна лимфобластна леукемија (АЛЛ) како прогностички фактор за исходот од

третманот на АЛЛ. Во трудот се опфатени 44 пациенти со АЛЛ во период од 7 години на возраст од 1-14 години. Сите пациенти биле третирани по протоколот ALL IC BFM 2002. МРД била одредувана флоуцитометриски на шест колорен флоуцитометар. Пациентите со негативен МРД статус на 33 ти ден имале одлично петгодишно преживување (94,6%) во споредба со пациентите кои имале позитивен МРД статус (76,1%). Заклучено е дека одредување на МРД на крајот од индукцијата има клиничко значење во предикција на исходот од лекување на АЛЛ.

4. Jovanovska A., Martinova K., Trajkova-Antevska Z., **Coneska B**., Kocheva S. **Clinical features and treatment outcome of relapsed acute lymphoblastic leukemia in childhood.** Physioacta 2017; 11(2):55-62 ISSN 1857-5587

Целта на трудот е да се прикажат клиничките карактеристики на релапсот на акутна лимфобластна леукемија (АЛЛ) во детската возраст и исходот од третманот на овие пациенти. Во студијата се опфатени 16 пациенти кај кои е дијагностициран релапс на АЛЛ во периодот од 2003 до 2016 година. Кај најголем дел од нив (12 пациенти) е дијагностицирана прекурсорна Б клеточна АЛЛ. Според локализацијата на релапсот доминантен бил медуларниот релапс, кај 83% од пациентите. Повеќето пациенти развиле многу ран релапс на болеста (7 пациенти) и кај ниту едно дете од нив не е забележано долгорочно преживување. Пациентите со доцен релапс постигнале комплетна ремисија и имале подобра стапка на преживување. Кај три деца била изведена алогена хематопоетска транслантација на коскена срцевина. Заклучено е дека е потребно подобрување на индукциските тераписки режими за релапс на АЛЛ и изведување на алогена трансплантација на коскена срцевина кај сите пациенти кои ќе влезат во втора комплетна ремисија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во својата досегашна професионална кариера д-р Билјана Чонеска-Јованова активно била вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за хематологија и онкологија на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје и до 2018 година била раководител на Отсекот за солидни тумори. На Клиниката за детски болести за првпат ја вовела ензимската супституциона терапија кај пациентите со болеста на Гоше.

Кандидатката учествувала како субинвестигатор во две клинички студии: Клиничка студија NN7008-3545 за примена на рекомбинантен фактор 8 кај деца со хемофилија на возраст од 6 до 12 години и клиничка студија NN7008-3568 за истражување на сигурноста и ефикасноста на N8 за превенција и третман на крваречки епизоди по потреба кај пациенти со хемофилија А, под проект: ефикасноста и сигурноста на N8 во превенција и третман на крвавења за време на хируршки процедури кај пациенти со хемофилија. Активно била вклучена во работата на веќе споменатите стручни комисии, како и во преводот на три стручни публикации - Упатства за клинички третман на таласемија (печатен 2016 година), Водичи за третман на хемофилија и Хемофилија во слики (печатени 2009 година).

Д-р Билјана Чонеска-Јованова била секретар на Здружението за хематологија на Македонија и во два мандати член на Управниот одбор на здружението. Активен член е на SIOP (Интернационално здружение за детска онкологија), SIOPE (Европско здружение за детска онкологија), EHA (Европска хематолошка асоцијација), TIF – Интернационално здружение за таласемија, Здружението на педијатри на Македонија и Здружението на хематолози на Македонија.

Во моментов д-р Билјана Чоневска-Јованова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за педијатрија во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ - Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Билјана Чонеска-Јованова во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент.

Од целокупната активност на д-р Билјана Чонеска-Јованова може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со импакт фактор, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност. **Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Билјана Чонеска-Јованова во звањето насловен доцент за наставно-научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Анета Демерџиева, насловен доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Снежана Палчевска-Коцевска, член, с.р.**
**Д-р Марија Димитровска-Иванова, насловен доцент, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| 4. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **0Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор –бр. 3, 4) | 2 | 5 | 3 | 5 | 25 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 7, 8, 9, 10, 11) | 2 | 9 | | | 18 |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр. 5, 6) | | | 3 | 3 | 12 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (бр. 12, 14) | 1 | 2 | | | 2 |
| 5 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (бр. 13, 16) | 3 | 2 | | | 6 |
| 6 | Учество на научен собир со реферат (постер), концерт во земјата и во странство (бр. 15, 17, 18, 19) | 50 | 1 | 65 | 97.5 | 147,5 |
| 7 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 8 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 9 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| 10 | Учесник во научен проект | 3 | 6 | 2 | 6 | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **254,5** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО–НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА И ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И МРЕЖИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1502-38/15 од 30.1.2023 година донесена на 223. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, одржана на 30.1.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области информатика (11000) и информациони системи и мрежи (21202) на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Александра Милева**, редовен професор за наставно-научната област информатика (11000) и информациони системи и мрежи (21202) на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – претседател;
- **д-р Наташа Стојковиќ**, вонреден професор за наставно-научната област алгоритми (11007) и симулација (11009) на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- **д-р Весна Димитрова**, редовен професор за сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 21.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Душан Биков, доктор на информатички науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Душан Биков** е роден во 1987 година во Штип, каде што завршил основното и средното образование.

Во 2005 година се запишува на Педагошки факултет (оддел Математика и информатика) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново, Р. Бугарија, на насоката Информатика. Додипломските студии ги завршува на 2.7.2009 година со бранење на дипломскиот труд со наслов „Примена на електронски регулатор со микроконтролер P89LPC924/925“, со просечен успех 9,33 со што се стекнува со звањето дипломиран информатичар.

Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот по математика и информатика при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново, Р. Бугарија, насока Информатика, Информациони системи. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 10,00, а магистерскиот труд го работи под менторство на проф. д-р Стефка Бујуклиева. Со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Анализа, симулација и апликација на криптографија со елиптични криви во безжични сензорски мрежи“ на 18.2.2011 година се стекнува со академскиот степен магистер по информатика, информациони системи.

Во 2011 година е избран во звањето помлад асистент на Катедра за компјутерски технологии и интелигентни системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во учебната 2012/2013 година се запишува на докторски студии при Школата за докторски студии на Факултетот по математика и информатика при Великотрновскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – В. Трново, Р. Бугарија, на насоката Информатика.

Предвидените испити на докторските студии ги положува со просечен успех 9,52. На 12.10.2017 година со успешна одбрана на докторската дисертација со наслов „Криптографски својства на некои векторски булови функции и паралелни алгоритми со CUDA“, под менторство на проф. д-р Стефка Бујуклиева, и се стекнува со академскиот степен доктор на информатички науки.

Од ноември 2014 година е вработен како асистент-докторанд на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во 2018 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика го избира во звањето доцент. Д-р Душан Биков активно се служи со англискиот јазик.

**Општи услови за избор:**

- Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии – прв циклус посебно 9,33 и остварен просек на постдипломски студии – втор циклус – 10,00);
- Научен степен доктор на информатички науки, област информатика, со одбранет докторски труд „Криптографски својства на некои векторски булови функции и паралелни алгоритми со CUDA“ на Великотрновскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – В. Трново, Р. Бугарија.
- Претходен избор во звање: со Одлука број 1502-112/3 од 2.7.2018 година на 151. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, д-р Душан Биков е избран во звањето доцент за наставно-научните области информатика (11000) и информациони системи и мрежи (21202).
- Објавени најмалку пет (5) рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание/Публикација** | **Години на излегување на списанието/ конференцијата** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Bikov D.** and I. Bouyukliev (2018) | Parallel Fast Walsh Transform Algorithm and Its Implementation with CUDA on GPUs | Cybernetics and Information Technologies, Vol. 18, No. 5, pp.21-43, ISSN:131 4 - 4081, SJR 0.203 | списание од 2001 г.<br>22 години |
| 2 | **Bikov, Dusan** and Bouyukliev, Ilija and Bouyuklieva, Stefka (2019) | Bijective S-boxes of different sizes obtained from quasi-cyclic codes | Journal of Algebra Combinatorics Discrete Structures and Applications, 6 (3). pp. 123-134. ISSN 2148-838X | списание од 2014 г.<br>9 години |
| 3 | Mileva, Aleksandra and Stojanova, Aleksandra and **Bikov, Dusan** and Xu, Yunqing (2020) | Investigation of Some Cryptographic Properties of the 8x8 S-boxes Created by Quasigroups | Computer Science Journal of Moldova, 28 (3 (84)). pp. 346-372. ISSN 1561-4042 | списание од 1993 г.<br>30 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Bikov, Dusan** and Pashinska, Maria (2020) | Parallel Programming Strategies for Computing Walsh Spectra of Boolean Functions | ICT Innovations 2020. Machine Learning and Applications. Communications in Computer and Information Science, 1316. Springer International Publishing, Cham, pp. 138-152. ISBN 978-3-030-62098-1 | конференција од 2009 г. |
| 5 | Maria Pashinska-Gadzheva, Valentin Bakoev, Iliya Bouyukliev and **Dusan Bikov** (2021) | Optimizations in computing the algebraic normal form transform of Boolean functions | International Conference Automatics and Informatics (ICAI), pp. 288-291. IEEE, 2021 | конференција од 2012 г. |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик, Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1;
- Способност за изведување на високообразовна дејност: д-р Душан Биков има долгогодишна академска кариера, со избори во звања од помлад асистент до доцент, има изведувано настава на неколку факултети, на матичниот УГД и на ВТУ, Р. Бугарија. Под негово менторство се изработени и одбранети 3 дипломски работи. Бил претседател или член на комисијата за оценка и одбрана на преку 10 дипломски работи на студенти од Факултетот за информатика. Коавтор е на неколку учебни помагала.

**Посебни услови:**

Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД: Кандидатот како коавтор има објавено три учебни помагала:

– Практикум по архитектура на компјутери.
– Скрипта по дигитално процесирање на сигнали.
– Практикум по дигитално процесирање на сигнали.

Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати: Во изборниот период д-р Душан Биков е учесник во четири научноистражувачки проекти:

– Computer methods for study and construction of the combinatorial objects, Bulgarian Science Fund under Contract DN-02-2/13.12.2022, Bulgaria.
– LBMC-4: un microcontrôleur multicoeurs parallélisant, Financement CNRS Innovation (2021-2023), France.
– Innovative educational technologies, discrete structures, and web availability (2018-2020). Technical University, Gabrovo, Bulgaria.
– Codes and Combinatorial Configurations, Bulgarian Science Fund under Contract DN-02-2/13.12.2016, Bulgaria.

Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Досега д-р Душан Биков има соработувано со неколку помлади наставници и соработници на Факултет за информатика во доменот на научноистражувачката работа и одржувањето на наставата.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука бр. 2002-131/3 од 3.10.2011 година е избран за помлад асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. На 25 ноември 2014 година, со Одлука бр. 2002-135/9, е избран во соработничко звање асистент-докторанд на Факултет за информатика, УГД – Штип. Во истиот период учествува во изведување на вежбите по предметите: Безбедност на компјутерски системи, Компајлери, Безжични и мобилни мрежи, Компјутерски мрежи, Бази на податоци, Сложеност на алгоритми,

Стандарди за квалитет на софтвер, Мрежни протоколи, Методи на програмирање во електротехниката (на Електротехничкиот факултет при УГД), Напреден Office и интернет (на Електротехничкиот факултет при УГД), Дигитален пренос на податоци (на Електротехнички факултет при УГД) и Информатика (на неколку други факултети при УГД).

Со Одлука број 1502-112/3 од 2.7.2018 година на 151. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, д-р Душан Биков е избран во звањето доцент за наставно-научните области информатика (11000) и информациони системи и мрежи (21202). До сега кандидатот учествувал во наставата на прв и втор циклус на Факултет за информатика со следните предмети:

- *Прв циклус студии* - **Факултет за информатика**: Оперативни системи, Архитектура на компјутери, Паралелно програмирање, Компајлери, Мобилни и безжични мрежи, Мрежни протоколи, Безбедност на компјутерски системи, Дигитални комуникации;
- *Втор циклус студии* - **Факултет за информатика**: Напредно скриптинг програмирање, Етичко хакирање и пенетрациско тестирање.

Научните резултати на кандидатот се објавени во меѓународни научни списанија, и зборници од конференции. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Bikov=3ADusan=3A=3A.html

**I. Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научноистражувачки референци од последниот избор (2018-2022).**

**Bikov, Dusan** and Popovski, Risto and Panov, Zoran (2022) A prototype system for monitoring the deformation and stability of different type of critical constructions. Natural resources and technologies, 16 (1). pp. 4-10. ISSN 1857-6966 (https://eprints.ugd.edu.mk/30740/)

Во трудот е претставен прототип за следење на деформацијата и стабилноста на различни типови на конструкции. Овој систем работи во реално време и има примена при детектирање на деформации на рударски конструкции или други видови критична градежна области. Главната компонента на овој систем содржи ласерски модул за мерење на растојание и развоен микрокомпјутер Raspberry Pi.

Pashinska-Gadzheva, Maria, Valentin Bakoev, Iliya Bouyukliev, and **Dushan Bikov** (2022) Optimizations in computing the algebraic normal form transform of Boolean functions. In 2021 International Conference Automatics and Informatics (ICAI), pp. 288-291. IEEE (https://eprints.ugd.edu.mk/28963/)

Трудот опишува оптимизирана имплементација на Möbius (Reed-Muller) Transform алгоритамот за пресметување на алгебарска нормална форма на булова функција. На крајот се претставени некои експериментални резултати. Направена е споредба на стандардниот алгоритамот со имплементација на инструкциските множества AVX2 и VX512 и соодветните проширени регистри и паралелна имплементација користејќи CUDA I OpenMP.

**Bikov, Dusan** and Shterjev, Boris and Siracheski, Darko, (2021) Use of Educational Hardware and Software to Encourage Children to Code. In: Conference of Information Technology and Development of Education - ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin. (https://eprints.ugd.edu.mk/29773/)

Во овој труд се прави анализа за перцепциите на средношколските професори на иницијативата за вклучување на современи помагала во образовниот процес. Главната идеја е да се претстави кратко истражување поврзано со хардверско учебно помагало (Single Board Computers) и кои се позитивните придобивки од неговото воведување.

**Bikov, Dusan** and Pashinska, Maria and Stojkovic, Natasa (2020) Parallel Programming with CUDA and MPI. In: ITRO 2020, 30 Oct 2020, Zrenjanin, Republic of Serbia (https://eprints.ugd.edu.mk/26847/)

Во овој труд е прикажано како може да се комбинираат два паралелни модели со цел ефективно искористување на компјутерскиот ресурс. Паралелните моделите кои се комбинираат овде се MPI и CUDA.

**Bikov, Dusan** and Pashinska, Maria, Parallel Programming Strategies for Computing Walsh Spectra of Boolean Functions. In: ICT Innovations 2020. Machine Learning and Applications. Communications in Computer and Information Science, 1316. Springer International Publishing, Cham, pp. 138-152. ISBN 978-3-030-62098-1 (https://eprints.ugd.edu.mk/26707/)

Во трудот е претставено ефективно пресметување на Walsh спектарот на буловите функции со комбинирање на два паралелни модели на програмирање, како што се MPI и CUDA. На крајот се претставени некои експериментални резултати.

Mileva, Aleksandra and Stojanova, Aleksandra and **Bikov, Dusan** and Xu, Yunqing (2020) Investigation of Some Cryptographic Properties of the 8x8 S-boxes Created by Quasigroups. Computer Science Journal of Moldova, 28 (3 (84)). pp. 346-372. ISSN 1561-4042 (https://eprints.ugd.edu.mk/26848/).

Овде се истражувани неколку криптографски својства во 8-битни S-кутии добиени од квазигрупи од ред 4 и 16 со различни алгебарски методи. Најдобро произведените S-кутии во трудот имаат алгебарски степен 7, нелинеарност 98 (линеарност 60), диференцијална униформност 8 и автокорелација 88. Дополнително се генерирани 8-битни S-кутии со нелинеарност 100 (линеарност 56), диференцијална униформност 10, автокорелација 88 и алгебарски степен 7.

**Bikov, Dusan** and Bouyukliev, Ilija and Bouyuklieva, Stefka, Bijective S-boxes of different sizes obtained from quasi-cyclic codes. Journal of Algebra Combinatorics Discrete Structures and Applications, (2019), 6 (3). pp. 123-134. ISSN 2148-838X (https://eprints.ugd.edu.mk/22512/)

Во оваа статија е претставена конструкција на S-кутии со различна големина и со добри криптографски својства. Опишана е алгебарска конструкција за генерирање на бијективни S-кутии со користење на квазициклични кодови. Добиени се добри S-кутии со големини 4, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 15, 16 и 18.

Stojanova, Aleksandra and **Bikov, Dusan** and Mileva, Aleksandra and Xu, Yunqing "Investigation of Some Cryptographic Properties of the 8x8 S-boxes Created by Quasigroups". In: The Fifth Conference of the Mathematical Society of the Republic of Moldova dedicated to the 55th anniversary of the foundation of the Vladimir Andrunachievici Institute of Mathematics and Computer Science (IMCS-55), September 28 - October 1, 2019, Chisinau, Republic of Moldova (http://eprints.ugd.edu.mk/22634/).

Во трудот се истражувани неколку криптографски карактеристики (нелинеарност, диференцијална униформност, алгебарски степен, автокорелација) кај 8x8 S-кутиите креирани со користење на квазигрупни трансформации од квазигрупи од ред 4 и 16.

Stojanova, Aleksandra and Zlatanovska, Biljana and Kocaleva, Mirjana and Rendzova, Dobrila and Stojkovic, Natasa and **Bikov, Dusan**, (2019) Using of MatLab in the Mathematical Education. In: ITRO 2019, June 27, 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia (https://eprints.ugd.edu.mk/22325/)

Во трудот е објаснето решавањето на математички проблеми со помош на пакетот Mathlab. Целта е да се прикаже дека Mathlab е често користен софтверски пакет и е лесен за користење. Командите се повикуваат на многу едноставен начин со едноставна синтакса, споредено со другите програмски јазици, каде што е потребно подетално познавање на програмскиот јазик.

**Bikov, Dusan** and Bouyukliev, Ilija (2018) Parallel Fast Walsh Transform Algorithm and Its Implementation with CUDA on GPUs. Cybernetics and Information Technologies, 18 (5). pp. 21-43. ISSN 1314-4081 (https://eprints.ugd.edu.mk/20026/)

Трудот разгледува развој на ефективен паралелен алгоритам за пресметување на Walsh спектарот. Основната задача е алгоритамот за пресметување на Walsh спектарот да се имплементира паралелно на CUDA C. Освен тоа, претставени се резултати од спроведените експерименти.

Stojanova, Aleksandra and Kocaleva, Mirjana and Stojkovic, Natasa and **Bikov, Dusan** and Ljubenovska, Marija and Zdravevska, Savetka and Zlatanovska, Biljana and Miteva, Marija

and Koceva Lazarova, Limonka (2018) Optimization models for scheduling in kindergarten and healthcare centers. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (1). pp. 65-71. ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/20318/).

Трудот е изработен како резултат на работата спроведена на работилница од The First Modelling Week. Во овој труд се прави оптимизационен модел за справување со голем број деца и вработени во детските градинки или во дневни центри за деца. Проблемот може да се прошири и на проблемот за здравствените услуги за стари лица.

**II. Академски престој во странство**

1. University of West Hungary, Sopron, Hungary, 29.04.2019 to 05.05.2019 within the framework of Erasmus+ Teaching Staff Mobility Program.
2. National Center for Scientific Research (CNRS), DALI Team of LIRMM, University of Perpignan, France 01.03.2022 to 28.02.2023, научен соработник.

**III. Учества во работата на конференции, работилници и семинари:**

- International Conference on Information Technology and Development of Education ITRO 2019, 2020, 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia.

Dushan Bikov, Parallel primitive Histogram and use in Cryptography, Mathematical Software and Combinatorial Algorithms, December 7-8, 2020, Virtual Event, http://www.math.bas.bg/moiuser/MSCA/index.htm;

GTC 2020, GPU Technology Conference, October 5-9, 2020, Virtual Event;

Workshop 157 European Study Groups with Industry (ESGI/SWI2020) in Fontys University Campus, 27 January to 31 January 2020, Tilburg, Netherlands;

National Seminar on Coding Theory, Chiflik, Bulgaria, 2019;

Семинар Avitohol, National Centre for High-performance and Distributed Computing, Институт по математика и информатика при БАН, 16.10.2019 год. Sofia, Bulgaria;

The Fifth Conference of the Mathematical Society of the Republic of Moldova dedicated to the 55th anniversary of the foundation of the Vladimir Andrunachievici Institute of Mathematics and Computer Science (IMCS-55), (September 28 - October 1, 2019), Chisinau, Republic of Moldova;

The 151 European Study Group with Industry (First Estonian Study Group with Industry) University of Tartu, Institute of Mathematics and Statistics, 4 - 8 February 2019, Tartu, Estonia;

The 149 European Study Group with Industry, University of Innsbruck, Campus Technik, 04-08 March 2019, Innsbruck, Austria.

National Seminar on Coding Theory, Veliko Tarnovo, Bulgaria, 2018;

136th European Study Group with Industry (ESGI), L'Aquila, Italy, 14 May – 18 May 2018.

First winter modelling week in Macedonia, 12-16 Feb 2018, Stip, Macedonia.

**IV. Соопштенија/постер-презентација на научноистражувачки собири (конференции/работилници):**

**Dushan Bikov**, Parallel primitive Histogram and use in Cryptography, National Seminar, Mathematical Software and Combinatorial Algorithms, Institute of Mathematics and Informatics, BAS, Bulgaria, December 7-8, 2020, Virtual Event, http://www.math.bas.bg/moiuser/MSCA/index.htm;

**Dushan Bikov**, Venelin Monev, Parallel programming strategies for computing Walsh spectra of Boolean functions, National Seminar on Coding Theory, Chiflik, Bulgaria, 2019;

**Dusan Bikov**, Venelin Monev, MPI and CUDA as a single program for computing Walsh spectra of Boolean function. Семинар Avitohol, National Centre for High-performance and Distributed Computing, Институт по математика и информатика при БАН, 16.10.2019 год. Sofia, Bulgaria;

**Bikov, Dusan** and Kangro, Raul and Kitzmann, Harald and Lameski, Petre and Raffaele, Alice and Varbanov, Zlatko (2019) Usage based insurance. In: 151 European Study Group with Industry, 4-8 Feb 2019, Tartu, Estonia;

Aleksandra Stojanova, Aleksandra Mileva, **Dushan Bikov**, Construction of 8x8 S-Boxes using Feistel structures, National Seminar on Coding Theory, Veliko Tarnovo, Bulgaria, 2018;

**Bikov, Dusan** and Dvoriashyna, Mariia and Ertugrul, Ümit and Kresoja, Milena and Koceva Lazarova, Limonka and Repetto, Rodolfo and Stojancevic, Tijana and Stojanova, Aleksandra and Stojkovic, Natasa and Stojkovska, Irena and Veneva, Milena and Ying, Fabian and Zlatanovska, Biljana (2018) Increasing efficiency of on-line shopping by optimizing the staff schedule. In: 136th ESGI , 14-18 May 2018, Gran Sasso, Italy;

**D. Bikov** and I. Bouyukliev, (2018) BoolSPLG: A library with parallel algorithms for Boolean functions and S-boxes for GPU, Poster session, PUMPS+AI 2018, Barcelona, Spain;

Stojanova, Aleksandra and Kocaleva, Mirjana and **Bikov, Dusan** and Lazarova, Limonka and Stojkovic, Natasa and Miteva, Marija and Zlatanovska, Biljana and Zdravevska, Savetka and Ljubenovska, Marija (2018) Kindergartens and day care centers problem. In: First winter modelling week in Macedonia, 12-16 Feb 2018, Stip, Macedonia

**V. Издавање на наставни содржини и учебни помагала во електронска форма (на CD, DVD и сл.)**

**Учебни помагала**

Kocaleva, Mirjana and Stojanovic, Igor and Citkuseva Dimitrovska, Biljana and **Bikov, Dusan** and Cekerovski, Todor (2022) Практикум по архитектура на компјутери. ISBN 978-608-244-870-1. (http://e-lib.ugd.edu.mk/1043);

Stojkovic, Natasa and Kocaleva, Mirjana and **Bikov, Dusan** and Zlatev, Zoran (2020) Скрипта по дигитално процесирање на сигнали. ISBN 978-608-244-738-4. (http://e-lib.ugd.edu.mk/932);

Stojkovic, Natasa and Kocaleva, Mirjana and **Bikov, Dusan** and Zlatev, Zoran (2020) Практикум по дигитално процесирање на сигнали. ISBN 978-608-244-739-1. (http://e-lib.ugd.edu.mk/933).

**VI. Научни и стручни проекти**

3. Computer methods for study and construction of the combinatorial objects, Bulgarian Science Fund under Contract DN-02-2/13.12.2022, Bulgaria. [Project]
4. LBMC-4: un microcontrôleur multicoeurs parallélisant, Financement CNRS Innovation (2021-2023), France. [Project]
5. Innovative educational technologies, discrete structures, and web availability (2018-2020). Technical University, Gabrovo, Bulgaria. [Project]
6. Codes and Combinatorial Configurations, Bulgarian Science Fund under Contract DN-02-2/13.12.2016, Bulgaria. [Project]

**VII. Рецензент на трудови во научни списанија, научни конференции**

7. Два труда во "Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics" – Faculty of Computer Science, University Goce Delcev – Stip.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во однос на организациско-развојна дејност, кандидатот ги реализира следниве активности:

**Членство во факултетски комисии:**

8. Комисија одговорна за прием на документи и уписи на студенти на прв циклус студии, 2018, 2019 година;
9. Дисциплинската комисија на Факултет за информатика.

**Членство во стручни комисии и тела:**

10. Универзитетскиот сенат до 2022 година (Одлука бр. 1502-67/5 на 163. седница на ННС на ФИ од 02.4.2019 година).

**Учество во приготвување на елаборати за прв и втор циклус**

11. Компјутерско инженерство и технологии, прв циклус;
12. Компјутерски науки, прв циклус.

**Техничко унапредување:**

Training "Introduction to Supercomputer Computing", October 22, 2021, Virtual Event; https://events.iict.bas.bg/event/32/;

Sixteenth International Summer School on Advanced Computer Architecture and Compilation for High-performance Embedded Systems, July 6 - 17, 2020, Virtual Event;

EUTypes Summer School on Types for Programming and Verification, 30 August - 4 September 2019, Ohrid, Macedonia;

Fifteenth International Summer School on Advanced Computer Architecture and Compilation for High-Performance and Embedded Systems (ACACES 2019), 14-20 July 2019, Fiuggi, Italy;

BigSkyEarth Training School: Big Data in Simulations and Observations, November 26 – December 1, 2018, University of Turku, Turku, Finland;

EUTypes Summer School on Types for Programming and Verification 8-12 August 2018, Ohrid, Macedonia;

Programming and Tuning Massively Parallel Systems + Artificial Intelligence (PUMPS+AI) Summer School, 16-20 July 2018 – Barcelona, Spain;

BigSkyEarth Training School on "GPU-based analytics and data science", 3-9 April 2018, Vicomtech Research Center, San Sebastian, Spain.

**Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)**

CyberMK 2020 - Онлајн настан за натпревар за сајбер-безбедност: едукација и подигање на јавна свест во областа на сајбер-безбедност. Душан Биков, Колку сајбер-безбедноста е присутна во образованието во нашата земја и во земјите на Балканот? (презентација).

**Други стручно-апликативни дејности**

- Кандидатот бил еден од организаторите на Првиот државен FLL натпревар на Република Македонија за деца од 9 до 16 години, што се одржа во Штип на 23 февруари 2019 година.
- Кандидатот учествува во организирање на Хакатон 2018, Факултет за информатика, УГД, Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Душан Биков.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Душан Биков: во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање вонреден професор; има континуирано научно напредување, позитивни научно-истражувачки резултати и извонреден придонес во доменот на информатичките науки и нивна примена; дел од научните трудови, чиј автор е кандидатот, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење; има извонреден придонес во наставно-образовната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност; ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот д-р Душан Биков во звањето вонреден професор за наставно-научните области информатика и информациони системи и мрежи на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Александра Милева, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Наташа Стојковиќ, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Весна Димитрова, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>- прв автор (реф.1, 6, 7, 10)<br>- втор автор (реф.)<br>- останати автори (реф. 5, 11) | 1<br><br>1 | | 3<br><br>1 | 9<br><br>3 | **36**<br><br>**6** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>- во земјава<br>- во странство (реф. 2, 3, 4, 8, 9) | | | 5 | 3 | **15** |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава (реф. 21), и во странство (реф. 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20) | 1 | 1,5 | 7 | 2 | **1,5**<br>**14** |
| **14** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) во земјава, во странство (реф.27) | | | 1 | 3 | **3** |
| **23** | Студиски престој во странство (реф. 12, 13) | | | 2 | 8 | **16** |
| **24** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/ останати) (реф.29) | 2 | 1 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **93,5** |
| | | | | | | |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (реф. 43) | 1 | 0,5 | | | **0,5** |
| **13** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (реф.25, 26, 28) | | | 3 | 8 | **24** |
| **15** | Техничко унапредување (реф. 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42) | 2 | | 6 | 2 | **16** |
| **17** | Елаборати и експертизи (реф.33, 34) | 2 | 2 | | | **4** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела (реф. 32) | 1 | 5 | | | **5** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија (реф. 30, 31) | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **53,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **177** |

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО И СОНОЛОГИЈА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402 -106/7 од 6.12.2022 година, донесена на 101. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 6.12.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области пијано (60910) и сонологија (60916) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат” и „Коха” на 29.11.2022 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

- м-р Христо Стојаноски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Комисијата на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Христо Стојаноски е роден во Скопје, каде што завршува основно и средно образование. Додипломските студии по пијано ги завршува во класата на проф. Стела Слејанска-Стојаноска, додека сонологија во класата на проф. Димитрије Бужаровски.

Магистерските студии по методика на наставата по пијано ги завршува во Скопје на Факултетот за музичка уметност во класата на проф. Тодор Светиев. Во неговите професионални активности се вбројуваат учества на семинари и мастер класи по пијано, како и обуки од областа на аудио и видео продукцијата во Македонија, Англија, Швајцарија. Се издвојуваат семинари и мастер класи по пијано кај Моник Дешосе, Колет Ферние и Рамзи Јаса, кои се еминентни имиња во областа на пијанизмот, додека од областа на аудио продукцијата, електронската музика и дигиталното архивирање звук се издвојуваат обуките на Дитер Рингли, Димитрије Бужаровски, продуценти и тон мајстори од МРТВ.

Кандидатот м-р Христо Стојаноски се издвојува и како автор на бројни стручно-научни книги, а воедно е и автор на првата воопшто објавена монографија („Стела Слејанска, пропагатор на современиот звук”) за еден пијанист во Р. Македонија. Воедно, кандидатот Христо Стојаноски повеќе од пет години е организатор на традиционалниот настан „Сеќавање на Стела Слејанска-Стојаноска” и е член на Управниот одбор на Фестивалот за современа музика „Модоарс”.

Како наставник, м-р Христо Стојаноски се издвојува со студентот Александар Манев, кој во 2013 година на Меѓународниот натпревар „Земјата и хората” (Софија - Р. Бугарија) освојува Втора награда од меѓународното жири. Воедно, Александар Манев остварува бројни солистички концерти и учествува на студентските аудиции за концерт со Македонската филхармонија.

М-р Христо Стојаноски учествува во развојниот процес на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип како воведување на нови наставни програми и технологии на Музичката академија и Филмската академија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Кандидатот треба да биде избран во звање вонреден професор со завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности;
2. Кандидатот треба да има реализирано минимум шест целовечерни концерти;

3. Кандидатот треба да има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници;
4. Кандидатот треба да покаже способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност;
5. Кандидатот треба да има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветната единица на Универзитетот;
6. Кандидатот треба да има рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област објавена во е библиотеката;
7. Кандидатот треба да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот беа следниве:

– Пријава;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (за странска диплома нострификација и еквиваленција на оценки);
– Уверение за положени испити;
– Кратка биографија;
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Список на објавени научни и стручни трудови;
– Уверение за државјанство.

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистер-ски труд | Уверение За Положени испити | Кратка биографија | Потврда за странски јазик | Список на трудови/ концерти (член 127) | Уверение за државјан-ство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р Христо Стојаноски | има | има | има | има | има | има | има |

***Наставно-образовна дејност***

– Од 2004 до 2007 година работи како демонстратор по сонологија на Факултетот за музичка уметност – Скопје.
– Од 2006 до 2007 работи како професор по пијано во ДМУ „Тодор Скаловски -Тетоец“ – Тетово.

Од 2007 година работи како асистент по пијано и методика на наставата по пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. На истиот факултет го предава предметот Пијано на МТТП. За предметите Пијано 1 на Вокално-инструментален оддел и Теорија на аудио продукција на Џез оддел, Стојаноски има изготвено рецензирани скрипти за кои има користено богата литература од релевантни автори од областите. Неговите студенти по пијано и аудиопродукциските предмети се со солиден успех.

Од 2013 година работи како доцент по пијано и сонологија на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. На истиот факултет ги предава предметите Пијано на МТТП и ВИ одделот, Компјутерска музичка нотација, Естетика на звук и Теорија на аудио продукција на Џез одделот, како и Акустика, Психоакустика, Перцепција и анализа, Снимање и микс техники на одделот Филмска музика на Филмската академија од каде што под негово менторство годинава треба да излезат и првите дипломирани студенти на Филмската академија.

Од 2018 година работи како вонреден професор по пијано и сонологија на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. На истиот факултет ги предава предметите Пијано на МТТП и ВИ одделот, Компјутерска музичка нотација, Естетика на звук и Теорија на аудио продукција на Џез одделот.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од мај 2013 година до декември 2022 година, вон. проф. м-р Христо Стојаноски ги има следниве активности:

**1. Август 2013** Аудиопродуцент на ЦД за пијано 4 раце, снимено во НУ Завод и Музеј – концертна сала, Битола, Р. Македонија
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9572)

**2. Декември 2013** Концертна сала ФМУ-Скопје, концерт во сеќавање на проф.
Стела Слејанска-Стојаноска (12.12.2013 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9575)

**3. Ноември 2014** Аудиопродуцент на снимка од концерт на четирирачно дуо Ана Гацева и Татјана Џорлева во ФМУ - Скопје (24.11.2014 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12736)

**4. Декември 2014** Концертна сала ФМУ-Штип, концерт во сеќавање на проф.
Стела Слејанска-Стојаноска. (12.12.2014 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12730)

**5. Декември 2014** Автор на документарното видео „Сеќавање на Стела Слејанска" објавено во ДВД издание, издадено од Дирекција за култура и уметност - Скопје (12.12.2014 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12731)

**6. Декември 2014** Концертна сала ООМУ „Ристо Јуруков" – Кочани, целовечерен концерт „Вечер на современа музика за пијано" (28.12.2014 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12769)

**7. Февруари 2015** Уметнички селектор и менаџер на дел од концертите на фестивалот за современа музика Модоарс
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12776)

**8. Ноември 2015** Промотор, програмски реализатор и звучно архивирање на концерт и музичка работилница на Михаљ Дреш и Миклош Лукач, Музичка академија УГД - Штип за потребите на УГД ФМ и УГД телевизија, во соработка со Балаши институт и лекторат по унгарски јазик – Скопје (11.11.2015 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15493)

**9. Ноември 2015** „Стела Слејанска – Стојаноска – пропагатор на современиот звук» (ЕПТА 21.11.2015 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15498)

**10. Декември 2015** Автор на монографијата „Стела Слејанска-Стојаноска, пропагатор на современиот звук", НАМПРЕС - Скопје
ISBN 978-608-251-017-0 (12.12.2015 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15520)

**11. Декември 2015**Организатор, селектор, промотор и учесник на настанот „Сеќавање на Стела Слејанска" (12.12.2015 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15495)

**12. Јуни 2016** Звучно снимање и обликување на краткометражниот филм Farewell кој учествување на многу фестивали и натпревари меѓу кои „MyRødeReel 2016", „FilmConvert Competition", каде што освои прва награда од гледачите и „Браќа Манаки - Битола", каде што освои повеќе награди во повеќе категории
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17548)

**13. Ноември 2016**Stojanoski, Hristo and Metodijeski, Dejan (2016) Popular culture: reading from below. In: Popular culture: Reading from below - International scientific conference, 2-4 Nov 2014, Skopje, Macedonia
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17547)

**14. Декември 2016** Поетско-музички рецитал по повод „Сеќавање на Стела Слејанска" – Конгресна сала, Фондација „Никола Кљусев" (28.12.2016 г.)
(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17546)

**15. Септември 2017** Автор на документарното видео „Светлана Антоновска, македонската челична дама" (септември 2017 година)

(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18672)

**16. Октомври 2017** Пијано настап на Промоцијата „СВЕТЛАНА АНТОНОВСКА – МАКЕДОНСКАТА ЧЕЛИЧНА ДАМА“ – Салон 19,19 (06.10.2017 г.)

(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18671)

**17. Ноември 2017** Аудио продуцент на снимка од концерт на четирирачно дуо Ана Гацева и Татјана Ѓорлева во ФМУ - Скопје (08.11.2017 г.)

(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18673)

**18. Ноември 2017** Аудиопродуцент на снимка од концерт на Ангеле Михајловски одржан во ФМУ – Скопје (14.11.2017 г.)

(http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18674)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стојаноски е редовен член на ННС и на комисиите на Музичката академија во Штип за приемни испити, завршни испити и уписни комисии. Учествувал и во создавањето и развивањето на мултимедијалниот центар при УГД. Стојаноски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата по пијано на Музичката академија, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната и уметничка област пијано и сонологија на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Христо Стојаноски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област пијано и сонологија на Музичката академија наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од претходно наведеното, како Рецензентска комисија му предложуваме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог за кандидатот вон. проф. м-р Христо Стојаноски да го избере во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област пијано и сонологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Татјана Ѓорлева, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Емилија Потевска-Попивода, редовен професор, член, с.р.**
**М-р Антонијо Китановски, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 4 | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | **10** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба **под оваа точка, спаѓаат и аудиовизуелните остварувања кои припаѓаат на областа сонологија* | 6 | 3 | | | **18** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 4 | 2 | | | **8** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1 | 1 | | | **1** |
| 18 | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 4 | 2 | | | **8** |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 1 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **47** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2 | | | **2** |
| 19 | Стручни награди и признанија | | | 1 | 8 | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **87** |

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ДЕФИНИРАЊЕ НА МРЕЖА НА ГЕОМАГНЕТНИ СТАНИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА КОСОВО“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БЕКИМ СЕЛИМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 0206-221/3 од 22.2.2023 година, донесена на 74. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 22.2.2023 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов „Дефинирање на мрежа на геомагнетни станици на територијата на Република Косово“, изработена од кандидатот м-р Беким Селими, во состав:

- проф. д-р Гоше Петров, претседател,
- проф. д-р Благица Донева, член,
- проф. д-р Крсто Блажев, член,
- проф. д-р Тодор Делипетров, интерен ментор, член,
- проф. д-р Драгана Черних, екстерен ментор, член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледувањето на докторската дисертација, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Дефинирање на мрежа на геомагнетни станици на територијата на Република Косово“, изработена од м-р Беким Селими, е напишана на македонски јазик, со правилно користење на научна и стручна терминологија, на 105 страници, со 57 слики, 2 табели и 4 прилози, на А4 формат, согласно со интерните акти на Универзитетот за пишување на докторски трудови.

Докторската дисертација ги опфаќа следниве поглавја: Вовед, Досегашни истражувања на геомагнетното поле, Магнетно поле на Земјата, Временски промени на магнетното поле, Основи на геомагнетизмот, Основни елементи за определување на магнетна станица, Положба на Република Косово, Мрежа на геомагнетните станици во Република Косово, Заклучок и понатамошни истражувања и Користена литература.

**Вреднување на поединечните делови од докторската дисертација**

*Вовед* - Во ова поглавје на кратко е даден опис на составот на планетата Земја и нејзините природни физички полиња, меѓу кои и геомагнетното поле, кое е предмет на анализа на оваа докторска дисертација.

*Досегашни истражувања на геомагнетното поле* - Во ова поглавје е даден историјат на развојот на сознанијата за магнетизмот на Земјата и елементите на земјиното магнетно поле.

Првите сознанија за привлекување на предметите датираат од VII век пр. н. е., а магнетизмот како феномен е констатиран во XII век. Подоцна, низ вековите, сознанијата за магнетизмот и елементите на магнетното поле се проширувале и конкретизирале. Мерењето на вредностите на елементите на магнетното поле, кои се вршат во соодветни магнетни опсерватории, укажуваат на варијации на истите, кои можат да бидат дневни, периодични или вековни (секуларни), а се резултат на различни ендогени или егзогени активноста на Земјата, како и активноста на Сонцето.

*Магнетно поле на Земјата* - Во ова поглавје се дадени теоретските основи на магнетното поле на Земјата.

Вкупното магнетно поле на Земјата се состои од магнетното поле на внатрешноста на Земјата, како и други причинители кои генерираат магнетно поле, како што се: геолошки структури во горниот дел на литосферата кои содржат во себе феромагнетични минерали, флуидите низ карпести маси кои се повеќе или помалку јонизирани, тектонските напрегања во карпестите маси во литосферата, индуцирани геомагнетни полиња во спроводните зони на Земјата под дејство на надворешни магнетни полиња и други.

*Временски промени на магнетното поле* - Во ова поглавје е опишана промената на магнетното поле на Земјата во зависност од времето. Значајна улога во оваа смисла има влијанието на Сонцето, односно активноста на неговата површина. Притоа се создаваат магнетни бури, кои се со различно времетраење и кои имаат значително влијание на интензитетот, магнетната деклинација и магнетната инклинација на земјиното магнетно поле.

Варијациите на магнетното поле во функција на времето можат да бидат: бавни варијации, кои се нарекуваат вековни или секуларни, кои се во тесна врска со причинителите кои се наоѓаат во внатрешноста на Земјата и се предизвикани од слични или исти причинители кои го предизвикуваат и главното магнетно поле на Земјата и брзи варијации од периодичен тип, чии причинители се во тесна врска со настаните во јоносферата.

*Основи на геомагнетизмот* - Во ова поглавје поголемо внимание е посветено на елементите на магнетното поле на Земјата и геомагнетните карти кои произлегуваат од промената на истите.

Земјата го поседува своето магнетно поле од почетокот на нејзиното формирање како планета со своите геосфери. Со формирањето на карпите, благодарение на содржината на феромагнетични минерали, тие ја стекнувале и својата магнетна меморија. На тој начин, секоја карпа го памти карактерот на магнетното поле на Земјата на местото на кое истата е настаната и во време во кое се формирала. Врз основа на магнетната меморија на карпите, можно е да се одреди и положбата на континенталните маси во текот на последните 500 милиони години.

Геомагнетното поле на Земјата, во која било нејзина точка, може да се претстави со вектор, кој претставува тангента на магнетните линии на силата во мерната точка. Модулот на векторот го дефинира интензитетот на геомагнетното поле во точката на набљудување. Вертикалната рамнина во која лежи векторот на геомагнетното поле е издвоена како магнетски меридијан. Елементи на геомагнетното поле, т.е на векторот геомагнетното поле T, се: магнетна деклинација (D), магнетна инклинација (I), хоризонтална компонента (H), источна компонента (Y), северна компонента (X) и вертикална компонента (Z).

Врз основа на резултатите од мерењето на елементи на геомагнетното поле, кои се однесуваат на одреден период на мерење на истите, се изработуваат соодветни геомагнетни карти.

Основни елементи за определување на магнетна станица - Во ова поглавје е дадена процедурата за определување на локацијата за поставување на магнетна станица. Дадени се, исто така, и одредени параметри, од различен аспект (како зголемување на ефектите од индустриското влијание кои ги надминуваат максимално дозволените стандарди), кои треба да бидат задоволени при изборот на местоположбата на магнетната станица.

За локацијата на магнетната станица треба да се користат инженерско-геолошки карти, за да се види стабилноста на теренот за поставување на стабилни пилари за инструментите. Треба да се изведат магнетни истражувања во радиус од 100 m и чекор од 10 m. На локацијата на станицата магнетното истражување треба да биде изведено со чекор од 1 m, а градиентите на магнетното поле не треба да надминуваат 1 - 2 nT/m.

Во ова поглавје детално се опишани постапките и начинот на мерење со инструментите кои се користат за мерење на геомагнетното поле (со сите негови компоненти).

Посебно внимание е посветено и на астрономските опсервации на Сонцето, како параметар кој се користи на прецизно определување на географскиот север.

*Положба на Република Косово* - Во ова поглавје се дадени географските карактеристики на Република Косово (местоположба, релјеф, хидрографија и слично).

Во ова поглавје, исто така, детално е опишана геолошката градба на Република

Косово, која се карактеризира со различни геолошки формации, кои според староста, се од протерозоиски до кватерни. Од литолошки аспект, на територијата на Република Косово, застапени се седиментни и магматски карпи, поретко и метаморфни карпи.

*Мрежа на геомагнетните станици во Република Косово* - За потполно следење на геомагнетото поле на даден простор потребно е да има основна мрежа на геомагнетни станици за периодично набљудување на магнетното поле и геомагнетната опсерваторија која перманентно ја мери временските промена геомагнетното поле.

За дефинирање на коефициентите на зависност на геомагнетното поле од географската ширина и должина на дадена точка за определен простор (вообичаено држава), покрај постоењето на геомагнетна опсерваторија која е реперна точка, потребна е релативно хомогена мрежа на геомагнетни станици. Извршените обемни истражувања при реализација на докторската дисертација овозможуваат дефинирање на 10 точки на територијата на Република Косово, кои ја сочинуваат мрежата на геомагнетни станици. Покрај постоечките геомагнетни станици, Качаник и Деваја, на територијата на Република Косово се предвидени уште 8 геомагнетни станици: Бачке, Којуш, Радоник Езеро, Ново Село, Газивода, Врело, Ново Брдо и Житиње.

За секоја од предвидените геомагнетни станици поединечно е дадеден детален опис на мерната точка со: географски координати, локација, регионални правци на патна комуникација, опис на метата (таргетот) за определување на азимутот (насоката север), магнетна чистина и друго, проследени со соодветни карти.

Геомагнетните станици од основната мрежа ќе служат за периодични мерења на магнетното поле на тие точки во интервал од 3-5 години.

*Заклучок и понатамошни истражувања* - Во заклучокот е констатирано дека податоците од мерењата во геомагнетните станици ќе овозможат изработка на соодветни геомагнетни карти на елементите на геомагнетното поле на Република Косово, според стандардите на ИНТЕРМАГНЕТ. Дадени се и предлози за понатамошни истражувања, со крајна цел, изградба на геомагнетна опсерваторија во Република Косово.

*Користена литература* - Во користената литература се цитирани 19 референци, како учебници, научни трудови, публикации и друго.

**Предмет на докторската дисертација**

Предмет на докторската дисертација е дефинирање на основна мрежа на геомагнетни станици на територијата на Република Косово.

**Цели и нивна разработка**

Целта на докторската дисертација е преку примена на современи методи, дефинирани и разработени од ИНТЕРМАГНЕТ да се дефинираат најпогодните локации на територијата на Република Косово за поставување на геомагнетни станици, кои периодично ќе го мерат магнетното поле, со сите негови елементи. Резултатите од тие мерења ќе послужат за изработка на соодветни геомагнетни карти.

**Научен придонес**

Спроведените истражувања во рамките на докторската дисертација имаат оригинален научен карактер и како такви имат голем придонес во познавањето на геомагнетизмот, односно истражувањето и следењето на геомагнетното поле во Република Косово. Истражувањата кои се спроведени при изработката на докторската дисертација, односно дефинирањето на локациите за поставување на геомагнетни мерни станици во Република Косово, во иднина ќе придонесат за постојано следење и мерење на елементите на геомагнетното поле на овој простор.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Дефинирање на мрежа на геомагнетни станици на територијата на Република Косово" од кандидатот м-р Беким Селими и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Дефинирање на мрежа на геомагнетни станици на територијата на Република Косово" од кандидатот м-р Беким Селими и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гоше Петров, претседател,**
**редовен професор, Факултет за природни и технички науки,**
**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**
**Д-р Благица Донева, член,**
**вонреден професор, Факултет за природни и технички науки,**
**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**
**Д-р Крсто Блажев, член,**
**редовен професор (во пензија), Факултетот за природни и технички науки,**
**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**
**Д-р Тодор Делипетров, интерен ментор, член,**
**редовен професор (во пензија), Факултет за природни и технички науки,**
**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**
**Д-р Драгана Черних, екстерен ментор, член,**
**редовен професор, Природно-математички факултет,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „МЕНАЏИРАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО КЛИЕНТИТЕ КАКО ОСНОВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ КОМПАНИИ" ОД М-Р ДУШКО КОЦЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на својата 63. седница, одржана на 10.3.2023 год., донесе Одлука со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Менаџирање на односите со клиентите како основа за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании"**, пријавена и изработена од кандидатот м-р Душко Коцев, во состав:

- **проф. д-р Благица Колева** – претседател (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип);
- **проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска** – ментор и член (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип);
- **проф. д-р Пеце Николовски** – екстерен ментор и член (Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола);
- **проф. д-р Ристе Темјановски** – член (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип);
- **проф. д-р Еленица Софијанова** – член (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип).

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Структура на трудот

Докторската дисертација на докторандот Душко Коцев содржи 220 страници компјутерски обработен текст, со примена на ариал 12 и листа од 162 библиографски единици. Структурата на трудот се состои од следните делови: Дел 1 – Поим за сметководство; Дел 2 – Аутсорсинг; Дел 3 – Однесување на потрошувачите; Дел 4 – Продажба на услуги; Дел 5 – Системи за менаџирање на односите давател-корисник на услуга (ЦРМ); Дел 6 - Анализа на резултатите од истражувањето; Заклучок и препораки за идни истражувања; Листа на слики и графикони; Користена литература и Прилог – Истражувачки прашалник. Докторскиот труд содржи 6 слики, 13 графикони и Истражувачки прашалник со 25 прашања.

### Предмет и цели на истражувањето

Во денешното бизнис опкружување компаниите сè повеќе користат надворешни даватели на услуги за одредени деловни активности, со цел да бидат во можност целосно да се фокусираат на својот основен бизнис модел. Компаниите употребуваат широка палета на услуги бизнис кон бизнис (Б2Б), со интензитет кој варира во зависност од природата на индустријата, при што најчесто се работи за набавки во многу поголем размер од оние што ги прават поединци или семејства. За жал, потрошувачите или барателите на услуги не се секогаш задоволни од квалитетот и вредноста на услугите што ги добиваат. Понекогаш искуствата во врска со набавката и користењето на услугите се сосема коректни и позитивни, но постојат и искуства кои во голема мера се разочарувачки, односно не ги исполнуваат очекувањата. Растечката улога на услугите, како глобален феномен кој ја детерминира успешноста на економиите во светски рамки, ја потенцира потребата од оформување на научна рамка која засебно ќе ги третира услугите како научно подрачје.

Оваа докторска тема се фокусира на т.н. надворешни (outsourcing) даватели на сметководствени услуги. Основната цел, синтетизирајќи најнови научни истражувања од конкретната област е да се проучи и структурира деловниот однос на релација давател-корисник на сметководствени услуги, да се презентираат карактеристиките на услужниот продукт и услужната околина и да се понуди бизнис модел кој ќе овозможи додадена вредност на услугата што се нуди. Под претпоставка дека давателите на сметководствени услуги поседуваат силно истакната експертиза од областа на сметководствените науки, оваа тема ќе придонесе истите да го кренат своето критичко размислување на едно повисоко ниво, вметнувајќи маркетинг - менаџмент пристап во своето работење. Управувањето на деловните односи со клиентите е процес кој треба да се менаџира, управува и инвестира.

Правилното структурирање на деловниот однос овозможува повеќекратни придобивки за страните чинители на истиот. Преку свесно управување на односите со клиентите од страна на давателите на сметководствени услуги се овозможува спознавање на специфичните побарувања на клиентите-корисници. За соодветно да се позиционираат на пазарот, сметководителите се исправени пред предизвикот континуирано да го надградуваат сопственото знаење и умеење и постојано да пронаоѓаат начини, методи и технологии, со кои би ја унапределе услугата која ја нудат кон клиентот - корисник. Како сеопфатна бизнис филозофија која овозможува унапредување на односот давател - корисник на сметководствени услуги, во докторскиот труд е презентиран концептот наречен CRM (Customer Relationship Management) или Менаџирање на односите со клиентите. ЦРМ системите претставуваат синтеза на софтвер и бизнис филозофија, кои во фокус ги имаат специфичните побарувања на клиентите. Препознавањето на придобивките кои ги нудат овие системи овозможува компаниите даватели на сметководствени услуги да се снабдат со релевантни информации за карактеристиките на сопствените клиенти и да понудат додадена вредност на услугите кои ги нудат, што ќе влијае на зголемување на лојалноста на постоечките клиенти, ќе овозможи подлога за развивање на стратегија за привлекување на нови клиенти и во крајна линија ќе резултира во зголемување на профитабилноста на компаниите даватели на сметководствени услуги.

Растечката улога на услугите, како глобален феномен кој доминира во економиите во светски рамки, ја потенцира потребата од оформување на научна рамка која засебно ќе ги третира услугите, како посебно научно подрачје. Големината на услужните сектори е забележлива во речиси сите држави во целиот свет. Со развојот на националните економии, забележлив е тренд на пораст на релативниот удел на вработувањата кои ги овозможуваат услугите, за сметка на вработувањата кои ги овозможуваат останатите сектори. Дури и во економиите во подем, учеството на услугите е сѐ поизразено во креацијата на националните БДП. Владините политики, општествените промени, бизнис трендовите, напредокот на информатичката технологија и глобализацијата претставуваат највлијателни фактори кои ги трансформираат денешните пазари на услуги. Овде зборуваме за зголемена брзина и капацитет на пренос на податоци, дигитализација на текст, графика, аудио и видео материјали, моќни софтверски решенија кои придонесуваат за видоизменување на видот и карактеристиките на услугите и на страна на понудата и на страна на побарувачката.

Оваа докторска тема ги анализира сметководствените услуги кои ги обезбедуваат т.н. надворешни (outsourcing) даватели на сметководствени услуги кон своите клиенти - корисници. Сметководството како општествена дејност придонесува за правилно функционирање на деловните односи помеѓу субјектите во една економија. Пресметка на даноци, поднесување на годишни финансиски извештаи, усогласување на побарувања и обврски помеѓу компаниите, изготвување на пресметки за плати, финансиски консалтинг, се само дел од услугите кои ги обезбедуваат сметководителите за своите клиенти-корисници. Сметководителите ги трансферираат донесените законски решенија од областа на финансиите во пракса. Сметководството како сектор, дава целосна слика за една економија. Иако во фокусот на фирмите кои се занимаваат со сметководство се наоѓа пресметка на профитабилноста на нивните компании клиенти, сметководителите и организациските форми преку кои делуваат и самите претставуваат профитно ориентирани ентитети. Развојот на интернетот, информатичката технологија и новите комуникациски медиуми придонесоа сметководствените услуги да се изместат од својата досегашна

траекторија на функционирање. Современите текови ги испречуваат сметководителите пред предизвикот постојано да го надградуваат своето знаење и умеење, да прифаќаат нови работни технологии и континуирано да учат. Интернетот како медиум, силно ја потенцира електронската размена на податоци помеѓу институциите, давателите и корисниците на услуги. Оние сметководствени компании кои ќе успеат да го приспособат сопственото работење на новите работни пракси ќе бидат во состојба да ја подобрат својата конкурентска позиција на пазарот.

Главните цели на истражувањето во овој докторски труд се:

– Да се спознае формата на деловниот однос на релација давател-корисник на сметководствени услуги и да се дефинира услужниот продукт според неговите карактеристики.
– Да се детерминираат причини и да се понуди одговор зошто компаниите користат надворешни снабдувачи на сметководствени услуги.
– Соодветно да се дефинираат и презентираат поимите услужна средина, услужна околина и услужен персонал, во контекст на ефективна и ефикасна продажба на сметководствени услуги.
– Со помош на анкета спроведена на репрезентативен примерок на испитаници, да се истражи дали надворешните даватели на сметководствени услуги во Македонија користат ЦРМ или имаат афинитет да започнат да користат, односно дали го препознаваат ЦРМ концептот и неговите придобивки, како бизнис филозофија која може да придонесе за унапредување на односите давател-корисник на сметководствени услуги.

Во докторската теза, докторандот се обидува да направи сублимат помеѓу две економски дисциплини, сметководство и маркетинг менаџмент. Мора да се спомене фактот дека научната област кај нас содржи многу малку или воопшто наслови на оваа тема, за разлика од светската литература, која одамна елаборира истражувања и презентира резултати од позитивната интеракција на овие две економски дисциплини.

**Методологија на истражување**

Меѓународната научна литература го подвлекува фактот дека управувањето на деловните односи со клиентите е процес кој треба да се менаџира, управува и во кој треба да се инвестира. Преку свесно управување на односите со клиентите од страна на давателите на сметководствени услуги, се овозможува спознавање на специфичните побарувања на клиентите-корисници. Имајќи податоци за карактеристиките на сопствените клиенти, сметководствените компании ќе бидат во состојба да обезбедат додадена вредност на услугата што ја нудат, што во крајна линија ќе резуктира со задоволство, задржување и лојалност на клиентите (Customer satisfaction, retention, loyalty). Задоволен клиент значи лојален клиент. Задоволен клиент нуди бесплатен, а силно ефективен маркетинг за привлекување на нови клиенти (т.н. Word-of-mouth Marketing). Управувањето со деловните односи може да одговори на прашањето дали да се инвестира во односите со постоечките клиенти или да се инвестира во стратегија за привлекување на нови.

Оформувањето на истражувачкиот пристап во докторскиот труд започнува со градење на објективна теоретска рамка, аналитички модел, истражувачки прашања и хипотези, неопходни да дадат одговор на проблемот кој претставува предмет на анализа. Во основата на целиот истражувачки пристап и методолошки дизајн на истражувањето се наоѓа градењето на објективна теоретска рамка, насочена кон прибирање одговори за проучуваниот феномен. Правилно екстрахираната теоретска рамка од веќе постоечката литература, довела до полесно оформување на аналитичкиот модел, истражувачките прашања и хипотезите на истражувањето.

Имајќи ги предвид горенаведените научни сознанија, дефинирани се основните хипотези на истражувањето:

Хипотеза 1

Спознавањето и управувањето со односите на релација давател-корисник на

сметководствени услуги, може да придонесе за унапредување на односите со постоечките клиенти, овозможува база на податоци за сетирање на стратегии за привлекување на нови клиенти, што во крајна линија ќе доведе до зголемување на профитабилноста на компаниите даватели на сметководствени услуги.

Хипотеза 2

Имплементирање на ЦРМ како современа бизнис филозофија може да придонесе сметководствените компании да го подобрат управувањето на односите со клиентите, а со тоа и да ја зголемат профитабилноста на сопствените компании.

Оформувањето на истражувачкиот пристап за потребите на оваа докторска теза почнува со анализа на секундарни податоци, односно со ревизија на неопходната стручна литература, која овозможува дефинирање на предметот на истражување.

Секундарните податоци за потребите на истражувањето се синтетизирани од различни универзитетски учебници, академски публикации, билтени, меѓународни журнали и on-line библиотеки. Информациите стекнати со употреба на секундарните податоци претставуваат основа за оформување на објективна теоретска рамка, која дава одговор за тоа каков истражувачки пристап треба да се употреби кој ќе даде одговор на поставените цели на истражувањето.

Правилното функционирање на истражувачкиот метод е испитано со помош на спроведено истражување со примена на истражувачки прашалник. Податоците собрани од теренската работа се синтетизирани и анализирани со компјутерски софтвер за статистичка обработка на податоци. Добиените резултати од истражувањето во форма на примарни резултати, му овозможуваат на кандидатот да добие директни одговори на однапред дефинираните истражувачки цели и хипотези. Дизајнирањето на прашалникот е водено од два основни предуслови. Прво, предвид се земени видот на информациите кои треба да се добијат од испитаниците. Во оваа смисла, сите прашања се структурирани да дадат соодветни одговори на истражуваниот феномен. Второ, аналогно на изборот на истражувачкиот метод, а тоа е лична анкета и интервју, е оформен прашалник кој најдобро ќе функционира за ваков вид на техника за испитување. Прашањата се јасно формулирани, во однос на содржината и визуализацијата на истите. Се водело сметка и за самиот изглед на прашалникот, во техничка смисла на зборот.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Докторскиот труд е структуриран од шест главни тематски подрачја и во секое од нив се презентирани научни содржини кои даваат директен одговор на однапред дефинираните цели и истражувачки хипотези.

Во првото поглавје го дефинираме сметководството како дејност, односно сметководствените услуги како услужен производ. Во ова поглавје нудиме одговор на првата истражувачка цел, односно ја спознаваме формата на деловниот однос на релација давател-корисник на сметководствени услуги и го дефинираме услужниот продукт. Заклучивме дека, сметководствените системи се задолжени за евиденција, анализа и сумирање на финансиските настани, односно продуцирање на соодветни информации кои ја определуваат финансиската состојба на деловниот ентитет. На тој начин тие обезбедуваат финансиски показатели како за врвниот менаџментот, така и за сите останати стејкхолдери кои се засегнати од функционирањето на организацијата. Сметководствените системи претставуваат целина сочинета од повеќе интегрални делови кои треба да обезбедат комплексна и благовремена информациска подлога, со точни квантитативни и квалитативни показатели за донесување на оптимални деловни одлуки.

Сметководството, кое по својата суштина се карактеризира со информативни белези, претставува под-систем кој преку сметководствената функција е дел од универзалниот информациски систем. Сметководствената функција на компаниите се повеќе излегува од рамките на „книжење по принципите на двојното книговодство", притоа добивајќи деловен и менаџерски карактер. Задача на сметководствената функција е да биде активен чинител во креирањето и оценката на целите на финансиската, производствената, продажната и воопшто на деловната политика на фирмите. Задача на сметководствената

функција е да даде свој специфичен придонес во оценката на ефикасноста на деловната политика, организацијата на остварувањето на деловните цели, како и политиката и средствата за остварување на овие цели. Вака концепирана, улогата на сметководствената функција претставува перманентно консултирање и цврста соработка со носителите на другите функции во компаниите и студиозно следење на реализацијата, во секоја етапа на нејзиниот развој.

Кај деловните субјекти, на сметководството отсекогаш му припаѓала една од клучните улоги. Врз база на сметководствените податоци се дава оценка за финансиското и целокупното деловно работење на ентитетот, се донесуваат одлуки во врска со преземањето тековни и долгорочни деловни потфати, се информираат вработените и акционерите (сопствениците), се преземаат мерки во врска со нивното непосредно ангажирање за отстранување на пропустите и стимулирање на успешните активности, се во функција на унапредување на резултатите од работењето. Во ова поглавје, како вовед во понатамошните презентации во врска со придобивките кои можат да ги остварат сметководствените компании од воведување на ЦРМ концептот во своето работење, презентираме дека интеграцијата на сметководствениот софтвер во единствен управувачки компаниски софтвер кој ги интегрира целокупните деловни функции, повеќе не се анализира како иновација во работењето, туку како нужно неопходна потреба која овозможува бројни придобивки.

Во второто поглавје кандидатот анализира зошто компаниите користат стратегија за аутрорсинг на некои деловни функции, односно зошто компаниите ја доделуваат сметководствената функција на надворешен снабдувач. Оваа дилема воедно претставува втора главна истражувачка цел, на која во ова поглавје е понуден директен одговор. Аутсорсингот се дефинира како договор за пренос на сите или делови од некоја организациска функција од компанијата корисник на надворешна компанија, давател на услугата. Всушност, аутсорсинг компаниите се анализираат како елементи на деловната стратегија за намалување на трошоците, подобрување на ефикасноста, стекнување експертиза, зајакнување на деловниот фокус, ублажување на ризиците, одржување одржливост и дополнување на ретките ресурси. Претходно, аутсорсингот претставуваше карактеристика на работењето на големите компании, но денес се повеќе се наметнува како прв избор и помеѓу малите и средни претпријатија.

Во контекст на сметководството, аутсорсингот се дефинира како процес на поместување и доделување на клучните сметководствени операции на надворешни сметководствени компании снабдувачи, наместо организирање на сопствен сметководствен сектор. Дефицит на ресурси се јавува кога на компаниите и недостасуваат луѓе или знаења неопходни за исполнување на сметководствените функции. Колку е поголем дефицитот на ресурсите, толку попривлечен станува аутсорсингот. Ова е особено важно за МСП, бидејќи ограничувањата на ресурсите се генерално многу позначајни за МСП во однос на големите компании. Повеќето МСП имаат тенденција да ги аутсорсираат своите сметководствени функции, бидејќи им недостасува сметководствено знаење и поддршка. Аутсорсингот на сметководствените функции им овозможува на компаниите да ги намалат режиските трошоци и да се фокусираат и управуваат со нивната основна дејност поефикасно. Бидејќи вкупните трошоци за спроведување на сметководствените функции преку аутсорсинг компании се многу помали во однос на оние доколку се ангажира внатрешен персонал, во секоја компанија сметководствениот аутсорсинг претставува дел од сопствениот долгорочно одржлив бизнис модел.

Имајќи го предвид прегледот на литературата, како две основни причини зошто компаниите ја доделуваат сметководствената функција на надворешен снабдувач се наведуваат: недостигот на стручна експертиза и знаење и намалување на компаниските трошоци. Мора да се потенцира дека одлуката за аутсорсирање на сметководствената функција носи и одредени предизвици. Истражување, претходно искуство, јасна потреба, аналитички и внимателен увид се потребни при изборот на вистинскиот снабдувач. Истражувањата од областа недвосмислено го истакнуваат фактот дека одлуката за аутсорсирање на сметководствената функција претставува одлука чии импликации се простираат на долг рок. Компанијата корисник и компанијата давател во делот на

аутсорсирање на сметководствените функции оформуваат партнерски однос, однос на заемна доверба и почит, релација која содржи деловни тајни и етика во работењето.

Во третото и четвртото поглавје се презентирани научни содржини кои ги третираат однесувањето на потрошувачите како корисници на услуги и продажбата на услуги, односно две подрачја чие познавање ќе им овозможи на сметководствените компании проактивен пристап во менаџирањето на односите со клиентите. Познавањето на овие концепти придонесуваат и за соодветна имплементација на ЦРМ како бизнис филозофија која овозможува структурирање на деловниот однос на релација давател-корисник на сметководствени услуги. Овие поглавја исто така нудат и одговор на третата истражувачка цел, а тоа е дефинирање на поимите услужна средина, услужна околина и услужен персонал во контекст на сметководствените услуги. Однесувањето на потрошувачите како корисници на услуги, во третото поглавје е објаснето преку познатиот Тридимензионален модел на однесување на потрошувачите како купувачи на услуги. Зборуваме за главните три фази, односно фаза на однесување пред набавката, фаза за време на испорака на услугата и фаза по добивање на услугата, со сите карактеристики на секоја фаза одделно. Средбите со услугите се случуваат во услужна средина, под влијание на услужната околина и претставуваат сложен феномен, односно интеракциите на потрошувачите со околните фактори на опкружувањето ги оформуваат очекувањата на потрошувачите, влијаат на задоволството, лојалноста, намерата за повторно купување, а подоцна и на пораките од уста на уста. Во услови кога услугата се добива во просториите на давателот на услугата, потрошувачите го посетуваат објектот за испорака на услуги, или тие влегуваат во т.н. „фабрика" за услуги. Кај давателите на услуги истите се фокусираат на давање на услуга, односно обработка на луѓе и нивни афинитети и очекувања од услугата, наместо на обработка на стоки за производство и неживи предмети што се наоѓаат во традиционалните фабрики. Потрошувачите во улога на корисници на услуги се изложени на повеќе физички показатели за компанијата давател на услугата, за време на процесот на испорака на услуги. Тука се вклучени надворешноста и внатрешноста на самите згради, опремата и мебелот, како и изгледот и однесувањето на услужниот персонал и другите купувачи. Дури и темпото на користење/давање на услугата може да влијае на задоволството на потрошувачите. Просечното ниво на исполнување на овие димензии претставува значаен предзнак за задоволството на потрошувачите. Во денешно време, се почесто се појавуваат услужни дејности во кои нема директен контакт/интеракција помеѓу давателот и корисникот на услугата. Интернетот, односно неограничените можности за поврзување се причина за еволуција на изгледот на услугата, каде давателот и корисникот на услугата може да се наоѓаат на различни локации, па дури и на различни континенти.

Во четвртото поглавје кандидатот се задржува на маркетингот, односно продажбата на услугите како научно подрачје Надворешните сметководствени услуги по категоризација во однос на трансферабилноста на сопственоста како карактеристика на услугите, претставуваат услуги без пренос на сопственоста, односно услуги на изнајмување на труд и експертиза. Услугите се разликуваат и во однос на она што се процесира. Кај услугите може да се процесираат луѓе, физички предмети, податоци, а природата на процесирањето може да биде материјална и нематеријална. Професионалци во многу области ги користат сопствените умови за процесирање и пакување на информации. Токму сметководствените услуги, како и останати финансиски, правни, банкарски и консалтинг услуги, се репрезенти на оваа категорија на услуги. Линијата меѓу процесирањето на информациите и менталното стимулирање не е сосема јасна. Сметководителот може да обработува финансиска документација и од истата да продуцира финансиски извештаи, како продукти кои содржат информации или економски показатели, кои пак ќе ги условат менаџерите (ментален стимул) да донесат деловни одлуки за иднината на компанијата и да постапат на свесно планиран начин, врз основа на релевантни информации. Во контекст на финансиските услуги и сметководственото работење, неопходно е да се комбинира третманот на услугите за процесирање со ментален стимул со категоријата наречена процесирање на информации. Научната пракса во овој контекст оди понатаму и препознава еден единствен термин наречен процесирање на услуги засновани на информации. Карактеристиките на сметководствените услуги условуваат примена на соодветен маркетинг микс, кој ја

дефинира продажната стратегија насочена кон истите. Во однос на маркетингот на услугите основниот маркетинг-микс или таканаречените основни 4П (продукт, цена, дистрибуција и промоција) кога станува збор за маркетинг на производи се проширува со уште три елементи: процес, физичка средина и услужен персонал, чија значајност ја дефинираме во претходните редови. Во ова поглавје е презентиран и Маркетингот на односите, чија парадигма претставува преовладувачката теза во современата литература за однесувањето на потрошувачите во областа на услугите. Истиот го ревитализира научното истражување на главните аспекти кај односите/релациите, како што се: задоволството на потрошувачите, квалитетот на услугата, довербата и лојалноста и обработува нови аспекти како што се приврзаност, посветеност и вклученост.

Во петото поглавје е презентиран концептот наречен ЦРМ или менаџирање на односите со клиентите, односно воведување на истиот во работењето на сметководствените компании, како филозофија на работење која ќе придонесе за унапредување на деловниот однос и понудените услуги. ЦРМ претставува систем или работна филозофија со која клиентот се става во центарот на деловниот процес, а имплементирањето на најдобрите ЦРМ практики се клуч за стекнување на лојалност од купувачите, како интегрален дел од успешен бизнис план. Со овој систем се овозможува да се проучи однесувањето на клиентите, а со тоа се обезбедуваат и правилни насоки кон најдобро опслужување на истите и подобрување на односите и релациите со нив.

Во овој дел се презентирани придобивките од воведување на ЦРМ пристап во работењето на сметководствените компании. ЦРМ е работна филозофија или процес кој треба да биде прифатен, препознаен и имплементиран од целокупната организациска структура. Менаџирањето на односите со клиентите треба да се случува од најниско до највисоко ниво во компанијата давател на сметководствени услуги. Оваа докторска теза ги истакнува придобивките од спроведување на научниот процес во пракса, притоа потенцирајќи го фактот дека ЦРМ е процес којшто треба да се структурира, менаџира, контролира и инвестира. ЦРМ сам по себе не значи профит, истиот претставува корисна методологија чие применување во пракса може да придонесе за зголемување на профитабилноста. ЦРМ во суштина претставува мониторирање, бележење и евидентирање на специфични карактеристики и побарувања на клиентите во процесот наречен давање, односно користење на услуга. Процесот овозможува создавање на база на податоци во врска со специфични карактеристики на клиентите, од која во секој момент може да се спознае потреба, побарување, пристап кој може да се понуди кон клиентот, во вид на додадена вредност на услугата што се нуди.

Базата на податоци која ја генерира ЦРМ служи како корисна основа за унапредување на односите со постоечките клиенти, овозможувајќи задоволство, задржување, лојалност. Податоците од истата можат да послужат како корисен генератор на информации за оформување на маркетинг кампањи за привлекување на нови клиенти. Можностите кои ги нуди правилно структуриран ЦРМ систем во една организација се неограничени, придонесува за градење на бренд, од маркетинг аспект придонесува за оформување на стратегија за сегментирање, позиционирање и таргетирање на пазарот, нуди олеснета комуникација со постоечките клиенти, нуди софистициран менаџмент на документација, нуди подобрување во процесот на запазување на законски пропишаните рокови и останато. Научната методологија наречена ЦРМ може да се инсталира во рамки на организациската структура на една компанија со или без помош на специјализиран ЦРМ софтвер. Нормално, специјализираните ЦРМ софтвери нудат уникатно и софистицирано корисничко искуство, но од друга страна истите имаат повисока цена на чинење. Уште еднаш ја потенцираме универзалната апликабилност на научната методологија наречена ЦРМ. Познавајќи ги основните аспекти на овој научен пристап може да се оформи сопствена поедноставена верзија, која во пракса ќе функционира. Секако дека основната поставка мора да користи информатичка технологија.

Во шестото поглавје се презентирани резултатите од истражувањето спроведено помеѓу репрезентативен примерок на сметководители и овластени сметководители, во врска со конкретниот предмет на истражување. Како што е наведено во делот кој ја презентира методологијата на истражување која се користи во докторската тема, а за

да се добијат основни сознанија за тоа дали сметководствените компании применуваат, не применуваат или делумно применуваат менаџирање на односите со клиентите, спроведено е истражување помеѓу сметководствената фела, со помош на анонимен анкетен истражувачки прашалник. Правилно структуриран анкетен прашалник е дистрибуиран од страна на кандидатот помеѓу репрезентативен примерок на испитаници, од кој се добиени примарни податоци, кои преку статистичка обработка понудиле резултати кои даваат директен одговор на проучуваниот феномен.

Прашалникот елаборира прашања чии одговори овозможиле да се добијат директни одговори во врска со предметот на истражување. Овие прашања обезбедуваат одговори на тоа дали сметководителите ги менаџираат односите со клиентите и како, дали ги познаваат придобивките доколку го применуваат овој научен метод во пракса, како ги склучуваат договорите со клиентите, дали е тоа случајно, врз основа на маркетинг кампања, или по препорака на клиент, кои канали за комуникација со клиентите ги користат, дали применуваат современи адвертајзинг алатки за презентација на сопствените услуги, дали спроведуваат насочени маркетинг кампањи, дали и какви медиуми за рекламирање користат, како ги менаџираат односите со постоечките клиенти, дали ги анкетираат и мониторираат постоечките клиенти во однос на очекувањата од услугите кои ги користат, кои се причините за прекин на соработката. Во делот на анализата на резултатите се врши компарација на добиените резултати со научната методологија презентирана во претходните поглавја низ прегледот на литературата и се презентирани одговори и препораки за идно делување во врска со моменталните предизвици со кои се соочуваат сметководствените компании во земјата.

**Заклучни согледувања и препораки**

Сметководството, како општествена дејност, придонесува за правилно функционирање на деловните односи помеѓу субјектите во една економија. Развојот на интернетот, информатичката технологија и новите комуникациски медиуми, придонесоа сметководствените услуги да се изместат од својата досегашна траекторија на функционирање. Современите текови ги испречуваат сметководителите пред предизвикот постојано да го надградуваат своето знаење и умеење, да прифаќаат нови работни технологии и континуирано да учат. Оние сметководствени компании кои ќе успеат да го приспособат сопственото работење кон новите работни предизвици ќе бидат во состојба да ја подобрат својата конкурентска позиција на пазарот.

Фокусот на ова научно истражување е насочен кон надворешните сметководствени компании, односно менаџирањето на односите на релација давател-корисник на сметководствени услуги, како основа за унапредување на квалитетот на услугите кои сметководителите ги обезбедуваат на своите клиенти-корисници. Истражувањето во докторската тема ја има постигнато основната цел- синтетизирајќи најнови научни истражувања од конкретната област, да се проучи и структурира деловниот однос на релација давател-корисник на сметководствени услуги. Сознанијата кои ги нуди докторската тема, овозможуваат повеќекратни придобивки за сметководствените компании и оформување на бизнис модел кој ќе овозможи додадена вредност на услугата што се нуди.

Имајќи го предвид фактот дека кај нас постојат многу малку или воопшто не постојат наслови на оваа тема, истражувањето претставува поттик за креативно размислување кај професионалните читатели на истото. Користејќи секундарни податоци од светската литература, кандидатот презентира научни согледувања во врска со предметот на истражување (менаџирање на односите со клиентите) и ги анализираа придобивките од правилното применување на научните сознанија во практиката.

Менаџирањето на односите со клиентите, во контекст на сметководствените компании како надворешни даватели на услуги, е наслов што за прв пат се елаборира кај нас. Меѓународната литература од оваа област нуди научни сознанија кои дефинираат повеќекратни придобивки од спроведување на овој научен процес во реалното работење. Притоа, во повеќе наврати се потенцира универзалната апликабилност на истиот, кој се покажува како ефективен и ефикасен, независно од големината на компанијата корисник.

Процесот покажува ефекти во микро, мали и големи компании од различни индустриски гранки.

Целта на оваа докторска теза, која се состои во анализа на менаџирањето на односите со клиентите, и негово доближување до вработените во сметководствениот сектор, поттикнувајќи притоа критичко и креативно размислување во однос на потенцијалите кои ги нуди процесот, е во целост исполнета. Целта на докторската теза, уште при самиот зачеток на идејата за ваков вид на истражување е, да ги доведе во позиција вработените во сметководствениот сектор, спознавајќи ги придобивките од менаџирањето на односите со клиентите, сами да развијат сопствен модел кој ќе функционира во практиката, притоа запазувајќи го финансискиот аспект од воведување на истиот.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека во моментот сметководствените компании во Македонија генерално не користат ЦРМ софтвер во своето работење, но во исто време одговорите се движат во правец на тоа дека истите ги препознаваат придобивките од воведувањето на ЦРМ бизнис филозофијата и дека имаат афинитет за инсталирање на овие софтверски пакети во блиска иднина.

**Научен придонес на истражувањето**

Кандидатот покажува солидно познавање на проблематиката предмет на истражување, и преку теоретската и практична разработка на поставените цели на истражувањето, презентира значајни сознанија за менаџирање на односите со клиентите, како основа за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании. Добиените резултати од емпириското истражување на кандидатот му помогнале во сублимирање на листа на препораки за осовременување и подобрување на финансирањето на корпоративниот сектор во нашата земја.

Докторската дисертација на кандидатот Душко Коцев има значаен придонес во разработка и анализа на менаџирањето на односите со клиентите, како основа за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании, со посебен осврт на компаниите во Република Северна Македонија. Посебен придонес имаат препораките кои кандидатот ги извлекува како заклучок од спроведеното практично истражување, а чија примена би овозможила унапредување на односите меѓу корисниците на сметководствените услуги и давателите на истите-сметководствените компании, што би резултирало со многу поквалитетно, пообјективно и поефикасно финансиско известување.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатот Душко Коцев ги има објавено следните научно-истражувачки трудови:

1. “Улогата на менаџментот на човечки ресурси во здравството со посебен акцент на малите здравствени организации”, “Меѓународен дијалог: Исток-Запад”, Свети Николе, Vol. 5, 7/2018, ISSN 1857-9299
2. “Main Directions in the Business Plan for building a health organization”, “Knowledge” – International Journal Scientific papers, Vol. 31.5, 2019
3. “Customer Relationship Menagment in Health Organization”, “Knowledge”– International Journal Scientific papters, Vol. 30.6, 2019
4. “Relationship Marketing in service oriented companies: Retail Pharmacy case study”, Journal of Economics, 7 (1), 2022, издание на Економски факултет, УГД Штип, ISSN 1857-9973
5. “Benefits of using CRM (Customer Relationship Management) by Accounting Services Providers“, Journal of Economics, Vol 6, No 1, 2021
6. “Outsourcing strategy: Outsourcing the finance and accounting function by SMEs”, International Journal of Economics, Management and Tourism, Vol 1, No 1, 2021

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов "Менаџирање на односите со клиентите како основа за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании", изработена од кандидатот Душко Коцев, донесе заклучок дека истата претставува оригинално научно истражување, со значајни резултати и препораки.

Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените практични истражувања и анализи, врз кои се темелат заклучните согледувања и препораки од кандидатот, претставуваат значаен придонес во научната литература која ја третира проблематиката на менаџирањето на односите со клиентите, како предуслов за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании

**Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Менаџирање на односите со клиентите како основа за унапредување на квалитетот на услугите на сметководствените компании", изработена од м-р Душко Коцев и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Благица Колева – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска – ментор и член, с.р.**
**Проф. д-р Пеце Николовски – екстерен ментор и член, с.р.**
**Проф. д-р Ристе Темјановски – член, с.р.**
**Проф. д-р Еленица Софијанова – член, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕНТОРСТВО И ТУТОРСТВО“ ОД ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на 133. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на ден 19.12.2022 година, е донесена Одлука бр. 1602-146/13 од 19.12.2022 година за избор на Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Снежана Мирасчиева, редовен професор** на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- **д-р Соња Петровска, редовен професор** на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МЕНТОРСТВО И ТУТОРСТВО”** од д-р Снежана Јованова-Митковска, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факулетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебник „Менторство и туторство“ е пишуван согласно со предметната програма за истоимениот наставен предмет и е дел од Годишниот план и програма за издавачка дејност на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот Менторство и туторство се слуша во VII семестар како изборен предмет, со фонд на часови 2+1+1, на студиската програма Педагогија на Факултетот за образовни науки.

Текстот поместен во ракописот со својата тематска и концепциска поставеност нуди актуелни содржини поврзани со менторството и туторството во образованието. Соодветно на целите на наставниот предмет учебникот, значајно ќе придонесе за сензитивизирање на студентите за значењето на менторската и туторската улога на педагозите, наставниците и воспитувачите во извршување на нивните професионални задачи.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е претставен на 114 страници компјутерски обработен текст во А4 формат, со проред 1, фонт Arial и големина на букви 11. Напишан е на македонски јазик, со јасен и разбирлив стил, поткрепен со слики и табели кои ќе го олеснат учењето и разбирањето на предвидените содржини. Во учебникот се поместени и соодветни прилози кои се во функција на дообјаснување на конкретни тематски целини. Пописот на користена литература покажува дека авторката консултирала релевантни и актуелни извори кои го третираат проблемот на менторство и туторство во образованието. Учебникот е структуриран во десет тематски целини, кои содржински ја следат структурата на предметната програма.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите, согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Креирањето на учебникот е резултанта на реалната потреба од создавање на учебник по предметот Менторство и туторство. На Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на е-библиотека нема објавено учебник со ваков или сличен наслов. Во РС Македонија постои учебник насловен „Менторство“, објавен во 2010 година, но имајќи ги предвид поминатите години, брзите промени, новите практични искуства, резултатите од бројни истражувања поврзани со наведените феномени, како и предвидените содржини во предметната програма, учебникот Менторство и туторство претставува учебен извор

во кој се елаборирани тековните и современите трендови на феномените менторство и туторство.

Ракописот е напишан на оригинален начин, систематски е дизајниран, со почитување на правилото од едноставно кон сложено, што овозможува полесно усвојување, проширување и продлабочување на сознанијата од истиот. Авторката во ракописот презентира содржини кои ги насочуваат студентите кон нотирање и интегрирање на теоретските сознанија и на практичните искуства стекнати низ изучување на останатите педагошко-психолошки предмети застапени во студиската програма Педагогија.

Учебникот има и практична вредност. Истиот ќе биде значаен не само за студентите, туку и за нововработените лица во различни дејности, за постојните вработени и за сите останати субјекти кои имаат интерес за оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Во концепциска и содржинска смисла ракописот „*Менторство и туторство*“ е структуриран во десет тематски целини кои меѓусебно се надополнуваат и чинат една симбиотичка целина.

Во првата тематска целина насловена ***Менторство - идентификација, потреба и значење*** се разработени неколку базични прашања поврзани со феноменот менторство: определување на поимот – менторство и историски развој, значењето на менторството за севкупниот развој на индивидуата, нејзиниот личен, професионален и кариерен развој, придобивките од менторството за сите засегнати страни (менторираниот, менти, организацијата, заедницата, општеството). Во овој дел се дискутирани и пречките кои можат да се појават во менторскиот процес, како и начините и можностите за нивно надминување.

***Менторски однос*** е насловот на втората тематска целина. Авторката ја образложила комплексноста на менторскиот процес, факторите кои го условуваат, започнувајќи со образложување на комплексноста и на суптилноста на формирањето на менторска врска (од меѓусебно прифаќање на менторот и менторираниот, преку меѓусебно признавање како партнери, па сè до разделбата на крајот од менторскиот процес).

***Ментор, менти*** е насловот на третата целина. Во неа на систематичен начин се презентирани сознанијата кои се однесуваат на засегнатите страни во менторскиот процес, т.е. идентификувани се поимите ментор, менти, улогите кои ги имаат во тој менторски однос, нивните квалитети, одговорности и задачи кои ги остваруваат низ менторскиот процес.

Четвртата тематска целина е насловена ***Фази на менторскиот процес***. На мошне систематичен начин, авторката ги образложила етапите низ кои поминува менторскиот процес т.е. ги апсолвира; фазата на почеток на менторската врска во која се воспоставува првичната средба вообичаено именувана како - контакт на две непознати страни кои го започнуваат своето „патување“; фазата на подготовка или работна фаза; фазата на имплементација или акција која временски има најекстензивен карактер и во која постои активна улога на двете засегнати страни и последната фаза именувана како - фаза на финализација која означува условно кажано крај на менторската врска. Но, сепак како што ќе истакне авторката, секоја менторска врска е уникатна сама по себе, таа може да се прекине, но може и да прерасне во вистинско пријателство.

***Стилови на менторство*** е тематска целина во која се елаборирани различните стилови, т.е. комбинацијата од техники, вештини, ставови кои ги применува менторот во остварување на менторскиот однос со менторираниот. Елаборирани се најразлични стилови (предизвикувач, навивачки стил, стил на едукатор, креаторот на идеи конектор, ле се фер стил, релаксиран стил, активен стил, советодавен, стил на припишување, кооперативен, директивен, недирективен, тренерски, спонзорски стил) кои истражувачите ги детектирале низ своите проучувања. Посебно се дискутира и условеноста на применетите стилови од различните објективни, но пред сè од субјектни фактори.

Шестата глава го носи насловот ***Видови менторства***. Авторката ја елаборира синтагмата видови на менорстава со цел да укаже дека во менторскиот процес никогаш изолирано не се применува само еден вид на менторство, туку компилација на повеќе видови, во зависност од бројни фактори. Детално се образложени и различните видови на менторство имајќи ги предвид нормираноста, контекстот, партнерите,

бројот на учесниците во процесот и намената: традиционално менторство, формално, професионално менторство, ситуациско, надзорно, супервизиско, тимско менторство, еден на еден, групно менторство, врсничко менторство, флеш менторство, е-менторство, советодавно, практично менторство.

***Менторство во воспитно-образовниот систем во РС Македонија*** е насловот на седмата тематска целина во која се обработени неколку теми како: *менторството на наставниците, стручни соработници, приправници во основното и средно образование*. Авторката врз основа на анализа на бројни законски документи, прописи, правилници, упатства, упатува на начинот на реализација на менторскиот процес за време на приправничкиот стаж на споменативе лица, како и улогата, одговорностите кои ги имаат менторите во апликацијата на истиот. *Менторство во средното образование* е втората тема во која се елаборира менторството кое се реализира на крајот на средното образование, т.е. улогата на менторот во тој процес - *менторството на учениците за практична настава*, различните ментори, нивните задачи, улоги кои ги остваруваат во тој процес, согласно со Концепцијата за изведба на практичната настава, учење преку работа, особено во средното стручно образование; *менторство во високото образование* - се дава преглед на различните улоги кои ги имаат менторите во различните циклуси од високото образование; и *менторството и неговата функција во професионалниот развој* на воспитно-образовниот кадар.

Осмата тематска целина се однесува на ***Менторството во работните организации*** сфатено како облик на учење и вклучување на вработените во организациската култура на компанијата, т.е. процес кој му овозможува на вработениот да оствари личен, кариерен развој, развој насочен кон остварување на целите на компанијата, организацијата во која единката работи. И овде, авторката системски и постепено образложува клучни прашања поврзани со менторството во работните организации: идентификување на поимот и значењето на менторирањето, кој е менторот, улоги, одговорности, задачи за реализација, фази низ кои поминува процесот на менторирање во нив; видови на менторства во работните организации, придобивките од реализација на менторскиот процес за засегнатите страни.

Во тематската целина ***Туторство - идентификација, значење***, авторката упатува на улогата и значењето кое го има овој процес сфатен како дополнителна поддршка, насочена кон развој на вештини, способности од страна на поискусна личност, процес кој не е насочен кон предавање на конкретна содржина, но, подразбира помош на единката во сфаќањето и разбирањето на сопствениот процес на учење и поддршка во тој процес на учење, процес чија ефективноста во голема мера зависи од воспоставена клима на соработка, интеракција, комуникација, доверба, со посебен осврт на туторството во образованието. Презентирани се улогите задачите и одговорности на актерите во овој процес, тутор и тути, неговата апликација низ различните степени на образование, фазите низ кои поминува процесот, видовите туторства, како и придобивките од истиот. Во последниот дел од оваа целина авторката нуди можност за воочување на разликите во однос на различни параметри, на поими кои во секојдневието често се употребуваат како синоними: обука, тренинг, настава, менторство, туторство.

Последната тематска целина е насловена ***Комуникација во менторскиот процес и процесот на туторство.*** Со оглед на тоа дека менторскиот и туторскиот процес се, пред сè, интеракциско комуникациски процеси во кои се вклучени два или повеќе актери, авторката елаборира прашања поврзани со идентификацијата, текот, елементите на комуникацискиот процес, процесот на интеракција, видовите комуникација, со посебен акцент на интерперсоналната комуникација, како и условите за успешна комуникација помеѓу менторот и менти, туторот и тути.

Во делот ***Користена литература*** авторката наведува широк корпус на релевантни референци од домашни и странски автори, што упатува на заклучокот дека авторката ја познава суштината на овие феномени значајни за едукацијата на студентите, но и на заинтересираните за оваа проблематика.

Систематичноста, логичноста, едноставноста во креирање на содржините, разбирливоста, читливоста се карактеристики на понудениот ракопис. При неговата изработка почитуван е научниот стил на изразување, т.е користење на јасни, логички подредени прикази.

**ЗАКЛУЧОК**

Согласно со гореизнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Снежана Мирасчиева и проф. д-р Соња Петровска констатира дека ракописот за учебникот со наслов „Менторство и туторство" од авторката проф. д-р Снежана Јованова-Митковска е пишуван наменски и согласно со предметната програма за истоимениот предмет. Напишан е прегледно, систематски, концизно, со прецизна стручно-научна терминологија и се одликува со специфичен пристап во описот и поврзаноста на тематските целини.

Начинот на кој се третирани проблемите во приложениот ракопис во целост ги задоволува содржинските и дидактичко-методичките критериуми за универзитетски учебник.

Ракописот „Менторство и туторство" е наменет за студентите од студиската програма Педагогија на Факултетот за образовни науки и се однесува на теоретската едукација на студентите. Понудениот материјал обезбедува квантум на базични знаења од оваа област и предиктира исполнување на целите и задачите од предметната програма.

Учебникот „Менторство и туторство" ќе им биде од голема полза и на менторите и на нововработените лица во воспитно-образовните институции, работните организации, и на сите заинтересирани за сопствениот личен, професионален и кариерен развој.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме ракописот од авторката проф. д-р Снежана Јованова-Митковска да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Снежана Мирасчиева, редовен професор, с.р.**
**Д-р Соња Петровска, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ: ИЗБРАНИ ТЕМИ“ (Е-УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр. 2102-49/5 од 286. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на од 21.2.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Цане Котески, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип и
- д-р Златко Јаковлев, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување и доставување писмен извештај (рецензија) на ракописот (е-учебник) „ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ: Избрани теми“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Билјана Петревска, наменет за студентите од втор и трет циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот за е-учебник **„ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ: Избрани теми“** е компатибилен со наставната програма на група предмети од втор циклус студии од студиската програма Меѓународен туризам и тоа: Просторно и регионално планирање (2+2+1), Туристички вредности и одржлив развој (3+2+2) и Методи и техники за туристичка валоризација (2+2+1), како и предметот Туристичка валоризација од трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство. Сите наставни предмети се изучуваат на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за обем на ракописот**: Ракописот е напишан на А-4 формат со нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 336 страници, заедно со 48 различни прилози (19 табели, 11 графикони, 8 слики, 7 шеми и 3 карти) и користена литература од 168 библиографски единици.

Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број на часови и ги третира најважните интегрирани теми од горенаведените наставни предмети.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Според наши сознанија, авторите под ист наслови немаат објавено учебник за студените на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ракописот за кој се дава мислење е ново и прво издание.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во 3 дела, при што секој дел претставува посебна целина во согласност со наставната програма по предметите кои се погоре наведени. Секој дел се состои од поглавја, а на крајот поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и прашања за дискусија. Ракописот завршува со поширока

библиографија на користена литература од домашни и странски автори. Ракописот ги содржи следните 3 дела: 1. Планирање; 2. Валоризација и 3. Развој.

Првиот дел е насловен *Планирање* содржи 3 поглавја со вкупен обем од 202 страници, 11 графикони, 9 табели, 3 карти и 2 шеми. Во првото поглавје - *Просторно планирање* детално се елаборирани темите: општи карактеристики за простор и просторно планирање; општи детерминанти на просторното планирање; модели и концепти во просторното планирање; системи и приоди во просторното планирање; Фактори и елементи во просторното планирање; фази на изработка и видови на просторни планови; процес на планирање; и планирање на просторни планови во туризмот. Во второто поглавје - *Регионално планирање* се објаснети темите: општи карактеристики на регионот и регионализацијата; цели и критериуми во планирање на туристичка регионализација; содржини и видови туристички просторни целини; улогата на туризмот во развојот на неразвиени подрачја; типови региони; плански региони и регионален развој. Во овие теми сликовито се објаснуваат карактеристиките на регионалното планирање и неговата улога во планирањето на типови региони и планирањето на туристичките региони. Во третото поглавје - *Туристичко планирање* опширно и сликовито се објаснети сите карактеристики, целиот процес и другите специфики на туристичкото планирање, и тоа низ примена на примери на квантитативни и квалитативни методи и модели за планирање на туристичкиот развој.

Вториот дел е насловен *Валоризација* и содржи 2 поглавја со вкупен обем од 58 страници, 5 слики и 4 табели. Во првото поглавје - *Вредност - Валоризација* се изнесени обемни податоци за темите: наука, филозофија и технологија на вредност; поим и предмет на вредност - вреднување; туристичка вредност - валоризација; фактори, методи и критериуми на туристичка валоризација; човек, природа и туристичка валоризација на природни мотиви; општествено-економски вредности и туристичка валоризација на антропогени мотиви и примери на табели за туристичка вредност - валоризација. Во второто поглавје - *Методи и техники за туристичка валоризација* се презентирани теми за: теориски поставки за туристичка валоризација; методи и модели за туристичка валоризација и примери за туристичка валоризација (примери за валоризација на избрани ретко населени рурални простори и традиционални рурални куќи/целини од Северна Македонија и Србија и Охрид од аспект на одржлив развој).

Третиот дел е насловен *Развој* има едно поглавје од 53 страници, 5 табели, 5 шеми и 4 слики. Поглавјето *Одржлив развој* и обработува теми за концептот, историјата и основните карактеристики на одржливиот развој, врската со туризмот и заштитата на природата и животната средина. Обработени се е и теми за: индикатори за одржлив развој на туризмот, планирањето и улогата на државата, туристички развојни планови, туристичката сателитска сметка, и идни насоки за развој на одржлив туризам.

Авторите покажуваат стручно и научно познавање на третираната проблематика која е систематично презентирана во ракописот. Начинот на елаборирање и појаснување на избраните теми е јасен и пристапен. Оттука, концизното и експлицитното презентирање на оваа проблематика дава можност за користење на овој материјал не само за студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, туку и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ: Избрани теми“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Билјана Петревска претставува стручна публикација која опфаќа избрани теми во кои се презентирани најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент во делот на туристичката валоризација и одржливиот развој. Разработените содржини се во согласност со наставната програма на група предмети од втор и трет циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишан според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебникот е напишан со разбирлив стил за различни читатели, а најмногу за студените кои се занимаваат со истражување и изучување на туристичката валоризација и одржливиот развој. Учебникот може да го користи и широката читателска публика и сите кои пошироко го изучуваат туризмот.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ: Избрани теми“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Билјана Петревска да го прифати како УЧЕБНИК за потребите на група наставни предмети за студентите на втор циклус студии (студиска програма Меѓународен туризам) и трет циклус студии (студиска програма Туризам и угостителство), на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Цане Котески,** *редовен професор*,
**Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев,** *редовен професор,*
**Факултетот за туризам и бизнис логистика- Гевгелија**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата**

| **Билтен 3.4.2023 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 1. Граѓанското учество во креирањето на политиките на локално ниво преку моделот на Мој општинар | 1102-55/9 од 23.3.2023 год. | Проф. д-р Јован Ананиев | Вишна Ристовска Петров |
| | 2. Анализа на работењето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во текот на 2020 и 2021 година | 1102-55/10 од 23.3.2023 год. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Љубомир Илиевски |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | 3. Анализа и оптимизација на производствени процеси при добивање на мермерни блокови од аспект на техничко-технолошки решенија и пазарни услови | 1702-77/18 од 24.3.2023 год. | Проф. д-р Ристо Дамбов | Димитар Ристески |